# КАКО ДА ГО ТОЛКУВАМЕ СВЕТОТО ПИСМО

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2020

**КАКО ДА ГО ТОЛКУВАМЕ СВЕТОТО ПИСМО**
Автори: *Д-р Френк М. Хазел*
Број 2/2020

*Подготвува:*
Христијанска адвентистичка црква,
Одделение за саботна школа

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколската поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка обработка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Единственоста на Библијата.......................................... 7

2. Потеклото и природата на Библијата.......................... 14

3. Како Исус и апостолите гледале на Библијата? ........... 21

4. Библијата – авторитативен извор на нашата
теологија........................................................................28

5. Само Писмото – Sola Scriptura ....................................35

6. Зошто е потребно толкување? .....................................42

7. Јазикот, текстот и контекстот.......................................49

8. Создавањето: 1. Мојсеева како основа – 1. дел............56

9. Создавањето: 1. Мојсеева како основа – 2. дел............63

10. Библијата како историја ...............................................70

11. Библијата и пророштвото . ...........................................77

12. Справување со тешките текстови................................84

13. Од земскиот прав до ѕвездите .....................................91

**Додаток**

Утрински стихови - април ................................................ 98

Утрински стихови - мај......................................................99

Утрински стихови - јуни..................................................100

Секојдневно читање на Библијата ...................................102

Текстови за вечерно Богослужение .................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија ...............104



## ВОВЕД
## КАКО ДА ГО ТОЛКУВАМЕ ПИСМОТО?

Како адвентисти на седмиот ден, ние сме протестанти, а тоа значи дека веруваме во начелото „sola Skriptura“ – само Библијата како единствен авторитативен темел на нашата вера и учење. Тоа ќе биде особено значајно во последните денови кога, според пишувањето на Елена Вајт, „Бог на земјата ќе има свој народ кој ќе внимава на Библијата, и само на Библијата, како мерило на сите науки и темел на секоја реформа“ (*Големата борба*, стр. 595 оригинал).

Секако, ние не сме единствени меѓу протестантите кои се повикуваат на начелото „Библијата и само Библијата“ како основа на својата вера, меѓутоа многумина, кои истото тоа го тврдат, ги прифаќаат и таквите верувања како што се: неделата како новозаветна замена за седмиот ден – сабота, бесмртноста на душата, вечното мачење во пеколот за изгубените, па дури и „тајно вознесување“ кога Исус, наводно, тивко и потајно доаѓа на земјата и ги одведува спасените, додека сите останати се оставени да се прашуваат како тие луѓе можеле да исчезнат.

Со други зборови, едно е да се има Библијата и да се тврди дека веруваме во неа – колку и да е тоа важно. Но, како што покажува ширењето на лажните учења (кои наводно сите се изведени од Писмото), потребно е да знаеме и како правилно да ја толкуваме.

Оттаму произлегува и темата на библиската поука за возрасни за ова тримесечје: „Како да го толкуваме Светото писмо“. Во неа тргнуваме од претпоставката дека Светото писмо, како Божја реч, е „непогрешно откровение на Неговата волја“, а исто така и „мерило на карактерот, тест за искуствата, меродавен толкувач на доктрините и верен запис за Божјите дела во историјата“ (*Христијаните адвентисти веруваат*... стр. 11 ориг.). Накратко, Светото писмо е основен извор на вистините во кои веруваме и кои му ги објавуваме на светот. Или, како што самата Библија вели: „Целото Писмо е од Бога вдахновено и е полезно за поука, за изобличување, за поправање и за воспитување во правдата“ (2. Тимотеј 3,16). „Целото Писмо“, секако, го подразбира токму тоа – целокупното Писмо – дури и оние делови кои можеби не ни се допаѓаат, кои лично нè погодуваат, но и оние – да се послужиме со современиот речник – кои не се „политички коректни“.

Од оваа појдовна точка, ќе испитаме на кој начин Библијата сама нè учи како да ја толкуваме. Односно, наместо најпрво да побараме надворешни библиски извори како што се науката, филозофијата, исто-

ријата (кои, кога правилно се користат, можат да бидат вистински благослов), ние настојуваме во самите библиски текстови да ги пронајдеме клучевите кои ги откриваат големите вистини на нејзините свети страници. Се вели „зашто никогаш пророштвото не дошло од човечка волја, туку светите Божји луѓе зборувале носени од Светиот Дух" (2. Петрово 1,21). И ние навистина веруваме дека во она што „светите Божји луѓе (го) зборувале" се наоѓаат клучевите кои можат да ни помогнат да ја протолкуваме Божјата Реч.

На пример, како Павле и останатите новозаветни писатели го толкувале Стариот завет? Ако она што го пишувале било од Бога вдахновено, тогаш несомнено начинот на кој тие го читале и толкувале Писмото е пресудно важен и ни помога да научиме и ние тоа да го правиме. Како самиот Исус го користел и толкувал Писмото? Нема да најдеме подобар пример од Исуса, кога станува збор за тоа како треба да се чита Библијата.

Во исто време, ќе ги разгледаме сопствените претпоставки, водејќи сметка за контекстот, јазикот, културата, историјата и за нивното влијание на нашето читање и разбирање на Божјата Реч. Како треба да ги толкуваме параболите, пророштвата, светата историја, опомените, славопоите, пророчките визии и сonишта – цел спектар на вдахновени списи кои ги наоѓаме во Светото писмо?

Ова тримесечје ќе побараме одговор на овие но и на многу други прашања, бидејќи – како што ни покажуваат учењата за вечните маки и светоста на неделата – верувањето во Библијата само по себе не е доволно. Мораме да научиме и како да ја толкуваме.

*Д-р Френк М. Хазел е соработник директор на Институтот за изучување на Библијата при Генералната конференција на Адвентистите на седмиот ден. Д-р Мајкл Г. Хазел е професор по религија на Јужниот адвентистички универзитет, директор на Институтот за археологија и управник на Археолошкиот музеј „Лин Х. Вуд".*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 1**
**Од 28 март до 3 април 2020**

# ЕДИНСТВЕНОСТА НА БИБЛИЈАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 32,45-47; 1. Мојсеева 49,8-12; Исаија 53,3-7; 1. Коринќаните 15,3-5.51-55; Римјаните 12,2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Твоето слово е светилка на мојата нога и светлина на мојата патека“ (Псалм 119,105).**

Составена од 66 книги, пишувана во период од над 1500 години, на три континенти (Азија, Африка и Европа), од страна на четириесет и повеќе автори – Библијата е единствена. Нема ниту една друга книга, света или религиозна, која е како неа. А не е ни чудо. На крајот на краиштата, таа е Божја Реч.

Сочувани се повеќе од 24.600 новозаветни ракописи од првите четири века по Христа. Од друга страна, од оригиналните ракописи на Платон, постојат седум, од Херодот осум, а од Хомеровата Илијада нешто повеќе од 263 преостанати преписи. Според тоа, имаме моќни докази во прилог на веродостојноста на новозаветниот текст.

Колку што се знае, Библијата е првата книга која е преведувана, прва книга на Западот која излегла од печатарската преса, и прва книга која е распространета на толку многу јазици што речиси 95 проценти од светската популација може да ја чита.

Библијата исто така е единствена и по својата содржина и порака, сосредоточена на Божјите откупителски дела во историјата. Таа историја е испреплетена со пророштвото, откривајќи ги Божјите планови во врска со иднината и Неговото вечно царство. Тоа е жива Божја Реч, бидејќи истиот Божји Дух, со кој Писмото е вдахнато (2. Тимотеј 3,16.17), ни е ветен и нам, на денешните верници, да нѐ упати во сета вистина додека ја проучуваме (Јован 14,16.17; 15,26; 16,13).

## БОЖЈАТА ЖИВА РЕЧ

Често најважни зборови се токму последните зборови што некоја личност ќе ги изговори. Мојсеј, писателот на првите пет книги во Библијата, непосредно пред својата смрт изговара песна пред народот (5. Мојсеева 31,30-32,43).

**Како Мојсеј ја опишува Божјата реч и нејзината сила во животот на Евреите пред самото влегување во Ветената земја? (5. Мојсеева 32,45-47)**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Последните зборови на Мојсеј содржат силна опомена. Насочувајќи го срцето на народот кон зборовите што Господ ги проговорил преку него, Мојсеј сакал да им нагласи дека во центарот на вниманието секогаш треба да им биде Бог и Неговата волја за нивниот живот. Учејќи ги своите деца на овие зборови, секоја генерација требало да го пренесува понатаму Божјиот заветен план на спасение. Забележете дека не требало сами да ги бираат зборовите, туку да ги слушаат и да ги исполнуваат „сите зборови од овој Закон'" (5. Мојсеева 32,46).

На крајот од овоземната историја, Бог ќе има еден народ кој ќе остане верен на целото Писмо, што значи дека ќе ги држи Божјите заповеди и ќе ја има Исусовата вера (Откровение 12,17). Тој народ ќе остане верен на учењата на Библијата, бидејќи тие не само што обезбедуваат побогат живот на земјата, туку и вечен живот во домот кој Исус го подготвува за нас (Јован 14,1-3).

**Прочитајте Јован 1,1-5.14; 14,6. Што можеме да научиме од овие текстови во врска со Исус и вечниот живот? Како Божјата Реч, која станала тело, е поврзана со откровението и вдахновеноста на Писмото?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус е центарот и целта на целокупното Писмо. Неговото доаѓање во тело како Месија било исполнување на старозаветните ветувања. Затоа што Тој живеел и умрел, и затоа што повторно живее, ние ја имаме не само потврдата на Писмото туку и нешто уште подобро – големо ветување за вечен живот во еден потполно нов свет.

**Повторно прочитајте го текстот 5. Мојсеева 32,47. На кој начин и сами сте ја доживеале вистинитоста на тврдењето дека послушноста на Писмото „не се за вас празни зборови"? Зошто верата во Бога и послушноста на Неговата Реч никогаш не се залудни?**

## КОЈ ЈА ПИШУВАЛ БИБЛИЈАТА И КАДЕ?

Мноштво автори од разни места и различно опкружување даваат уникатно сведоштво за тоа дека Бог дејствува така што на луѓето им ја открива историјата и им ја соопштува пораката која културолошки е исто толку разновидна колку и публиката на која ѝ е наменета.

**Што ни кажуваат следните текстови за библиските писатели и нивното опкружение? (2. Мојсеева 2,10; Амос 7,14; Еремија 1,1-6; Даниел 6,1-5, Матеј 9,9; Филипјаните 3,3-6; Откровение 1,9).**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Библијата ја пишувале луѓе со различни општествени заднини и под различни околности. Некои пишувале во палати, други во затвор, некои во прогонство, некои во текот на своите мисионерски патувања на кои го ширеле евангелието. Тоа биле луѓе со различно образование и разни занимања. Некои, како Мојсеј, биле подготвувани да владеат, или како Даниел, да служат на високи положби. Други биле обични пастири. Некои биле сосема млади, а други доста стари. Но, и покрај тие разлики, сите имале едно нешто заедничко – Бог ги повикал, а Светиот Дух ги вдахнал да ги запишат пораките за Божјиот народ, без оглед на тоа кога и каде живееле.

Некои од писателите биле и сведоци на настаните за кои известувале. Други внимателно и лично ги испитувале настаните или постоечките документи (Исус Навин 10,13, Лука 1,1-3). Меѓутоа, сите делови на Библијата се вдахновени (2. Тимотеј 3,16). Од таа причина Павле пишува: „Сè што е напишано... напишано ни е нам за поука, за да имаме надеж преку... утехата од Писмата“ (Римјаните 15,4). Бог, кој го создал човечкиот говор, оспособува одбрани поединци со сопствени зборови да ги изразат вдахновените мисли на веродостоен и верен начин.

„Бог со задоволство својата вистина му ја соопштува на светот преку човечки суштества, и Тој лично, со посредство на Светиот Дух, ги подготвувал и ги оспособувал луѓето да го извршуваат Неговото дело. Тој го водел умот во изборот на она што требало да се каже и да се напише. Тоа богатство им било доверено на земени садови, но сепак тоа потекнува од небото“ (Ellen G. White, *Selected Messages*, кн. 1, стр. 26).

**Толку многу различни писатели, во толку многу различни контексти, а сепак сите го откриваат истиот Бог. Како таа восхитувачка вистина ни помага да се увериме во вистинитоста на Божјата Реч?**

## БИБЛИЈАТА КАКО ПРОРОШТВО

Библијата е единствена меѓу другите познати религиски дела по тоа што дури 30 проценти од нејзината содржина се состои од пророштва и пророчка литература. Спојот на пророштва и нивното исполнување во времето е главна одлика на библискиот поглед на светот, бидејќи Бог кој дејствува во историјата ја познава иднината и им ја открива на своите пророци (Амос 3,7). Библијата не е само жива Реч и историска Реч – таа е и пророчка Реч.

**На кој начин следните текстови откриваат детали за доаѓањето на Месија?**

**1. Мојсеева 49,8-12** ________________________________________

**Псалм 22,12-18** ________________________________________

**Исаија 53,3-7** ________________________________________

**Даниел 9,2-27** ________________________________________

**Михеј 5,2** ________________________________________

**Малахија 3,1** ________________________________________

**Захарија 9,9** ________________________________________

Постојат барем шеесетина директни пророштва за Месија во Стариот завет, а уште многу повеќе ако ја додадеме и типологијата (учењето дека одредени ритуали, како што е принесување на жртви, претставуваат мини пророштва за Исус). Тие пророштва навлегуваат во најситните детали и откриваат дека „нема да се одземе жезолот од Јуда“ (1. Мојсеева 49,10), дека Тој ќе се роди во Витлеем во Јудеја (Михеј 5,2), дека ќе биде „презрен и отфрлен меѓу луѓето“, дека ќе биде тепан, лажно обвинет, а сепак нема да отвори уста во своја одбрана (Исаија 53,3-7), дека рацете и нозете ќе Му бидат прободени и дека Неговата облека ќе ја делат меѓу себе (Псалм 22,12-18).

Фактот дека тие старозаветни пророштва се исполниле со таква прецизност во Исусовиот живот, како и при Неговата смрт и при воскресението, сведочи за нивната божествена вдахновеност и откровение. Тоа исто така укажува дека Исус бил Оној за кого се претставувал, како што и другите тврделе за Него. Исус се држел до старите пророци, наведувајќи пророштва поврзани за Неговата смрт и воскресение (Лука 9,21.22; Матеј 17,22.23), падот на Ерусалим (Матеј 24,1.2) и Неговото второ доаѓање (Јован 14,1-3). Според тоа, Библијата го предвидела Неговото отелотворување, смрт и воскресение, а остварувањето на тие настани за возврат ја потврдува нејзината веродостојност.

**На кои сè причини можете да се сетите а ја поткрепуваат вашата вера во Исуса и Неговата смрт за нас? Зборувајте за тоа во сабота во својата класа и поставете го прашањето: Зошто тие докази се толку убедливи?**

## БИБЛИЈАТА КАКО ИСТОРИЈА

Библијата е единствена кога ќе се спореди со останатите „свети" книги бидејќи е заснована на историјата. Тоа значи дека таа не содржи само филозофски размислувања на некое човечко суштество (како што се Конфучиј или Буда), туку ги бележи Божјите дела во историјата кои водат кон одредена цел. Што се однесува до Библијата, тие цели се: 1) ветувањето за Месија, и 2) Исусовото второ доаѓање. Таквото прогресивно сфаќање на историјата е специфично за јудеохристијанската вера, за разлика од цикличното сфаќање кое е карактеристично за многу други светски религии, од древниот Египет до модерните источни религии.

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,3-5.51-55; Римјаните 8,11 и 1. Солуњаните 4,14. Што нѐ учат овие текстови не само за Христовото воскресение како историски факт туку и за значењето кое тоа го има за нас лично?**

____________________________________________________________________

Четирите Евангелија и Павловите списи сведочат дека Исус умрел, бил погребан, дека во тело станал од мртвите и се покажал пред различни луѓе. Тоа го потврдиле очевидците кои Го положиле во гробот, а подоцна го затекнале тој гроб празен. Сведоците го допирале Исуса и Тој јадел со нив. Марија Магдалена, Марија (Исусовата мајка) и други жени Го виделе како воскреснат Христос.

Некои ученици разговарале со Него на патот за Емаус. Исус се појавил пред своите ученици за да им го упати Големиот евангелски налог. Павле пишува дека нашето проповедање и нашата вера се „залудни" (1. Коринќаните 15,14) ако се отфрли тоа сведочење на Писмото. Други преводи велат дека нашата вера, во тој случај, е „напразна" или „бескорисна". Учениците тврдат: „Господ навистина воскресна" (Лука 24,34). Грчкиот израз *ontos* („навистина") се однесува на нешто што навистина се случило. Тој се преведува со зборовите „вистински" „сигурно", или „навистина". Според тоа, учениците сведочат: „Господ навистина воскресна!"

Исто така, Христос е претставен и како „првина" (1. Коринќаните 15, 20) од сите кои умреле. Историскиот факт дека Христос во тело станал од мртвите и дека и денес е жив, претставува гаранција дека и оние кои веруваат во Него исто така ќе бидат подигнати од мртвите. Сите праведни „во Христос... ќе бидат оживеани" (1. Кор. 15,22). Изразот што се користи овде подразбира иден чин на создавање, кога оние „кои се Христови" (SSP), односно оние кои ќе му останат верни, ќе станат „при Неговото доаѓање" (1. Кор. 15,23), „на последната труба" (1. Кор. 15,52).

**Зошто ветувањето за воскресението има толку пресудна важност за нашата вера, особено со оглед на нашето сфаќање дека мртвите спијат. Зошто, без тоа, нашата вера навистина би била „залудна'?**

## ПРЕОБРАЗУВАЧКАТА СИЛА НА РЕЧТА

**Прочитајте 2. Царевите 22,3-20. Што го навело царот Јосија да ја раскине својата облека? Како неговото откритие го променило не само него туку и целиот јудејски народ?**

______________________________________________________________________

Во 621 година пред Христа, кога Јосија имал околу 25 години, првосвештеникот Хелкија ја пронашол „книгата на Законот", што можело да се однесува на првите пет Мојсееви книги, или конкретно на 5. Книга Мојсеева. За време на владеењето на неговиот татко Амон и неговиот многу лош дедо Манасија, тој свиток бил загубен среде поклонувањето на Вал, Астарота и „на сета небесна војска" (2. Царевите 21,3-9). Кога ги слушнал условите на заветот, Јосија ја искинал својата облека, крајно вознемирен, бидејќи сфатил колку тој и неговиот народ се оддалечиле од служењето на вистинскиот Бог. Веднаш започнал реформа во целата земја, уривајќи ги незнабожечките олтари на високи места и уништувајќи ги киповите на туѓите богови. Кога завршил, во Јудеја преостанало само едно место за богослужение – Божјиот храм во Ерусалим. Откривањето на Божјата реч довела до осведочување, покајание и сила за промена. Таа промена започнала со Јосија и се проширила на остатокот од јудејскиот народ.

**На кој начин Библијата нè уверува дека поседува сила да го промени нашиот живот и да ни го покаже патот на спасението? Прочитајте Јован 16,13, Јован 17,17, Евреите 4,12, и Римјаните 12,2.**

______________________________________________________________________

Едно од најубедливите сведоштва во врска со силата на Библијата е променетиот човечки живот. Речта е таа која проникнува во суштината на човечкиот грев и расипаност, откривајќи ја вистинската човечка природа и нашата потреба за Спасителот.

Една толку посебна книга како што е Библијата, заснована на историјата, проникната со пророштва и способна да го преобрази човечкиот живот, мора и да се толкува на посебен начин. Не можеме да ја толкуваме како секоја друга книга, бидејќи живата Божја реч мораме да ја разбереме во светлината на живиот Христос, кој ветил дека ќе го испрати својот Дух да нè упати „во сета вистина" (Јован 16,13). Оттука, Библијата, како откровение на Божјата вистина, мора да содржи сопствени внатрешни принципи на толкување. Тие принципи можеме да ги пронајдеме кога проучуваме на кој начин библиските писатели го користеле Писмото и како тоа ги водело во толкувањето на сопствените пораки.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борба* од Елена Вајт прочитајте го поглавјето „Библијата – наша заштита“, стр. 593 – 602 ориг., а во книгата *Копнежот на вековите* прочитајте го поглавјето под наслов „Да не се плаши вашето срце“, стр. 662 – 680 ориг.

„Во својата Реч (Библијата) Бог ни дал сознание потребно за спасение. Ние Светото писмо треба да го примиме како сигурно и непогрешно откровение на неговата волја. Тоа е мерило на карактерот, правило на верата и животот“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 9 ориг).

Многумина умреле затоа што ја издигнувале Божјата реч и ѝ останувале верни. Еден од нив бил и д-р Роланд Тејлор, англиски парох, кој за време на владеењето на „крвавата“ Мери се спротивставил на наметнувањето на католичката миса во неговата парохија Хедли во Англија. Бидејќи бил исфрлен од црквата и исмеан поради својата приврзаност кон Писмото, тој се обратил лично до бискупот од Винчестер, лордот канцелар на Англија, но тој го фрлил во затвор и на крај го испратил на клада. Непосредно пред својата смрт, во 1555 година, ги изговорил следните зборови: „Добри луѓе! Не ве учев на ништо друго, освен на Божјата света Реч, и тоа на оние поуки коишто и самиот ги извлеков од Божјата благословена книга – светата Библија. Денес дојдов овде тоа да го запечатам со мојата крв“ (John Foxe, *The New Foxe's Book of Martyrs, rewritten and updated by Harold J. Chadwick* /North Brunswick, NJ: Bridge-Logos Publishers, 1997/, стр. 193). Пред да се разгори огнот и да му го одземе животот, се слушнало како Тејлор го рецитира 51. псалм.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кој начин пророштвата го потврдуваат божественото потекло на Библијата? Како неговото исполнување се утврдува во нашата вера?**

**2. Во врска со прашањето на крајот од отсекот за вторник, зошто доказите во прилог на тоа дека Исус е Месија се толку силни?**

**3. Исус и апостолите покажале непоколеблива вера во верноста и божествениот авторитет на Светото писмо. На пример, колку пати и сам Исус се повикувал на Писмото и на фактот (често во врска со Него самиот) дека Писмата мораат да се „исполнат“? (Види, на пример, Матеј 26,54.56; Марко 14,49; Лука 4,21; Јован 13,18; Јован 17,12). Затоа, ако сам Исус толку сериозно ја сфаќал Библијата (во Неговиот случај тоа бил Стариот завет), инсистирајќи посебно на тоа дека пророштвата мораат да се исполнат, каков тогаш би требало да биде нашиот став кон оваа вдахновена книга?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 2**
**4 – 10 април 2020**

# ПОТЕКЛОТО И ПРИРОДАТА НА БИБЛИЈАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Петрово 1,19-21; 2. Тимотеј 3,16.17; 5. Мојсеева 18,18; 2. Мојсеева 17,14; Јован 1,14; Евреите 11,3.6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа и непрестано Му благодариме на Бога, зашто, откако го примивте словото Божјо од нас, го примивте не како слово човечко, туку – како што е – слово Божјо, кое и дејствува во вас, кои верувате.“ (1. Солуњаните 2,13).**

Начинот на кој го согледуваме потеклото и природата на Писмото во голема мера одредува каква улога Библијата има во нашиот живот и во животот на црквата како целина. Како ја толкуваме Библијата во значителна мера е обликувано под влијание на нашето сфаќање на процесот на откровение и вдахновеност. Кога сакаме правилно да го разбереме Писмото, најпрво треба да дозволиме Библијата да ги постави основните параметри во согласност со кои треба да се однесуваме кон неа. Не можеме да поучуваме математика со помош на емпириските методи кои се користат во биологијата или социологијата. Не можеме да ја проучуваме физиката со истите средства кои служат за проучување на историјата. Слично на тоа, духовните вистини на Библијата не можеме правилно да ги запознаеме и да ги согледаме со помош на атеистичките методи, кои на Библијата ѝ пристапуваат како Бог да не постои. При толкувањето на Писмото, треба сериозно да се земе предвид божествено-човечката димензија на Божјата реч. Затоа, за правилно да го толкуваме Писмото нам ни е потребно кон Библијата да пристапиме со вера, наместо со методолошки скептицизам и сомнеж.

Оваа седмица ќе разгледаме некои основни аспекти на потеклото и природата на Библијата кои би требало да влијаат на тоа како да ја толкуваме и разбереме.

# БОЖЕСТВЕНОТО ОТКРОВЕНИЕ НА БИБЛИЈАТА

**Прочитајте 2. Петрово 1,19-21. Како Петар го изразува своето убедување во врска со библиската пророчка порака?**

______________________________________________________________

Библијата не е слична со ниту една друга книга. Според апостол Петар, пророците биле поттикнати од Светиот Дух така што содржината на нивната порака потекнувала од Бога. Тие не ја измислиле сами. Наместо да биде слична „измислени приказни" (2. Петрово 1,16), пророчката порака на Библијата има божествено потекло и затоа е вистинита и веродостојна. „Светите Божји луѓе зборувале поттикнати од Светиот Дух" (2. Петрово 1,21). Бог бил на дело во процесот на откровение, кога на одбрани луѓе им ја објавувал својата волја.

Директната вербална комуникација меѓу Бога и одредени човечки суштества е непобитен факт на Светите списи. Затоа, Библијата има посебен, божествен авторитет, и ние во своето толкување на Писмото треба да гоземеме предвид тој божествен елемент. Бидејќи нашиот свет Бог е нивен конечен автор, библиските книги соодветно се наречени „Свети писма" (Римјаните 1,2; 2. Тимотеј 3,15).

Инаку, Светото писмо е дадено и од практични причини. Тоа е „полезно за поука, за изобличување, за поправање и за воспитување во правдата, за да биде Божјиот човек совршено подготвен за секое добро дело" (2. Тимотеј 3,16.17).

Освен тоа, потребна ни е помошта од Светиот Дух за да можеме во својот живот да го примениме она што Бог ни го открил во својата Реч. Според апостол Петар, толкувањето на божествено откриената Божја Реч не е работа на нашето сопствено мислење. За да можеме правилно да го разбереме нејзиното значење, нам ни се потребни Божјата Реч и Светиот Дух.

Писмото исто така вели: „Господ Бог не прави ништо а да не им ги открие своите намери на своите слуги - пророците" (Амос 3,7). Библиските изрази за „откровение" (во своите различни облици) ја изразуваат мислата дека нешто, што претходно било скриено, сега е обелоденето или разоткриено и на тој начин станува познато и видливо. Нам, како на човечки суштества, потребно ни е такво разоткривање или откровение, бидејќи сме грешни и одвоени од Бога поради нашиот грев, и затоа зависиме од Него за да ја спознаеме Неговата волја.

**Доволно е тешко да се послуша Библијата дури и кога веруваме во нејзиното божествено потекло. Што би се случило кога би почнале да се сомневаме или да го доведуваме во прашање тоа божествено потекло?**

## ПРОЦЕСОТ НА ВДАХНОВЕНИЕ

Со оглед на тоа дека Бог го користи говорот како средство преку кое ја открива својата волја на човекот, божественото откровение може да се запише. Но, како што веќе видовме, Библијата е резултат на фактот дека Бог ни ја открива вистината пред дејствувањето на Светиот Дух, кој ја пренесува и штити својата порака со помош на човечките орудија. Тоа е причината што можеме да очекуваме суштинско тематско единство, кое навистина и го гледаме во целокупното Писмо, од 1. Мојсеева  до Откровението (на пример, споредете го текстот 1. Мојсеева 3,14.15 со текстот Откровение 12,17).

**Прочитајте 2. Петрово 1,21; 2. Тимотеј 3,16 и 5. Мојсеева 18,18. Што ни кажуваат овие текстови за вдахновеноста на Писмото?**

Сето Писмо е божествено вдахновено, и покрај тоа што не сите делови се подеднакво инспиративни за читање, дури и задолжително применливи на нас денес (на пример, исечоците кои се однесуваат на еврејските празници се вдахновени, иако денес не се бара од нас да ги празнуваме). Сепак, ние треба да го проучуваме целото Писмо, дури и оние делови кои не е лесно да се читаат и да се разберат, или кои не се посебно применливи во наше време.

Исто така, треба да забележиме дека сѐ што е во Библијата запишано не било директно или натприродно откриено. Понекогаш Бог ги користел библиските писатели кои внимателно истражувале некој предмет или ги користеле постоечките документи (види Исус Навин 10,13; Лука 1,1-3) за да ја пренесат Неговата порака.

Сепак, целото Писмо е вдахновено (2. Тимотеј 3,16). Поради тоа Павле тврди: „Навистина, сѐ што е напишано некогаш, напишано ни е нам за поука, за да имаме надеж преку трпението и преку утехата од Писмата“ (Римјаните 15,4).

„Библијата кажува дека Бог е нејзин автор, па сепак, неа ја пишувале човечки раце. Стилот на нејзините разновидни книги носи обележје на своите автори. Сите вистини што се откриени во нив 'се инспирирани од Бога' (2. Тимотеј 3,16), иако се изразени со човечки зборови“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 7 оригинал).

**Денес има проучувачи на Библијата кои го негираат божественото авторство над многу делови на Библијата, дури и до таа мера што многу клучни учења, како што се Создавањето, Излегувањето од Египет, воскресението – се негираат. Зошто е до пресудна важност да не ја отвораме таа врата – дури ни за момент? На крајот на краиштата, зар ние треба да донесуваме суд за Божјата Реч?**

## ПИШАНАТА БОЖЈА РЕЧ

**„Запиши ги овие зборови - му рече Господ на Мојсеја - зашто тие се основи врз кои склучив Завет со тебе и со Израел“ (2. Мојсеева 34, 27). Зошто Господ барал од Мојсеја да ги запише тие зборови наместо само да ги изговори пред народот? Која е очигледната предност на пишаната Реч?**

Бог, кој зборува и кој го создал човечкиот јазик, оспособува одбрани луѓе да ја пренесуваат божествено откриената вистина и божествено вдахновените мисли на веродостоен и сигурен начин. Оттука, не нè чуди што наоѓаме дека Бог навистина рано им заповедал на библиските писатели Неговите упатства и откровенија да ги изнесат во пишан облик.

**Што можеме да научиме од следните текстови за пишаното откровение?**

**2. Мојсеева 17,14; 24,4** ________________________________________

____________________________________________________________

**Исус Навин 24,26** ___________________________________________

____________________________________________________________

**Еремија 30,2**_______________________________________________

____________________________________________________________

**Откровение 1,11.19; 21,5; 22,18.19**___________________________

____________________________________________________________

Зошто Бог заповедал Неговите откровенија и вдахновени пораки да бидат запишани. Одговорот е очигледен – за да не ги заборавиме толку лесно. Пишаните зборови на Библијата се постојана референтна точка која нè упатува на Бога и Неговата волја. Пишаниот документ обично може да биде подобро сочуван и многу поверодостоен од устените пораки, кои постојано мораат да се повторуваат. Пишаната Реч, која секогаш одново може да се препишува, подостапна е за поголем број луѓе отколку само да биде изговорена. Во крајна линија, ние можеме да зборуваме на ограничен број луѓе во исто време и на исто место, но она што е запишано може да дојде до безброј читатели на многу различни локации и континенти, па дури може да биде и благослов за многу подоцнежни генерации. Дури и луѓето, кога не се во состојба сами да читаат, други можат гласно да им прочитаат некој пишан документ.

## ПАРАЛЕЛА МЕЃУ ХРИСТА И ПИСМОТО

**Прочитајте Јован 1,14; 2,22; 8,31.32 и 17,17. Кои паралели ги гледате меѓу Исуса, отелотворената Божја Реч, и Светото писмо, пишаната Божја Реч?**

______________________________________________________________

Постои паралела меѓу Божјата Реч која станала тело (т.е. Исус Христос), и пишаната Божја реч (т.е. Светото писмо). Токму како што Исус бил зачнат од Светиот Дух а сепак роден од жена, така и Светото писмо има натприродно потекло но е дадено преку човечките суштества.

Исус Христос станал човек во времето и просторот. Живеел во одредено време и на одредено место. Сепак, тој факт не го негира Неговo божество, ниту пак го прави историски условено. Исус е единствениот Откупител за сите луѓе насекаде во светот и во сите времиња (види Дела 4,12). Исто така, Божјата пишана Реч е дадена во посебно време и во посебна култура. Токму како и Исус Христос, Библијата не е временски условена, т.е. ограничена на посебно време и место, туку и понатаму ги обврзува сите луѓе ширум светот.

Кога Бог се открил себеси, Тој се спуштил на човечко ниво. Исусовата човечка природа ги покажувала сите обележја на човечките слабости и влијанија на речиси 4000 години постојано влошување. Но, Тој, сепак бил без грев. Исто така, јазикот на Писмото е човечки јазик – не некој „совршен, натчовечки" јазик што никој не го разбира. Иако секој јазик има свои ограничувања, Создателот на човештвото, кој е Создател на човечкиот говор, совршено е способен на доверлив начин да им ја соопшти својата волја на човечките суштества без никакво залажување.

Секако, секое споредување има свои граници. Исус Христос и Светото писмо не се идентични. Библијата не е само Божје отелотворување. Бог не е книга. Бог во Исуса Христа станал човек. Ние ја сакаме Библијата затоа што го обожаваме Спасителот објавен на нејзините страници.

Библијата е единствена и нераздвојна божествено-човечка врска. Елена Вајт тоа јасно го сфатила кога напишала: „Библијата, со своите од Бога дадени вистини, изразени со човечки јазик, претставува соединување на божественото со човечкото. Такво соединување постоело и во Христовата природа, зашто Христос бил и син Божји и син човечки. Така, за Библијата може да се каже истото што е напишано за Христа: 'Речта стана тело и се настани меѓу нас' (Јован 1,14)" (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 8 оригинал).

**Зошто Писмото мора да биде во основата на нашата вера? Ако не е Писмото, каде би биле?**

## РАЗБИРАЊЕ НА БИБЛИЈАТА СО ВЕРА

**Прочитајте Евреите 11,3.6. Зошто верата има клучна улога во разбирањето на Бог и Неговата реч? Зошто без вера не е можно да му се угоди на Бога?**

___

Секое вистинско учење се одвива во контекст на верата. Токму довербата која детето ја има во своите родители му овозможува да дознава нови работи. Односот полн со доверба е токму она што го наведува детето да ги спознае основните аспекти на животот и љубовта. Знаењето и разбирањето, според тоа, произлегува од односот на доверба и љубов. Во истата смисла, добриот музичар изведува музичко дело на вистински начин тогаш кога, освен совладаните извонредни технички вештини со помош на кои свири на својот инструмент, покажува и љубов кон таа музика, кон композиторот и инструментот. Така и ние можеме на правилен начин да ја разбереме Библијата ако не ѝ пристапуваме со скептичен и критички став (со методолошко сомневање), туку во духот на љубовта и верата. Апостол Павле пишува: „А без вера не е можно да Му се угоди на Бога; бидејќи оние кои доаѓаат кај Бога, треба да веруваат дека Тој постои и дека ги наградува оние што Го бараат“ (Евреите 11,6). Според тоа, неопходно е кон Библијата да пристапуваме со вера, признавајќи го нејзиното натприродно потекло, наместо на неа да гледаме како на обична човечка книга.

Христијаните адвентисти јасно го изразиле тој увид во натприродното потекло на Писмото во рамките на првото основно верување на Адвентистичката црква на седмиот ден, кое гласи: „Светото писмо – Стариот и Новиот завет – е пишана Божја Реч дадена под Божјо вдахновение. Вдахновените автори зборувале и пишувале онака како што ги водел Светиот Дух. Во оваа Реч, Бог му доверил на човештвото знаење кое е неопходно за спасение. Светото писмо е врвно, авторитативно и непогрешно откровение на Неговата волја. Тоа е мерило на карактерот, тест на искуството, авторитативен толкувач на доктрините и веродостоен извештај за Божјето дејствување во историјата“ (Псалм 119,105; Мудри изреки 30,5.6; Исаија 8,20; Јован 17,17; 1. Солуњаните 2,13; 2. Тимотеј 3,16.17; Евреите 4,12; 2. Петрово 1,20.21).“

**Што им недостасува на луѓето во нивното разбирање на Библијата, доколку не ѝ пристапат од гледна точка на верата? Зошто тоа не е слепа вера? Односно, кои добри причини ги имаме за да веруваме, и зошто верата сепак е неопходна кога се занимаваме со библиските вистини?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните теми од документот: „Методи на проучување на Библијата“; „2. Претпоставки кои произлегуваат од тврдењето на Светото писмо“, под а) Потеклото, и под б) Авторитетот. (Текстот „Методи на проучување на Библијата“ може да се најде на веб-страницата: https://www.adventisti.net/metode-proucavanja-biblije/ /на српски јазик/).

Иако е од пресудна важност за нашата вера, Библијата сама по себе не би имала вистинска духовна вредност за нас, кога Светиот Дух не би влијаел на нашето срце и на нашиот ум додека ја читаме и проучуваме.

„Во својата Реч (Библијата) Бог ни дал сознание потребно за спасение. Ние Светото писмо треба да го примиме како сигурно и непогрешно откровение на неговата волја. Тоа е мерило на карактерот, правило на верата и животот... Иако Бог му ја открил својата волја на човекот во својата Реч, тоа не ја исклучува потребата од постојано присуство и водство на Светиот Дух. Напротив, Спасителот им го ветил Светиот Дух на своите ученици за да можат да ја разберат неговата Реч, да ги расветли и да ја запечати неговата наука во нивните срца. А бидејќи Библијата ја вдахнал Божјиот Дух, не може да има противречност меѓу учењето на Духот и пишаната Реч“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 9 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто Бог ни се открива себеси и својата волја? Зошто ни е потребно откровение?**

**2. Како Бог се открива себеси? Бог користи различни средства за да ни открие нешто за самиот себе. Тој тоа го прави на еден општ начин преку природата, но и конкретно преку соништа (Даниел 7,1), визии (1. Мојсеева 15,1), знаци (1. Царевите 18,24.38), како и преку својот Син Исус Христос (Евреите 1,1.2). Дали Бог лично ви се открил? Споделете го своето искуство.**

**3. Некои библиски научници отфрлат многу од нејзините учења, сметајќи ги за обични митови. Учењата како што се извештајот за создавањето, за Адам и Ева, излегувањето од Египет и настаните од Книгата за пророкот Даниел, се само некои од примерите на учења (од Стариот завет) кои се отфрлаат како измислени приказни со намера да се доловат духовните вистини. Токму тоа се случува кога луѓето судат за Божјата реч. Што ни кажува тоа за опасноста во која нè доведува еден таков став?**

**4. Бог во Библијата ни ја открива својата волја на впечатлив начин. Сепак, Тој ја сака само вашата помош за да го шири познавањето на својата добра волја и добрата вест за спасението, која може да се најде само во Исуса Христа. Кога луѓето ве набљудуваат вас и вашето однесување, што им зборува тоа за Бога?**

**Поука 3**
**11 – 17 април 2020**

# КАКО ИСУС И АПОСТОЛИТЕ ГЛЕДАЛЕ НА БИБЛИЈАТА?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 4,1-11; Матеј 22,37-40; Лука 24,13-35.44.45; Лука 4,25-27; Дела 4,24-26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Тој одговори и рече: ’Напишано е – Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога’“ (Матеј 4,4).**

За жал, во ова постмодерно време, Библијата наголемо се реинтерпертира, и тоа низ призмата на некој вид филозофија која ги доведува во прашање и нејзината вдахновеност и нејзиниот авторитет. Всушност, на Библијата се гледа само како на нешто што го измислиле човечките битија во една доста примитивна култура, кои немале можност да го разберат светот на начин на кој ние денес го разбираме. Во исто време, натприродните елементи или се омаловажуваат, па дури и се отстрануваат од сликите, претворајќи ја Библијата во еден документ кој, наместо да претставува Божје видување на човекот, станал човечко видување на Бога. Како последица на тоа, Библијата за многумина станала главно небитна во ова доба во кое доминираат Дарвиновиот начин на размислување и модерната филозофија.

Меѓутоа, ние во потполност го отфрламе таквиот став. Наместо тоа, во Новиот завет гледаме дека можеме, на еден вдахновен начин, да го согледаме целото Писмо – проучувајќи како Исус и апостолите го разбрале Новиот завет, единствената Библија што ја имале во тоа време. Како тие се однесувале кон луѓето, местата и настаните кои се тука опишани? Од кои претпоставки тргнувале и кој метод на толкување и понатаму го користеле? Попрво треба да ги следеле нив и нивните сфаќања, наместо заблудите на невдахновените луѓе чиишто претпоставки водат само кон скептицизам и сомнеж во поглед на Божјата Реч.

## ПИШАНО Е!

Исусовото крштавање од страна на Јован Крстител, го означило почеток на службата на Спасителот. Потоа Духот го одвел во јудејската пустина, каде – во Неговото најслабо човечко издание – бил искушан од сатаната.

**Прочитајте Матеј 4,1-11. Како Исус се бранел од искушенијата на сатаната во пустината? Што треба да научиме во врска со Библијата врз основа на овој извештај?**

________________________________________________________

Кога бил искушан на полето на апетитот, Исус рекол: „А Тој му одговори и рече: 'Напишано е: Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога'" (Матеј 4,4). Тој упатува на живата Реч и на нејзиниот конечен, божествен извор. На тој начин, Исус го потврдува авторитетот на Писмото. Кога бил искушуван со светските царства и слава, одговорил: „Зашто е напишано: ,На Господ, Твојот Бог, да Му се поклонуваш и само Нему да Му служиш!'" (Матеј 4,10, Лука 4,8). Христос нѐ потсетува дека вистинското богослужение е сосредоточено на Бога и на никој друг, и дека потчинувањето на Неговата Реч претставува вистинско обожавање. Конечно, на искушението во врска со љубовта кон расфрлувањето и фалењето, Исус возвраќа: „Напишано е исто така – ,Не искушувај го Господ, Твојот Бог'" (Матеј 4,7; исто така и Лука 4,12).

На сите три искушенија, Исус одговара со неприкосновените зборови: „Напишано е" (заб. прев. или „Пишано е!"). Односно, Исус ја користи Божјата Реч и ништо друго, за да се избори со измамите и нападите на сатаната. Тоа би требало да биде моќна поука за сите нас – Библијата и само Библијата е највисокото мерило и темел на нашето верување.

Да, Библијата и само Библијата била Исусовата метода на одбрана од нападите на непријателот. Исус е Бог, но во својата одбрана од сатаната Тој се потчинува исклучиво на Божјата Реч.

Исус не изнесува лично мислење, не дава никаков комплициран, тешко разбирлив аргумент, не користи изрази на лично непријателство, туку едноставни но длабоки зборови на Писмото. За Христа, Писмото има најголем авторитет и најголема сила. На тој начин, Тој својата служба ја започнува со поставување на цврст темел, и продолжува да ѕида на веродостојноста на Библијата.

**Како и ние можеме да научиме во иста мера да се потпираме на Божјата Реч и исто така да ѝ се потчинуваме?**

## ИСУС И ЗАКОНОТ

**Прочитајте Матеј 5,17-20; Матеј 22,29 и Матеј 23,2.3. Што кажува Исус во рамките на овие текстови?**

____________________________________________________________

Исус ги учел своите следбеници да бидат послушни на Божјата Реч и на Законот. Не постои ни најмало навестување дека Тој се сомневал во авторитетот и релевантноста на Писмото. Напротив, Тој постојано се повикувал на Писмото како извор на божествен авторитет. А на садукеите им зборувал: „Во заблуда сте, зашто не ги знаете Писмата, ниту Божјата сила“ (Матеј 22,29). Исус порачувал дека само интелектуалното познавање на Библијата и нејзините учења не е доволно за познавање на вистината и, што е уште поважно, за познавање на Господа, кој е олицетворение на таа вистина.

**Што ни кажува самиот текст Матеј 22,37-40 за тоа како Исус гледал на Мојсеевиот закон?**

____________________________________________________________

Во оваа изјава упатена до законикот, Исус ги сумира Десетте заповеди дадени на Мојсеја пред речиси 1500 години. Треба да се забележи како Исус се сосредоточува на старозаветниот закон и го издигнува на највисоко ниво. Многу христијани погрешно заклучуваат дека тука е дадена некоја нова заповед, а дека старозаветниот закон, на некој начин сега е заменет со новозаветното евангелие. Меѓутоа, факт е дека сè она на што нè учи Исус се заснова на старозаветниот закон. Христос, всушност ни открива и ни дава поцелосен увид во законот, истакнувајќи дека „ На тие две заповеди“ (што ги опфаќаат Десетте заповеди – од кои првите четири се занимаваат со човечко-божествените односи, а останатите шест со меѓучовечките) – „се држат целиот Закон и Пророците“ (Матеј 22,40). Исус, според тоа, го издигнал целиот Стар завет кога го употребил изразот „законот и пророците“, а тоа е скратено од „закон, пророци и списи“, односно сите три дела на Стариот завет.

„Тврдел дека Писмото има неотповиклив авторитет. И ние треба да постапуваме така. Библијата мора да се претставува како Реч на бесконечниот Бог, како решение за сите судири и темел за секоја вера“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 39, 40 оригинал).

**Кои (ако такви воопшто има) конкурентски извори на авторитет (семејство, филозофија, култура) би можеле да ве спречат да се покорите на Божјата Реч?**

## ИСУС И „ЦЕЛОТО ПИСМО“

**Прочитајте Лука 24,13-35.44.45. Како Исус го користи Писмото за да им ја претстави евангелската порака на учениците?**

_______________________________________________________________

По Христовата смрт, Неговите следбеници биле збунети и измачувани од сомнеж. Како можело тоа да се случи? И што значело сето тоа? Во оваа глава од Евангелие според Лука гледаме дека Исус двапати се појавил пред учениците – првиот пат пред двајцата на патот за Емаус, а нешто подоцна и пред останатите. Исус во два наврата објаснува како се исполнило сѐ што најавувале старозаветните пророштва: „И кога почна од Мојсеја и од сите пророци, им протолкува што е пишано за Него во целото Писмо“ (Лука 24,27).

И повторно, во текстот Лука 24,44.45, Тој изјавува: „И им рече: 'Тоа се зборовите што ви ги зборував... дека треба да се исполни сѐ што е напишано за Мене во Мојсеевиот Закон, во Пророците и во Псалмите.' Тогаш (Исус) им го отвори умот, за да ги разберат Писмата“.

Забележете дека текстот Лука 24,27, упатува на она што е напишано „во целото Писмо“. Подоцна, тоа пак се нагласува со изразот „во Мојсеевиот Закон, во Пророците и во Псалмите“ (Лука 24,44). Ова јасно потврдува дека Исус, отелотворената Реч (Јован 1,1-3.14), се потпира на авторитетот на Писмото за да објасни дека сето тоа било проречено стотина години однапред. Со тоа што се повикува на целокупното Писмо, Исус ги учи своите следбеници со пример. Бидејќи, и тие требало, кога ќе тргнат и да ја објавуваат евангелската порака, да го изложат целото Писмо за да им пружат јасно разбирање и сила на новите преобратеници насекаде во светот.

Исто така, забележете како Исус, во текстот Матеј 28,18-20, им порачува на тогашните ученици (а и нам денес): „Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата.“ Но таа власт останува вкоренета во Отецот и целото Божество, бидејќи тој веднаш додава: „Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух!“ А потоа доаѓа клучниот текст: „Учејќи ги да пазат сѐ што Сум ви заповедал!“ Што учел Исус и што заповедал? Неговите учења се засновани на целокупното Писмо. Токму врз основа на пророчкиот авторитет на Речта Тој дошол, и токму како знак на исполнување на пророштвата на Писмото се потчинил на својот Татко.

**Ако Исус го прифаќа Писмото во целина, зошто е неопходно и ние тоа да го правиме? И повторно, како можеме да научиме да го прифаќаме авторитетот на целото Писмо, дури и кога ќе сфатиме дека не може секогаш сѐ да се примени на нас денес? Изнесете го својот одговор во класата.**

# ИСУСОВОТО ВИДУВАЊЕ НА ПОТЕКЛОТО И ИСТОРИЈАТА НА БИБЛИЈАТА

Исус учел дека Библијата е Божја Реч во смисла дека сè она што Библијата го кажува е сообразно на она што Бог го зборува. Нејзиното потекло е во Бога, и со самото тоа таа претставува конечен авторитет во секој аспект на животот. Бог дејствувал во текот на историјата, за да може преку Библијата да ја открие својата волја на човештвото.

На пример, во текстот Матеј 19,4.5 Исус се повикува на зборовите кои ги запишал Мојсеј. Но, во таа прилика, Тој вели: „Оној, кој ги создаде во почеток, ги создаде машко и женско, и рече: 'Затоа мажот ќе ги остави таткото и мајката“. Наместо „Писмото вели“, Исус изјавува: „Оној, кој ги создаде во почеток, ги создаде машко и женско“, припишувајќи му ги на Создателот зборовите кои писателот на 1. Мојсеева ги запишал. Всушност, Бог тука се смета за автор на таа изјава, иако неа ја запишал Мојсеј.

**Прочитајте ги следните текстови. Како Исус гледал на историските личности и настани од Библијата?**

**Матеј 12,3.4**________________________________________

**Марко 10,6-8** _______________________________________

**Лука 4,25-27** _______________________________________

**Лука 11,51** _________________________________________

**Матеј 24,38** ________________________________________

Исус доследно зборува за старозаветните личности, места и настани како историски веродостојни. Тој ги спомнува настаните од 1. и 2. глава од 1. Мојсеева, Авел од 4. глава на 1. Мојсеева, Давидовото јадење на поставените лебови и пророкот Елисеј меѓу останатите историски личности. Во повеќе наврати Тој зборува за страдањето на пророците во минатото (Матеј 5,12; 13,57; 23; 34-36; Марко 6,4). Во една порака на предупредување, Исус го опишува времето на Ное: „Зашто, како во деновите пред потопот јадеа и пиеја, се женеа и мажеа, до денот кога Ное влезе во ковчегот, и не знаеја додека не дојде потопот и однесе сè, така ќе биде и доаѓањето на Човечкиот Син“ (Матеј 24,38.39). Сè укажува на тоа дека Исус зборува за тој моќен чин на Божјиот суд како за историски настан.

**Со оглед на тоа дека Исус сам ги споменува тие историски личности како вистински, што ни кажува тоа за силата на сатанските измами, бидејќи многу луѓе денес, дури и оние кои се сметаат за христијани, често го негираат нивното постоење? Зошто не смееме никогаш да паднеме во таа стапица?**

## АПОСТОЛИТЕ И БИБЛИЈАТА

Новозаветните писатели ѝ пристапуваат на Библијата на истиот начин како Исус. Што се однесува до доктрината, етиката и исполнувањето на пророштвата, Стариот завет за нив бил авторитативна Божја Реч. Во она што тие луѓе го зборувале и правеле, не наоѓаме никаде ништо што го доведува во прашање авторитетот или автентичноста на кој било дел од Библијата.

**Што говорат следните текстови за тоа како апостолите го разбрале авторитетот на Божјата Реч?**

**Дела 4,24-26** ______________________________

**Дела 13,32-36** ______________________________

**Римјаните 9,17** ______________________________

**Галатјаните 3,8**______________________________

Забележете како во тие текстови Писмото блиску се поврзува со гласот на самиот Бог. Во 4. глава на Дела апостолски, непосредно пред да бидат исполнети со Светиот Дух, учениците го слават Бога за тоа што ги избавил Петар и Јован. Во своето славање, тие ги издигнуваат гласовите, оддавајќи му признание на Бога како Создател и како Оној кој проговара преку својот слуга Давид. А тоа значи – Давидовите зборови се Божји зборови. Во текстот од Дела 13,32-36, Павле повторно го цитира Давида, но неговите зборови му ги припишува на Бога, кога во 32. стих го спомнува „ветувањето дадено на татковците“.

Во Римјаните 9,17, каде што се очекува Бог да биде субјект, Павле го користи изразот „Писмо“ изјавувајќи: „Зашто Писмото му вели на фараонот...“ – што во суштина би можело да се изрази со зборовите: „Зашто Бог му вели на фараонот“. Во Галатјаните 3,8, субјектот „Писмо“ се користи наместо „Бог“, покажувајќи дека Божјата Реч е тесно поврзана со самиот Бог.

Всушност, новозаветните писатели еднодушно се потпираат на Стариот завет како на Божја реч. Во Новиот завет има стотици цитати од Стариот завет. Еден проучувач составил листа од 2.688 директни цитати – 400 од Книгата за пророкот Исаија, 370 од Псалмите, 220 од 2. Мојсеева итн. Ако на тој список ги додадеме уште алузиите, темите и мотивите, тој број значително би се зголемил. Новозаветните книги во голема мера се повикуваат на старозаветните пророштва, што обично почнува со изразот: „Пишано е“ (Матеј 2,5; Марко 1,2.7,6, Лука 2,23.3,4; Римјаните 3,4.8,36.9,33; 1. Коринќаните 1,19; Галатјаните 4,27; 1. Петрово 1,16). Сето тоа потврдува дека старозаветните списи се темел врз кој почиваат учењата на Исус и апостолите.

**Што би требало да научиме од тие примери за тоа колку е опасна секоја идеја која ја смалува нашата доверба во авторитетот на Писмото?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Вајт прочитајте ги поглавјата „Како дете“, стр. 68-74 оригинал и „Искушението“, стр. 114-123 оригинал.

„Луѓето себеси се сметаат за помудри од Божјата реч, па дури помудри и од самиот Бог. Наместо да ги утврдат своите чекори на тој непоместлив темел и сите свои мислења да ги потчинат на Божјата Реч, тие ја вреднуваат таа реч според нивните сопствени замисли за науката и природата, па дури и ако им се чини дека тие не се согласуваат со нивните научни сфаќања, ја отфрлаат како недостојна за доверба“ (Ellen G. White, *Signs of the Times,* March 27, 1884, стр. 1).

„Оние кои на најдобар начин ќе се запознаат со Божјата мудрост и намери откриени во Неговата Реч, стануваат мажи и жени со голема ментална сила и можат да бидат успешни соработници на големиот Учител, Исус Христос... Христос ги дал на својот народ зборовите на вистината и сите се повикани на учествуваат во нивното откривање на светот... Нема посветување освен преку вистината, преку Речта. Тогаш, од колку пресудна важност е секој ова да го разбере!“ (Ellen G. White, *Fundamentals of Christian Education*, стр. 432).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Ако Исус, евангелистите и Павле се однесувале кон Стариот завет како кон Божја реч, како тоа ни открива зошто многу денешни сфаќања на Писмото се погрешни и зошто не би требало да потпаѓаме под влијание на таквите аргументи, без разлика кој ги изнесува?**

**2. Само за да создадеме кај луѓето претстава за тоа до каде современите проучувачи на Библијата ги одвел нивниот скептицизам, наведуваме нешто од она што многу денешни научници го негираат. Тие ја отфрлаат идејата за буквални шест дена на создавањето и наместо тоа ја прифаќаат теоријата за милијарди години еволуција. Ја отфрлаат идејата за безгрешниот Адам во еден нерасипан свет. Го отфрлаат извештајот за сеопштиот потоп. Не веруваат дека Аврам постоел. Некои ја отфрлаат сторијата за излегувањето од Египет. Многумина ги отфрлаат Исусовите чуда, вклучувајќи го и Неговото воскресение во тело. Некои, пак, ги отфрлаат пророштвата во кои пророците ја претскажуваат иднината, понекогаш со векови, па дури и со милениуми однапред. Каков заклучок можеме да извлечеме од сево ова во врска со тоа што се случува кога луѓето ќе почнат да се сомневаат во авторитетот и автентичноста на Писмото? И како можеме да се обидеме да им помогнеме на таквите луѓе јасно да ја согледаат вистината?**

**3. Во одговорот на прашањето поставено во рамките на проучувањето предвидено за вторник, како го разбираме тврдењето дека целото Писмо е вдахновено, дури и оние делови кои не се секогаш применливи на нас денес?**

Поука 4
18 – 24 април 2020

# БИБЛИЈАТА – АВТОРИТАТИВЕН ИЗВОР НА НАШАТА ТЕОЛОГИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 7,1-13; Римјаните 2,4; 1. Јованово 2,15-17; 2. Коринќаните 10,5.6; Јован 5,46.47; Јован 7,38.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина“ (Исаија 8,20).**

Нема христијанска црква која не го користи Светото писмо за да ги поткрепи своите верувања. Меѓутоа, улогата и авторитетот на Писмото во теологијата не се исти во сите цркви. Сфаќањето на улогата на Писмото, всушност, наголемо се разликува од црква до црква. Тоа е мошне важен, но и доста сложен предмет кој ќе го истражиме проучувајќи пет различни извори кои силно влијаат на нашето толкување на Писмото – традицијата, искуството, културата, разумот и самата Библија.

Овие извори имаат значајна улога во секоја теологија и во секоја црква. Сите ние сме дел од различни традиции и култури и сме под нивно влијание. Сите имаме искуства кои го обликуваат нашето мислење и влијаат на тоа како да ги разбереме работите. Сите имаме ум за да разбереме и да проценуваме одредени појави. Сите ја читаме Библијата и се служиме со неа за да го разбереме Бога и Неговата волја.

Кои од овие извори, или кои комбинации на извори, претставуваат краен авторитет кога станува збор за тоа како ја толкуваме Библијата, и како тие се користат во својот заемен однос? Давањето предности на еден или на поголем број извори води до многу различни нагласувања и резултати, и конечно ја одредува насоката на целата наша теологија.

## ТРАДИЦИЈА

Традицијата сама по себе не е лоша. Таа дава извесна рутина и структура на постапките кои секојдневно се повторуваат во нашиот живот. Таа може да ни помогне да останеме поврзани со своите корени. Поради тоа не нè изненадува што традицијата исто така игра важна улога и во религијата. Но, постојат и некои опасности во врска со традицијата.

**Што ни кажува текстот Марко 7,1-13 за тоа како Исус реагирал на некои обичаи од Неговото време?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Традицијата на која Исус се спротивставил во еврејското општество внимателно се пренесувала од учителот на учениците. Во Исусово време таа заземала место напоредно со Светото писмо. Традицијата, меѓутоа, има склоност во текот на долгите временски периоди да се проширува, опфаќајќи сè повеќе подробности и аспекти кои не биле дел од Божјиот првобитен план и Неговата Реч. Таквата традиција – иако ја застапувале угледните „стари“ (види Марко 7,3.5), односно верските водачи во еврејското општество – не е рамноправна со Божјите заповеди (види Марко 7,8.9). Тоа се човечки обичаи кои на крајот доведуваат до тоа да ѝ се одземе силата на Божјата Реч, па дури да биде и „укината“ (Марко 7,13).

**Прочитајте 1. Коринќаните 11,2 и 2. Солуњаните 3,6. Како правиме разлика меѓу Божјата Реч и човечките обичаи? Зошто е толку важно навистина да ја правиме таа разлика?**

____________________________________________________________

Живата Божја Реч предизвикува во нас длабока почит и став на преданост. Од таа преданост произлегува извесна традиција. Нашата преданост, меѓутоа, секогаш треба да биде посветена на живиот Бог, кој ја открил својата волја во пишаната Реч. Затоа Библијата има единствена улога која ја надминува секоја човечка традиција. Библијата е над сите обичаи, па дури и оние добрите. Обичаите кои произлегуваат од нашето искуство со Бога и Неговата Реч треба постојано да се преиспитуваат според аршините на Светото писмо.

**Што од она што ние како црква го правиме може да се смести под ознаката „традиција“? Зошто е важно секогаш да правиме разлика меѓу тие обичаи и библиското учење? Изнесете ги своите одговори во класата.**

## ИСКУСТВО

**Прочитајте Римјаните 2,4 и Тит 3,4.5. Како ние ја доживуваме Божјата добрина, трпение, проштавање, љубезност и љубов? Зошто е важно нашата вера да не биде само некое апстрактно, интелектуално знаење, туку нешто што навистина го доживуваме? Во исто време, на кои начини нашето искуство може да дојде во судир со Библијата, па и дури и да нè заведе во нашата вера?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Искуството е составен дел на човечкото постоење. Тоа силно влијае на нашите мисли и чувства. Бог нè создал на таков начин што нашиот однос кон делата на создавање, па дури и кон самиот Бог, во значајна мера е обликуван од нашето искуство и е поврзан со него.

Божја желба е ние да ја искусиме убавината на меѓусебните односи, уметноста и музиката, чудесата на создавањето, како и радоста на Неговото спасение и силата на ветувањата во Неговата Реч. Нашата вера е нешто повеќе од обично познавање на доктрините и рационалното одлучување. Она што ние го доживуваме во значајна мера го обликува нашето сфаќање на Бога, па дури и разбирањето на неговата Реч. Меѓутоа, потребно е и јасно да ги согледаме ограничувањата и недостатноста на нашето искуство кога станува збор за спознавањето на Божјата волја.

**Какво предупредување се наоѓа во текстот 2. Коринќаните 11,1-3? Што ни кажува тоа за ограничувањата во поглед на потпирањето на искуствата?**

____________________________________________________________

Искуствата можат да бидат многу измамливи. Говорејќи од библиска гледна точка, искуството треба да има свој соодветен домен. Тоа треба да биде усогласено со Светото писмо и да се толкува врз основа на Писмото. Понекогаш сакаме да искусиме нешто што не е во согласност со Божјата реч и со Неговата волја. Тогаш е потребно да научиме да се потпираме на Божјата реч, дури и повеќе отколку на своите искуства и желби. Би требало да бидеме внимателни со цел да се увериме дека нашето искуство секогаш е во согласност со Божјата и дека не му противречи на јасното учење на Библијата.

**Верата во која љубовта кон Бог и љубовта кон другите (види Марко 12,28-31) претставуваат главни заповеди, очигледно е вера во која искуството е важно. Во исто време, зошто е од пресудна важност секогаш да го преиспитуваме своето искуство врз основа на Божјата Реч?**

## КУЛТУРА

Ние припаѓаме на одредена култура или култури, и сме нивни составен дел. Исто така, се наоѓаме под влијание на културата и таа нас нè обликува. Никој не може да го избегне тоа. Сетете се само колкав дел од Стариот завет заземаат сториите за расипаноста на древниот Израел под влијание на околните култури. Што нè наведува да помислиме дека ние денес сме поинакви, или дека сме подобри од нив?

Божјата Реч исто така е дадена во одредена култура, иако не е ограничена само не неа. И покрај тоа што културните фактори неизбежно влијаат на нашето разбирање на Библијата, не би требало да го губиме од вид фактот дека Библијата ги надминува воспоставените културни категории, како што се етничката припадност, потеклото и општествениот статус. Тоа е една од причините што Библијата ја надминува секоја човечка култура и е во состојба дури да ги поправи и преобрази грешните елементи кои ги наоѓаме во секоја од нив.

**Прочитајте 1. Јованово 2.15-17. Што мисли Јован кога вели дека не треба да го сакаме она што е на светот? Како можеме да живееме во светот, а сепак да немаме световен менталитет?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Културата, како и секој друг облик на Божјето создавање, се наоѓа под влијание на гревот. Оттука, и таа подлежи на Божјиот суд. Да, некои аспекти на нашата култура можат многу убаво да се усогласат со верата, но секогаш мораме да водиме сметка да правиме разлика меѓу нив. Во идеален случај, библиската вера би требало да се спротивставува, ако е потребно на постоечката култура и да создаде контра-култура која би била верна на Божјата Реч. Бидејќи, ако во себе немаме нешто што цврсто нè врзува за она што е над нас, наскоро ќе се препуштаме на она што е околу нас.

Елена Вајт ни го дава следниот увид: „Христовите следбеници треба да се одвојат од светот во поглед на начелата и интересите, но не треба да се изолираат од луѓето. Спасителот постојано се мешал со луѓето не за да ги охрабри во нешто не е во согласност со Божјата волја, туку да ги издигне и облагороди" (Ellen G. White, *Counsel to Parents, Teachers, and Students Regarding Christian Education*, стр. 323).

**Кои аспекти од вашата култура се во потполна спротивност со библиската вера? Што е уште поважно, како цврсто да стоиме наспроти оние видови на култура кои настојуваат да ја расипат нашата вера?**

## РАЗУМОТ

**Прочитајте 2. Коринќаните 10,5.6; Мудри изреки 1,7 и 9,10. Зошто послушноста кон Христа во мислите е толку важна? Зошто стравот Господов е почеток на мудроста?**

Бог ни дал способност да мислиме и да расудуваме. Секоја човечка активност и секој теолошки аргумент ја подразбира нашата способност да размислуваме и да изведуваме заклучоци. Ние не ја одобруваме неразумната вера. Меѓутоа, како последица на просветителството во 18 век, човечкиот разум презел една нова и доминантна улога, особено во западното општество, улога која во голема мера ја надминува нашата способност за размислување и донесување правилни заклучоци.

Наспроти идејата сето наше знаење да се заснова на чулното искуство, се јавува друго сфаќање кое на човечкиот разум гледа како главен извор на сознание. Тоа гледиште, под називот рационализам, тргнува од идејата дека вистината не е чулна туку интелектуална категорија, и дека се изведува од разумот. Со други зборови, извесни вистини постојат и само нашиот разум може непосредно да ги долови. Со тоа човечкиот разум станува критериум за вистината. Разумот станал нов авторитет пред кој сè останато морало да се поклони, вклучувајќи го и авторитетот на црквата, па дури и што е уште подраматично, авторитетот на Библијата како Божја Реч. Сè што не било очигледно за човечкиот ум, се отфрлувало и се доведувало во прашање. Тој став влијаел на односот кон големите делови на Писмото. Сите чуда и Божји натприродни дела, како што е и Исусовото воскресение во тело, раѓањето од девица, создавањето на светот за шест дена – да напоменеме само некои – повеќе не се сметаат за вистински и веродостојни.

Меѓутоа, не треба да се занемари фактот дека дури и нашата способност на рационално размислување е погодена од гревот и дека треба да се стави под Христова власт. Човечките суштества се оттуѓени од Бога и нивните сфаќања се помрачени (Ефешаните 4,18). Ние треба да бидеме просветлени од Божјата Реч. Всушност, самиот факт дека Бог е нашиот Создател ни навестува дека, од библиска гледна точка, расудувањето не е дадено како нешто што може да функционира самостојно и независно од Бога. Напротив, „Стравот од Господа е почеток на мудроста“ (Мудри изреки 9,10; спореди: со Мудри изреки 1,7). Тогаш кога Божјото откровение, отелотворено во пишаната Божја Реч, ќе го прифатиме како начело од највисока вредност во нашиот живот, и кога сме подготвени да го следиме она што е запишано во Библијата – дури тогаш расудуваме правилно.

**Пред повеќе од два века, американскиот претседател Томас Џеферсон направил сопствена верзија на Новиот завет, исфрлајќи сè што, според неговото мислење, се косело со здравиот разум. Ги изоставил речиси сите Исусови чуда, вклучувајќи го и Неговото воскресение. Што можеме, врз основа на само тој поединечен пример, да научиме за ограниченоста на човечкиот разум кога станува збор за спознавањето на вистината?**

## БИБЛИЈАТА

Светиот Дух кој ги вдахнал и на луѓето им ја открил содржината на Библијата, никогаш нема да нè води спротивно од Божјата Реч, ниту пак ќе ја одмине. За христијаните адвентисти на седмиот ден Библијата претставува повисок авторитет од човечката традиција, искуства, разум и култура. Единствено Библијата е мерило според кое сè друго треба да се проверува.

**Прочитајте Јован 5,46.47 и 7,38. Што било за Исуса Христа неприкосновен извор во поглед на разбирањето на духовните прашања? На кој начин Библијата потврдува дека Исус е вистинскиот Месија?**

____________________________________________________________

Некои луѓе тврдат дека примиле посебни „откровенија“ и упатства од Светиот Дух, но кои се спротивставуваат на јасната порака на Библијата. Според нивно мислење, Светиот Дух има повисок авторитет од Божјата реч. Меѓутоа, кој и да ја занемарува вдахновената пишана Божја реч, и ја заобиколува нејзината јасна порака, гази по опасен терен и не го следи водството на Божјиот Дух. Библијата е наша единствена духовна заштита. Единствено таа е верно мерило по сите прашања на верата и практичното дејствување.

„Светиот Дух му зборува на умот преку Светото писмо и ја врежува вистината во срцето. Така Тој ја открива заблудата и ја истерува од душата. Со Духот на вистината кој делува преку Божјата реч, Христос го задобива својот избран народ“ (*Копнежот на вековите*, стр. 671 ориг.).

Светиот Дух воопшто не би требало да се сфати како замена за Божјата реч. Сосема спротивно, Тој дејствува преку Библијата и е во согласност со неа за да нè привлече кон Христос, правејќи ја на тој начин Библијата единствено мерило на вистинската библиска духовност. Библијата пружа здрава доктрина (види 1. Тимотеј 4,6), и – како Божја Реч таа е верна и заслужува да ја прифатиме во потполност. Не е наша задача да му судиме на Светото писмо. Попрво би можело да се каже дека Божјата Реч има право и авторитет да ни суди нам и на нашиот начин на размислување. На крајот на краиштата, тоа е пишана реч на самиот Бог.

**Зошто Библијата е посигурен водич кога станува збор за духовните прашања отколку субјективните впечатоци? Какви се последиците од неприфаќањето на Библијата како мерило врз основа на кое го проверуваме секое учење, па дури и сопствено духовно искуство? Ако приватното откровение би било конечен збор во духовните прашања, зошто тоа би водело само кон хаос и заблуда?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борба* прочитајте го поглавјето „Библијата – наша заштита", стр. 593 – 602 оригинал.

Традицијата, искуството, културата, разумот и Библијата – сето тоа е присутно во нашето промислување за Божјата Реч. Но, одлучувачкото прашање гласи: Кој од тие извори го има последниот збор и претставува краен авторитет во нашата теологија? Едно е да се истакнува Библијата, а сосема нешто друго е да и се дозволи, со посредство на Светиот Дух, да влијае на нашиот живот и да го менува.

„Во својата Реч (Библијата) Бог ни дал сознание потребно за спасение. Ние Светото писмо треба да го примиме како сигурно и непогрешно откровение на неговата волја. Тоа е мерило на карактерот, правило на верата и животот" (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 9 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто е полесно да се држиме до деталите на некој човечки обичај отколку да се живее во духот на Божјиот закон – да се сака Господ со сето срце, душа и ум, а својот ближен како себеси (види Матеј 22,37-40)?**

**2. Разговарајте во класата за вашиот одговор на последното прашање од отсекот за недела. Каква улога би требало да игра традицијата во нашата црква? Во што гледате благослови и предизвици кога станува збор за верските обичаи?**

**3. Како можеме да бидеме сигурни дека традицијата, колку и да е добра, не го зазема местото на пишаната Божја реч како наше конечно мерило и највисок авторитет?**

**4. Да претпоставиме дека некој тврди оти имал сон во кој Господ му се обратил и му рекол дека недела е вистинскиот ден за одмор и богослужение во новозаветното време. Како ќе ѝ одговорите на таа личност, и што една таква изјава зборува за потребата дека искуството секогаш треба да се проверува врз основа на Божјата Реч?**

**5. Разговарајте во класата за културата која ја опкружува и проникнува вашата црква. Како таа култура влијае на вашата вера? Кои примери од историјата можеме да ги наведеме, во кои културата во голема мера влијаела на постапките на верниците на таков начин што ние од денешен агол го согледуваме како нешто негативно? Кои поуки можеме да ги извлечеме за нас денес за да не правиме слични грешки?**

**Поука 5**
**Од 25 април до 1 мај 2020**

# САМО ПИСМОТО - SOLA SCRIPTURA



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 4,1-6; Тит 1,9; 2. Тимотеј 1,13; Марко 12,10.26; Лука 24,27.44.45; Исаија 8,20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Божјото Слово е живо, и делотворно, и поостро од секој меч остар од двете страни, и навлегува до разделувањето на душата и духот, на зглобовите и на мозокот; и ги суди мислите и намерите на срцето“ (Евреите 4,12).**

Протестантскиот лозунг „Sola Skriptura“ (Sola Scriptura) ја издигнал Библијата како единствено мерило и решавачки извор во теологијата. За разлика од римокатоличката теологија која ги истакнувала Писмото и традицијата, протестантската вера ја нагласувала клучната реч „само“ – т.е. само Писмото како краен авторитет по прашањата на верата и доктрината.

Библијата е таа која ѝ дала решавачка сила и авторитет на протестантската Реформација во нејзиниот бунт против Рим и заблудите кои тој со векови ги застапувал. Наспроти алегориското толкување на Светото писмо, според кое на библискиот текст му се припишувани повеќе различни значења, протестантските реформатори ја нагласувале важноста на граматичко-историското толкување на Библијата, кое сериозно ја сфаќало граматиката и буквалното значење на библискиот текст.

Оваа седмица подетално ќе го разгледаме лозунгот „Sola Skriptura“. Ќе дознаеме дека „Sola Skriptura“ подразбира некои основни начела на библиското толкување кои се неопходни за правилно разбирање на Божјата Реч. Како протестанти, мораме да ја сочуваме Библијата како врховен авторитет во поглед на доктрините.

## СВЕТОТО ПИСМО КАКО ВЛАДЕЈАЧКО ПРАВИЛО

Христијаните адвентисти на седмиот ден од почетокот себеси се сметале за народ на Книгата, т.е. христијани кои веруваат во Библијата. За да го потврдиме начелото „sola Skriptura“ (само Светото писмо), ние го признаваме единствениот авторитет на Библијата. *Само Светото писмо* е владејачко правило на нашата теологија и врховен авторитет за животот и учењето. Други извори, како што се верското искуство, човечкиот разум и традиција, се подредени на Библијата. Начелото „Sola Skriptura“ всушност, требало да го заштити авторитетот на Писмото, за да не зависи од црквата и од нејзините толкувања, да ја исклучи секоја можност како мерило за неговото толкување да се земе што било друго што доаѓа надвор од Библијата.

**Прочитајте 1. Коринќаните 4,1-6, посебно 6 стих, во кој Павле вели дека ние не би требало да одиме „повеќе од она што е напишано“. Зошто таа мисла има толку пресудна важност за нашата вера?**

Да не се оди надвор од она што е запишано не ги исклучува увидите од други полиња на истражувања, како што се библиската археологија и историја. Другите полиња можат да фрлат светлина врз поединечни делови на Библијата и на заднината на некои библиски текстови, што може да ни помогне подобро да ги разбереме. Тоа исто така не ги исклучува ни останатите помошни средства во толкувањето, како што се лексикони, речници, конкорданси, и некои други книги и коментари. Меѓутоа, во правилното толкување на Библијата, текстот од Писмото има предност во однос на сите други извори, науки и помошни средства. Различните гледишта треба внимателно да се проценуваат од гледна точка на Светото писмо како целина.

Она што категорично го тврдиме кога го применуваме начелото „Sola Skriptura“, е дека во решавањето на несогласувањата кои можат да се јават при толкувањето на она што го веруваме, само Писмото има авторитет кој го надминува и проценува секој друг извор и секоја црковна традиција. Не би требало да го пречекоруваме ниту, пак, да го негираме она што е напишано во Библијата. Вистинското христијанство и уверливото проповедање на евангелието зависат од цврстата приврзаност кон авторитетот на Писмото.

„Само Писмото е вистински ‘господ и учител’ над сите списи и учења на земјата“ (Мартин Лутер, Luther’s Works, vol. 32: Career of the Reformer II, ed. Jaroslav Jan Pelikan, Hilton C. Oswald, and Helmut T. Lehmann, vol. 32 [Philadelphia: Fortress Press, 1999], стр. 11, 12).

**Прочитајте Дела 17,10-11. На кој начин овие стихови го потврдуваат она за што зборувавме овде во врска со првенството на Писмото?**

# ЕДИНСТВОТО НА БИБЛИСКИОТ ТЕКСТ

Библијата сама тврди дека „Целото Писмо е од Бога вдахновено" (2. Тимотеј 3,16), и дека „ ниедно пророштво од Писмото не е сопствено кажување на пророкот", туку „светите Божји луѓе зборувале поттикнати од Светиот Дух" (2. Петрово 1,20.21). Бидејќи Бог, во конечна смисла, е вистинскиот автор на Библијата, можеме да очекуваме начелно единство и хармонија меѓу различни делови на Писмото во поглед на клучните теми со кои тоа се занимава.

**Прочитајте Тит 1,9 и Тимотеј 1,13. Зошто единството на Библијата е важно за нашето верување?**

___

Само врз основа на своето внатрешно единство – единство кое произлегло од божественото вдахновение, Писмото служи како сопствен толкувач. Кога Писмото не би го поседувало тоа сеопфатно единство во своите учења, не би можеле да постигнеме хармонија внатре во доктрините во врска со кое било прашање. Без единството на Библијата црквата не би имала начин да ја разликува вистината од заблудата и да го разоткрие ересот. Не би имало основа за примена на дисциплинските мерки, ниту за коригирање на отстапувањето од Божјата вистина. Писмото би ја изгубило сета своја убедливост и ослободувачка сила.

Меѓутоа, Исус и библиските писатели подразбираат дека единството на Писмото свој темел има во неговото боженствено потекло. Тоа го гледаме врз основа на нивниот обичај да цитираат повеќе старозаветни книги припишувајќи им подеднаква и усогласена вредност (на пример, Римјаните 3,10-18; овде Павле се повикува на текстовите од различни библиски книги: Проповедник 7,20; Псалм 14,2.3; 5,9; 10,7; Исаија 59,7.8).

Библиските писатели Писмото го сметале за неразделна, поврзана целина во која главните теми се развиваат и се надополнуваат. Нема неусогласеност меѓу Стариот и Новиот завет. Новиот завет не содржи некое ново евангелие ниту, пак, нова религија. Стариот завет го доживува својот расплет во Новиот, а Новиот завет се надградува на Стариот. Двата Завета, како такви, се наоѓаат во заемен однос кој им овозможува да фрлаат светлина еден на друг.

Единството на Писмото, исто така, укажува дека кога проучуваме некој библиски предмет треба да се земе предвид целото Писмо („tota Skriptura"), наместо своето учење да го засноваме само на издвоени искази.

**Што би требало да правиме кога во Библијата ќе наидеме на текстови и идеи кои навидум си противречат едни на други? На кој начин го решаваме тоа?**

## ЈАСНОСТА НА ПИСМОТО

Самото повикување на Писмото не би имало многу смисла ако значењето на библискиот текст е нејасно.

**Прочитајте Матеј 21,42; 12,3.5; 19,4; 22,31; Марко 12,10.26; Лука 6,3; Матеј 24,15; Марко 13,14. Со оглед на Исусовото постојано повикување на Писмото, што ни кажува тоа за јасноста на неговата порака?**

Библиското сведоштво е недвосмислено – Библијата е доволно јасна во своите учења. Библијата е толку јасна да можат да ја разберат и децата како и возрасните, особено кога станува збор за нејзините најосновни поуки. Па сепак, има безброј можности нашето знаење и разбирање да се продлабочува. Не е потребно некој висок црковен службеник да ни го разјаснува значењето на Библијата. Напротив, нејзините основни учења можат да ги разберат сите верници. Таа подразбира свештенство на сите верници и нејзиното толкување не е ограничено на одбрано малцинство, како што е црковниот клер. Според тоа, Библијата нѐ охрабрува сами за себе да ги проучуваме нејзините свети списи бидејќи сосема сме во состојба да ја разбереме пораката што Бог ни ја упатува.

Во *Теолошкиот прирачник на адвентистите на седмиот ден* соодветно е истакнато дека „доследниот пример на библиските писатели покажува дека Списите треба да земаат во нивното едноставно, буквално значење, доколку не постои јасна и очигледна намера нешто да се изрази фигуративно... Нема симнување на 'лушпата' на буквалната смисла за да се дојде до 'јадрото' на некое мистично, скриено, алегориско значење, кое само упатените можат да го разоткријат" (Handbook of Seventh-day Adventist Theology [Hagerstown, MD: Review and Herald Publishing Association, 2000], стр. 65). Јасноста на Библијата се однесува на јазикот, смислата и зборовите во светите списи, бидејќи намерата на библиските писатели била да се изнесе недвосмислената вистина, а не на библискиот текст да му дава некое субјективно, неконтролирано, повеќекратно значење.

Тоа сепак, не значи дека нема повремено да наидуваме на текстови и идеи кои не сме во состојба потполно да ги разбереме и доловиме. На крајот на краиштата, тоа е Божја Реч, а ние сме само паднати човечки суштества. И покрај тоа, Божјата Реч е доволно јасна во сѐ она што навистина треба да го знаеме и да го разбереме, а особено во поглед на спасението.

**Сетете се на некои моменти кога не сте разбрале одредени текстови, но подоцна ви станале сосема јасни. Што научивте од тоа искуство, а би можело да им помогне на другите кои се борат со нешто слично?**

## ПИСМОТО ГО ТОЛКУВА ПИСМОТО

Само благодарение на тоа што постои суштинско единство на нејзините списи, Библијата може да се толкува самата себе. Без таквото единство, Писмото не би можело да биде светлина која го открива сопственото значење, при што еден дел од списите толкува друг дел, и на тој начин станува клуч за разбирање на поврзаните исечоци.

**Прочитајте Лука 24,27.44.45. Како Исус се повикува на Писмото за да го објасни својот идентитет? Што можеме да научиме од ова во врска со употребата на Писмото?**

Убавината што ја увидуваме кога ќе дозволиме Писмото да се толкува себеси, се состои во тоа што тоа фрла нова светлина врз сопственото значење. Правејќи така, ние не ги поврзуваме неселективно поединечните текстови за да го докажеме сопственото мислење, туку го земаме предвид контекстот на секој стих. Освен непосредниот контекст пред и по исечоците што ги проучуваме, би требало да го разгледаме и контекстот на целокупната книга во која се наоѓа тој исечок. Дури, и би требало да проучиме сè што ни зборува Библијата за дадената тема, бидејќи во Светото писмо, како што вели Павле, „сè што е напишано некогаш, напишано ни е нам за поука“ (Римјаните 15,4).

„Библијата се толкува самата себеси. Секој библиски стих мора да се споредува со библиски стих. Оној што ја проучува Библијата мора да се научи да ја посматра како целина, и да го согледа заемниот однос на нејзините делови. Тој треба да се запознае со нејзината голема централна тема, со Божјата првична намера со светот, со потеклото на големата борба и со делото на спасението“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 190 ориг.).

Кога споредуваме стих со стих, важно е темелно да ја проучуваме Библијата. Ако постои можност, би требало да ги споредиме стиховите и на оригиналните јазици, или барем врз основа на соодветен превод кој е верен на значењето на оригиналните текстови на еврејски и грчки јазик. Иако не е неопходно за добро да се разбере Библијата, сепак познавањето на оригиналните јазици  несомнено помага, ако ни е на располагање. А ако не е, верното проучување на Речта со молитва, во став на понизност и прифаќање, сигурно ќе донесен изобилен плод.

**Сетете се на некои доктрини, како што е состојбата на мртвите, во врска со која сосредоточеноста на само неколку одбрани стихови би можела да води во заблуда доколку се занемарат другите текстови. Што ни кажува тоа за важноста да се собере и чита сè она што Библијата го кажува за одредена тема, за да можеме на најдобар начин да го разбереме она што таа нè учи?**

## „SOLA SKRIPTURA“ И ЕЛЕНА ВАЈТ

**Прочитајте Исаија 8,20. Зошто е важно секогаш да се враќаме на библискиот израз „законот и сведоштвата“ како правило на нашето учење и доктрините? Што значи тоа за службата на пророците кои не станале дел од библискиот канон?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога зборуваме за начелото „Sola Skriptura“ (само Светото писмо), христијаните адвентисти на седмиот ден неминовно се соочуваат со прашањето што да се прави со списите на Елена Вајт, која исто така била од Бога вдахновена и служела како Божји весник на Неговиот народ на остатокот. Каков однос постои меѓу нејзините ракописи и Светото писмо?

Дури и површното читање на ракописите на Елена Вајт јасно покажува дека Библијата била темел и центар на сите нејзини мисли и учења. Всушност, таа во повеќе наврати тврдела дека Библијата е највисокиот авторитет и крајно мерило на науката, верата и правдата (види *Големата борба*, стр. 595 оригинал). Дури, таа и отворено го поддржува и издигнува протестантското начело „sola Skriptura“ (види *Големата борба,* стр. 9 ориг.). Според сфаќањето на самата Елена Вајт, нејзините списи, кога ќе се споредат со Писмото, биле „помала светлина која требало да ги упати мажите и жените кон поголемата светлина“ – Библијата (The Advent Review and Sabbath Herald, January 20, 1903). Нејзините списи никогаш не претставувале пречка, ниту пак замена за сериозното проучување на Библијата. Таа дури и коментирала: „Вие не сте добро запознаени со Светото писмо. Ако ја проучувавте Божјата реч, со желба да го достигнете библискиот стандард и да постигнете христијанско совршенство, не би имале потреба од Сведоштвата. Но, токму поради тоа што занемаривте да се запознаете со Божјата вдахновена Книга, Тој настојува да допре до вас со едноставни, директни сведоштва“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* кн. 2, стр. 605).

Нејзините списи, како такви, треба да се ценат. Тие го делат истото вдахновение како и библиските писатели, но нивната функција е поинаква од онаа што ја има Библијата. Списите на Елена Вајт не се додаток на Светото писмо, туку се подредени нему. Таа никогаш и немала намера нејзините ракописи да го заменат Писмото. Напротив, таа ја издигнувала Библијата како единствено мерило и практика.

**Размислувајте за тоа колку неверојатен дар сме добиле преку службата на Елена Вајт. Како можеме да научиме повеќе да ја цениме чудесната светлина што потекнува од неа, додека едновремено го потврдуваме врховниот авторитет на Светото писмо?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Воспитување* од Елена Вајт прочитајте ја 20 глава „Библиска настава и проучување на Библијата“, стр. 185-192 оригинал.

„Оние што ја проучуваат Библијата треба да бидат поучени да ја земаат в раце со дух да бидат поучувани. Ние мораме да ги истражуваме нејзините страници, не за да го докажеме своето мислење, туку за да дознаеме што кажува Бог. Вистинско познавање на Библијата може да се добие само со помош на Светиот Дух преку кого Речта и била дадена. За да го стекнеме тоа знаење, мораме да живееме според него. Ние треба да послушаме сѐ што Божјата Реч заповеда... Проучувањето на Библијата од нас бара најсесрден напор и постојано размислување. Како што копачот бара златни жили во земјата, така и ние мораме со истата сериозност и истрајност да трагаме по богатството на Божјата Реч“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 189 оригинал).

„Кога Библијата ќе стане ваша храна и пијалак, кога нејзините принципи ќе станат составен дел од вашиот карактер, тогаш подобро ќе знаете како да го примите Божјиот совет. Јас ја издигнувам пред вас денес драгоцената Реч. Не повторувајте го тоа што го изјавив, велејќи: ’Сестра Вајт го кажа ова’ или ’Сестра Вајт го кажа она’. Дознајте што вели Господ Израеловиот Бог и потоа правете го тоа што тој заповеда“ (Ellen G. White, *Selected Messages*, кн. 3, стр. 33).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. До кои погрешни учења луѓето се држат затоа што земаат предвид само неколку одбрани текстови, наместо да согледаат сѐ што кажува Библијата на дадената тема?**

**2. Во текстот Матеј 11,11, во врска со Јован Крстител, Исус рекол: „Вистина ви велам, меѓу родените од жени не се подигнал поголем од Јована Крстител; но, најмалиот во царството небесно е поголем од него.“. Иако станува збор за пророк чиишто списи не се наоѓаат во Библијата, Исус сепак на таков начин зборува за него. Што можеме да заклучиме, врз основа на ова, зошто пророкот не мора да има своја книга во Библијата за да биде вистински пророк? Каква порака ние, христијаните адвентисти, можеме да извлечеме од тој факт?**

**3. Како адвентистисти на седмиот ден, ние не сме осамени во тврдењето дека Библијата е нашиот конечен авторитет. И други цркви го тврдат тоа. Како тогаш ги објаснуваме противречните учења, кои другите христијани, наводно, исто така наводно ги наоѓаат во Библијата?**

**Поука 6**
**2 – 8 мај 2020**

# ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ТОЛКУВАЊЕ?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 24,36-45; 1. Коринќаните 12,10, 1. Коринќаните 14,26; Дела 17,16-32; Јован 12,42.43.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А без вера не е можно да Му се угоди, зашто кој Му пристапува на Бога треба да верува дека има Бог и дека ги наградува оние кои Го бараат“ (Евреите 11,6).**

Да се чита Библијата значи едновремено и да се толкува. Но, како се прави тоа? Кои принципи се користат? Како треба да се справиме со различните видови четива кои ги наоѓаме таму? На пример, дали пасусот што го читаме е парабола, пророчко-симболичен сон, или е историски наратив? Самата одлука за таквото важно прашање во врска со контекстот на Светото писмо го опфаќа и чинот на толкување.

Луѓето понекогаш ја користат Библијата како некој вид божествено пророштво – само така ја отвораат за да побараат некој стих за кој се надеваат дека ќе ги упати во добра насока. Меѓутоа, таквото поврзување на библиските текстови онака како наидуваме на нив по случаен избор, може да нè доведе до многу чудни и погрешни заклучоци.

На пример, една жена којашто мажот ја напуштил поради друга, се почувствувала многу обесхрабрено кога го пронашла следниот стих: „Јас ќе поставам непријателство помеѓу тебе и жената“ (1. Мојсеева 3,15). Била убедена, врз основа на тој стих, дека аферата на нејзиниот сопруг нема да потрае!

Кој било стих извлечен од контекстот лесно станува изговор за спроведување на сопствените планови и идеи. Затоа постои голема потреба не само да ја читаме Библијата, туку и правилно да ја толкуваме.

## ПРЕТПОСТАВКИ

**Прочитајте Лука 24,36-45. Што ги спречило учениците, кои биле мошне добро запознаени со Писмото, да го согледаат вистинското значење на Божјата Реч, дури и тогаш кога проречените настани се одвивале пред нивните очи?**

___

Никој не пристапува на содржините на Светото писмо со празен ум. Секој читател, секој проучувач на Писмото ѝ пристапува на Библијата од аспект на сопственото минато и лично искуство, што неминовно влијае на процесот на нејзиното толкување. Дури и првите ученици имале сопствени идеи за тоа кој е Месија и што би требало Тој да прави, врз основа на очекувањата во нивно време. Нивните силни убедувања ги спречувале појасно да го сфатат библискиот текст, што ни помага да објасниме зошто тие толку често погрешно го разбирале Исуса и настаните поврзани со Неговиот живот, смрт и воскресение.

Сите ние се држиме до одредени уверувања кога станува збор за овој свет, за конечната реалност, за Бога итн., од кои – дури и несвесно – тргнуваме во своето толкување на Библијата. Никој не пристапува на библискиот текст без никакви предубедувања. Ако, на пример, нечиј поглед на светот е таков што тој категорично ја отфрла секоја Божја натприродна интервенција, тој нема да го чита и да го разбере Писмото како вистински и сигурен извештај за она што Бог го правел во текот на историјата, туку ќе го толкува сосема поинаку од некој кој ја прифаќа реалноста на натприродното.

Оние кои ја толкуваат Библијата не можат во потполност да се ослободат од сопственото минато, од искуствата и застарените мислења и однапред усвоените забележувања и ставови. Потполна неутралност, како ни апсолутна објективност не можат да се постигнат. Во заднината на секое проучување на Библијата и теолошко размислување секогаш лежат претпоставките за природата на светот и природата на Бог.

Но, добра вест е што Светиот Дух може да го прошири нашиот стеснет видокруг и да ги исправи нашите претпоставки, доколку Писмото го читаме со отворен ум и искрено срце. Библијата во повеќе наврати потврдува дека луѓето од најразлични општествени слоеви биле во состојба да ја разберат Божјата Реч и дека Светиот Дух може да нè упати на „во сета вистина“ (Јован 16,13).

**Кои се вашите претпоставки во врска со светот? На кој начин можете да ги потчините на Божјата реч, за да може самата Реч да ги преобликува вашите замисли да бидат повеќе во согласност со реалноста за која Библијата нè учи?**

## ПРЕВОД И ТОЛКУВАЊЕ

Библијата е пишувана на мошне стари јазици – Стариот завет главно на еврејски, со само неколку текстови на арамејски, додека Новиот завет е пишуван на коине грчкиот јазик. Мнозинството од светската популација денес не зборува на тие древни јазици, ниту пак ги разбира. Затоа Библијата морала да се преведува на различни современи јазици.

Но, како што секој добар преведувач знае, преводот секогаш подразбира и некој вид на толкување, бидејќи за некои зборови на еден јазик не постои секогаш потполно соодветен израз на друг. Умешноста и вештината на внимателното преведување, а потоа и толкување на текстот се нарекува „херменевтика“.

**Прочитајте 1. Коринќаните 12,10; 14,26; Јован 1,41; 9,7; Дела 9,36 и Лука 24,27. Во сите овие текстови ја забележуваме идејата за толкување и преведување. Во текстот Лука 24,27 дури и Исус лично морал да им го објасни на учениците значењето на Писмото. Што ни кажува тоа за важноста на толкувањето?**

___

Грчкиот збор hermeneuo, од кој потекнува називот „херменевтика“ (толкување на Библијата), е изведена од името на грчкиот бог Хермес. Хермес се сметал за емисар и гласник на боговите, и како таков бил одговорен, меѓу останато, за преведување на божествените пораки на луѓето.

Нашата клучна мисла во врска со херменевтиката е дека, доколку не ги познаваме оригиналните јазици, единствениот начин на кој можеме да им пристапиме на текстовите е преку превод. За среќа, многу преводи успешно го пренесуваат суштинското значење. Не мораме да го познаваме оригиналниот јазик за да можеме да ги разбереме клучните вистини откриени во Писмото, и покрај тоа што таквата лингвистичка вештина може да биде многу корисна. Сепак, и покрај добриот превод, правилното толкување на текстовите е подеднакво важно, како што гледаме во стихот Лука 24,27. Тоа е основна цел на херменевтиката – точно да ја пренесе смислата на библискиот текст и да ни помогне, она што тој текст нѐ учи, правилно да го примениме во нашиот живот денес. Како што ни покажува текстот од евангелието според Лука, Исус тоа го правел за своите следбеници. Замислете како изгледало да се има лично Исус за толкувач на библиските текстови!

**Многу луѓе имаат пристап до различни преводи, но многумина сè уште немаат. Зошто е важно, без оглед на преводот што го користиме, да ја проучуваме Божјата Реч со молитва и да настојуваме да ги послушаме нејзините учења?**

## БИБЛИЈАТА И КУЛТУРАТА

**Прочитајте Дела 17,16-32. Во 17 глава од Дела апостолски, Павле се обидел да ја изнесе евангелската порака во еден нов контекст – преку философијата на грчката култура. На кој начин различните културни заднини влијаат на нашата проценка на важноста на одредени идеи?**

___

Познавањето на културниот контекст на Блискиот Исток ни помага да разбереме некои библиски текстови. „На пример, еврејската култура му припишувала одговорност на поединецот за дело што не го сторил но дозволил да се случи. Оттука, вдахновените писатели на Светото писмо вообичаено му припишуваат на Бога дека активно направил нешто за што ние во западната мисла би рекле дека дозволил, но не спречил тоа да се случи, на пример, стврднување на фараоновото срце“ („Методи на проучување на Библијата“, оддел 4).

Културата исто така покренува некои важни херменевтички прашања. Дали Библијата е културолошки условена, и според тоа да се однесува само на културата во која е пишувана? Или божествената порака, која е дадена во одредена култура, ја надминува таа култура и им се обраќа на сите луѓе? Што се случува кога нечие лично културолошко доживување ќе стане основа и критериум за нашето толкување на Писмото?

Во стихот Дела 17,26 апостол Павле нуди еден интересен агол на посматрање на реалноста, кој често се занемарува кога се чита овој текст. Тој тврди дека Бог нѐ направил од една крв. Иако културолошки сме многу различни, од библиска гледна точка, постои нешто што ги поврзува сите луѓе, и покрај разликите, бидејќи Бог е создател на целото човештво. Нашата грешност и потреба за спасение не е ограничена само на една култура. На сите ни е потребно спасението што ни се нуди врз основа на смртта и воскресението на Исуса Христа.

Иако им се обраќал на одредени генерации, Бог се погрижил и идните генерации, кои ќе ја читаат Неговата Реч, да разберат дека нејзините вистини ги надминуваат локалните прилики во кои се пишувани библиските текстови.

За споредба, сетете се на алгебрата, која е прв пат пронајдена во 9. век од новата ера во Багдад. Дали тоа значи дека вистините и принците на таа гранка на математиката важеле само за тоа време и место? Секако дека не.

Истиот принцип може да се примени на Божјата Реч. Иако Библијата е пишувана многу пред времето во култури многу поразлични од нашата, вистините коишто таа ги содржи се подеднакво битни за нас денес како што биле и за оние на кои за прв пат им биле упатени.

## НАШАТА ГРЕШНА И ПАДНАТА ПРИРОДА

**Прочитајте Јован 9,39-41 и 12,42.43. Што ги спречувало луѓето, за кои станува збор во овие текстови, да ја прифатат вистинитоста на библиската порака? Какви совети и опомени за себе можеме да извлечеме од тие настани?**

Лесно е да се гледа со подбив на верските водачи од минатото кои го отфрлиле Исуса и покрај толку моќните докази. Меѓутоа, и сами треба да бидеме внимателни за да не негуваме сличен став во поглед на Неговата Реч.

Нема сомнение дека гревот од корен го изменил нашиот однос со Бога, го нарушил и предизвикал пукнатини во него. Гревот влијае на целокупното наше човечко постоење, па и на нашата способност да го толкуваме Писмото. Не станува збор само за тоа дека нашите грешни мисловни процеси лесно стануваат окупирани со грешни цели, туку дека и нашиот ум и нашите мисли стануваат расипани од гревот, па оттука и затворени за Божјата вистина. Во нашиот начин на размислување можат да се забележат следните показатели на таа расипаност: горделивост, самозалажување, сомнеж, отуѓеност и непослушност.

Горделивата личност се издигнува себеси над Бога и Неговата Реч. До тоа доаѓа оттаму што гордоста го наведува толкувачот да го пренагласува човечкиот разум како конечен арбитер на вистината – дури и оние вистини кои се наоѓаат во Библијата. Таквиот став не го намалува божествениот авторитет на Писмото.

Некои луѓе се склони да ги слушаат само оние идеи кои им се привлечни, дури и ако тие противречат на Божјата откриена волја. Бог нѐ предупредил на опасноста од самозалажување (Откровение 3,17). Гревот, исто така, поттикнува и сомнеж, така што се двоумиме и сме склони да не веруваме во Божјата Реч. Кога некој тргнува со сомнеж, толкувањето на библискиот текст никогаш нема да го доведе до цврсто уверување. Напротив, личноста која се сомнева бргу се издигнува себеси на положба во која самата суди за тоа што е а што не е прифатливо во Библијата, што е многу опасен терен на кој можеме да се најдеме.

За разлика од тоа, би требало на Библијата да ѝ пристапуваме со вера и прифаќање, а не со став на критика и сомнеж. Горделивоста, самозалажувањето и сомнежот доведуваат до оддалечување од Бога и Библијата, што сигурно води кон непослушност, односно неподготвеност да се следи Божјата откриена волја.

**Дали некогаш сте се фатиле себеси како се борите против осведочувањата во врска со нешто што сте го прочитале во Библијата – всушност, таа јасно да ве упатува на едно а вие сакате нешто сосема друго? Што се случило, и што сте научиле од тоа искуство?**

## ЗОШТО ТОЛКУВАЊЕТО Е ВАЖНО

**Прочитајте Немија 8,1-3.8. Зошто јасното разбирање на Писмото е толку важно за нас, не само како поединци, туку и како црква?**

___

Најважното прашање во Библијата е прашањето за спасението, односно како се спасуваме. На крајот, гледано на долги патеки, што може да биде поважно? Што вреди, како што рекол Исус, ако го придобиеме сè она што го нуди светот, а ја изгубиме својата душа (Матеј 16,26)?

Меѓутоа, сознанието за тоа што учи Библијата во врска со спасението во голема мера зависи од толкувањето. Ако погрешно му пристапиме на толкувањето на Библијата, веројатно ќе дојдеме до погрешни заклучоци не само во поглед на спасението, туку и на сè останато на што нè учи Библијата. Всушност, уште во времето на апостолите се вовлекла погрешна теологија во црквата, несомнено поткрепена од погрешните толкувања на Писмото.

**Прочитајте 2. Петрово 3,15.16. Што ни говори тоа за важноста на правилното толкување на Писмото?**

___

___

Навистина, ако сме народ на Книгата, кој сака да живее според Библијата и само Библијата, и ако немаме други авторитативни извори, како што се традицијата, исповедањето на верата или авторитетот на црквата да ја толкува Библијата наместо нас – тогаш прашањето за правилната херменевтика на Библијата е исклучително важно, бидејќи ја имаме само Библијата која може да ни каже во што да веруваме и како да живееме.

Прашањето за толкувањето на Писмото е од пресудна важност за теолошкото и мисиолошкото здравје на црквата. Без правилно толкување на Библијата не може да се има единство на доктрината и учењето, а оттука ни единство на црквата и нашата мисија. Лошата и искривена теологија неминовно води кон непотполна и промашена мисија. Конечно, ако имаме порака која треба да ја предадеме на светот, но сме несигурни во врска со значењето на таа порака, колку успешно ќе можеме да ја изнесеме пред оние на кои им е потребно да ја слушнат?

**Прочитајте ги трите ангелски пораки од текстот Откровение 14,6-12. Кои теолошки прашања се јавуваат тука и зошто нивното правилно толкување е толку важно за нашата мисија?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот кон Христа* од Елена Вајт прочитајте ја главата „Што да правиме со сомневањето?", стр. 105-113 оригинал, а од документите „Методи на проучување на Библијата" 1. дел: 'Проучување на Библијата: Претпоставки, начела и методи'", 2. дел: „Претпоставки кои произлегуваат од тврдењето на Светото писмо", и 3. дел: „Начела за пристап на толкувањето на Светото писмо" (документот може да се најде на веб-адресата: https://www.adventisti.net/metode-proucavanja-biblije/).

„Кога ќе почнете да ја проучувате Божјата реч, отстранете ги сите предрасуди и туѓи идеи. Никогаш нема да ја откриете вистината ако го проучувате Светото писмо само за да ги одбраните своите лични идеи. Оставете ги на страна личните идеи и пристапете со понизно срце за да слушнете што ќе ви каже Господ. Божјата реч му дава разум на понизниот истражувач, кој седи крај Христовите нозе за да ја прими вистината од Него. На оние кои се сметаат за премногу мудри за да ја проучуваат Библијата, Христос им вели: Копнееете ли да станете мудри за спасение, тогаш станете благи и со понизни срца.

Не ја читајте Божјата реч во светлината на своите претходни сознанија, туку проучувајте ја грижливо, со молитва, слободни од личните предрасуди. Ако во текот на читањето стекнете уверување дека вашето омилено мислење не се согласува со Речта, не обидувајте се Речта да ја усогласите со вашето мислење, туку напротив, настојувајте своето мислење да го доведете во хармонија со Божјата реч. Не дозволувајте на вас да влијаат вашите навики и вашето старо верување. Отворете ги очите на својот ум за да ги гледате чудесата на Божјиот закон. Откријте што е напишано, и своите нозе утврдете ги на вечната Карпа" (Елена Вајт, *Порака до младите христијани,* стр. 260 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кој начин нашиот поглед на светот, нашето образование и култура влијаат на нашето толкување на Светото писмо? Зошто е толку важно да бидеме свесни за надворешните влијанија кои неминовно ги внесуваме во своето толкување на Библијата?**

**2. Сите се согласуваме со тоа дека сме грешни и дека се наоѓаме под негативното влијание на гревот. На кои сè начини гревот влијае на нашето разбирање на Библијата? Односно, што е тоа што ни го прави гревот а може да нè наведе погрешно да ја толкуваме Божјата Реч? На пример, како желбата да направиме нешто што Библијата го осудува може да нè наведе да го искривуваме нејзиното значење? На кои други начини гревот го „филтрира" нашето толкување на Библијата?**

**3. Како разбирањето на библиското време и култура може да ни помогне подобро да сфатиме одредени делови на Писмото? Наведете некои примери.**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 7**
**9 – 15 мај 2020**

# ЈАЗИКОТ, ТЕКСТОТ И КОНТЕКСТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 32,46.47; 1. Царевите 3,6; 4. Мојсеева 6,24-26; 1. Мојсеева 1,26.27; 1. Мојсеева 2,15-23; 15,1-5.**
**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Земете го книжниот свиток на овој Закон и положете го во Ковчегот на Господовиот Завет. Таму нека биде сведок против тебе“ (5. Мојсеева 31,26).**

Меѓу милијардите луѓе, кои денес живеат на светот, се зборуваат повеќе од 6.000 јазици. Комплетната Библија е преведена на повеќе од 600 јазици, а Новиот завет или некои делови на Писмото на повеќе од 2.500 други јазици. Тоа се несомнено многу јазици, но сè уште помалку од половина од оние кои денес се зборуваат во светот.

Според проценките, една и пол милијарда луѓе не поседуваат ниту дел од Светото писмо на својот мајчин јазик. И иако останува уште многу работа, напорите на библиските друштва до сега обезбедиле 6 милијарди луѓе да добијат можност да го читаат Писмото.

Каков само благослов е да се биде меѓу оние кои ја имаат Библијата на својот јазик! Честопати го земаме тоа како нешто што само по себе се подразбира, заборавајќи дека не само што многумина ја немаат таа предност туку и дека Библијата во Европа со векови намерно била држана подалеку од широките народни маси. Благодарение на Реформацијата и печатарската преса, тоа повеќе не е случај. Таквите меѓу нас, кои ја имаат Библијата, секогаш можат одново да се уверат дека ние, со помош на Светиот Дух, можеме да научиме да ја истражуваме Божјата Реч и да го запознаваме Господа кој се открива на нејзините страници.

## ДА СЕ РАЗБЕРЕ ПИСМОТО

**Прочитајте 2. Тимотеј 3,16.17. Со која цел ни е дадена Библијата?**

____________________________________________________________

Библијата е пишувана како сведоштво за Божјето делување во текот на историјата, за Неговиот план за да го откупи паднатиот човечки род, и на секој начин да нѐ поучи за праведноста. Господ одлучил тоа да го оствари со човечки јазик, своите мисли и планови да ги обелодени со помош на човечките зборови. Спасувајќи го Израел од Египет, Бог го избрал како посебен народ кој требало да им ја пренесе Неговата порака на сите останати народи. Му дозволил на тој народ, Неговата Реч да ја изнесува на сопствениот јазик – еврејскиот (освен мал дел на арамејски, јазик кој е сроден на еврејскиот).

Подемот на грчката култура донел нови можности, така што Новиот завет се пренесувал на универзалниот грчки јазик, кој тогаш нaголемо се зборувал во тој дел од светот. (Исто така, постоел и грчки превод на Стариот завет). Тој „универзален“ јазик им овозможил на апостолите и раната црква во својата нова мисионерска ревност, по Христовата смрт, да ја прошират Неговата порака нашироко и надалеку. Подоцна, апостол Јован „го посведочи Божјото Слово и сведоштвото на Исуса Христа, сѐ што виде“ (Откровение 1,2). На тој начин Библијата укажува на континуитетот на тоа вдахновено „сведоштво“ меѓу сите нејзини писатели, од првиот до последниот.

**Прочитајте 5. Мојсеева 32,46.47. Зошто било толку важно Израелците да ги држат „сите зборови на овој Закон“ (5. Мојсеева 32,46) – Тората (што значи „наука“ или „учење“)? Како Божјата Реч ги „продолжува“ нашите денови? Што би можело тоа да значи во нашите денешни околности?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Некои народи на својот мајчин јазик имаат не само еден, туку повеќе различни преводи на Библијата. Други имаат само еден превод, ако воопшто имаат и толку. Но, без оглед на тоа што имаме, важно е Библијата да ја цениме како Божја Реч, а уште поважно е да се покоруваме на нејзините учења.

**Зошто е важно секогаш (5. Мојсеева 32,47) да ја послушаме Божјата Реч, па и своите деца да ги учиме на тоа?**

## ЗБОРОВИТЕ И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ

Во секој јазик постојат зборови кои се толку богати и длабоки во своето значење што е многу тешко со еден збор адекватно да се преведат на друг јазик. Неопходно е пообемно проучување на нивната употреба во Библијата за да се разбере целокупниот опсег на нивното значење.

**Прочитајте 1. Царевите 3,6, Псалм 57,3, Псалм 66,20, Псалм 143,8 и Михеј 7,20. На кои сè начини Божјата милост и добрина ги опфаќаат Неговите созданија?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Еврејскиот збор *chesed* (милост) е една од најбогатите и најдлабоки зборови во Стариот завет. Таа ја опишува Божјата љубов, добрина, милост и заветен став кон Неговиот народ. Во овие неколку стихови, гледаме како Тој „Ти му направи голема милост (*chesed*) на Твојот слуга, татко ми Давид...Ти му ја зачува таа голема милост (*chesed*)“ (1. Царевите 3,6). Тој ја испраќа „Својата милост (*chesed*) и вистина“ (Псалм 57,3). Што се однесува до Израел, тој ќе покаже „верност кон домот на Јаков, милост (*chesed*) кон Авраам“ (Михеј 7,20). Цели книги се напишани за тој збор *chesed*, во обид да се спознае длабочината на Божјата милост и љубов кон нас.

**Прочитајте 4. Мојсеева 6,24-26, За Јов 3,26, Псалм 29,11, Исаија 9,6 и Исаија 32,17. Што претставува зборот „мир“ или *shalom* за кој се зборува во овие текстови?**

____________________________________________________________

Еврејскиот збор *shalom* често се преведува како „мир“, но неговото значење е многу подлабоко и пошироко од тоа. Тој може да се преведе како „целокупност, потполност и благосостојба“. Божјиот благослов и Неговата милост нè чуваат нас во состојба на мир (*shalom*), што е дар од Бог (4. Мојсеева 6,24-26). Наспроти тоа, искуството на Јов во неволјите довело до тоа тој да нема ни „мир“ ни „олеснување“ бидејќи му недостасувал *shalom* (За Јов 3,26). Во овој трескавичен свет, огромен благослов е да се дочека саботниот ден со зборовите *Shabbat shalom*, бидејќи заедницата со Бога ни дава и конечен мир и комплетност за коишто копнееме во животот.

**На кој јазик и да зборуваме и читаме – дури и ако не го знаеме оригиналното значење на сите тие изрази – како можеме на најдобар начин да ја доживееме реалноста на она што тие зборови го подразбираат?**

## ПОВТОРУВАЊЕТО, ЈАЗИЧНИТЕ ОБРАСЦИ И СМИСЛАТА

Во еврејската мисла има повеќе начини да се изразат одредени идеи кои ја нагласуваат смислата и ја истакнуваат важноста на одредени поими. За разлика од европските јазици, еврејскиот во својот изворен облик не содржел знаци на интерпункција, така што се развиени јазични структури кои на друг начин ги пренесувале таквите идеи.

**Прочитајте 1. Мојсеева 1,26.27 и Исаија 6,1.3. Кои зборови се повторуваат во овие текстови? Како тие зборови со своето повторување воведуваат различни концепти и попримаат пошироко значење?**

_______________________________________________________________

Еден од начините на кои еврејскиот писател можел да нагласи извесна Божја особина бил тоа да го повтори три пати. Кога во извештајот за Создавањето стигнуваме до крајот на Божјето создателско дело, текстот ја нагласува посебната важност на создавање на човекот. Изразот *bara*', „создава“, секогаш го има само Бога за свој субјект. Со други зборови, единствено Бог ја има таа моќ да создава независно од предпостоечките творби. Следниот текст го опишува создавањето на човекот: „Бог го создаде човекот во Својот лик, Тој го создаде во Божјиот лик; ги создаде машко и женско“ (1. Мојсеева 1,27). Забележете дека зборот „создаде“ се повторува три пати. Мојсеј на тој начин нагласува дека Бог ги создал човечките суштества, и тоа дека ги создал според својот лик. Неговиот акцент бил на тие вистини.

Во визијата со која пророкот Исаија се повикува во служба, серафимот ги повторува зборовите: „Свет! Свет! Свет е Господ над Воинствата!“ (Исаија 6,3). Акцентот тука е ставен на светоста на величествениот Бог, чие присуство го исполнува храмот. Таа светост ја воочуваме и врз основа на зборовите што ги изговара Исаија додека стои во присуство на Семоќниот: „Тешко мене, пропаднав“ (Исаија 6,5). Дури и еден пророк како што е Исаија, соочен со Божјата светост и карактер, се стаписал во својата недостојност. Затоа, уште овде, многу пред Павловото излагање за човечката грешност и потреба за Спасителот (Римјаните 1-3), можеме да видиме како Библијата укажува на паднатата човечка природа, дури и на една толку „добра“ личност како што бил Исаија.

Во 3. глава од Книгата на пророк Даниел се повторува (со извесни варијации) изразот „идол што го беше поставил царот Навуходоносор“ (Даниел 3,1.2.3.5.7.12.14.15.18). Тој израз, во некоја од неговите варијации, се повторува 10 пати во оваа глава, за да укаже на постапката на царот која е во спротивност со ликот што Бог му го открил преку Даниел (Даниел 2,31-45). Овде акцентот е ставен на човечкото настојување себеси да се прикаже како бог кому треба да му се поклонуваат, за разлика од вистинскиот Бог, кој е единствен достоен да биде обожаван.

## ТЕКСТОВИ И КОНТЕКСТИ

Зборовите во Светото писмо секогаш се јавуваат во одреден контекст. Тие не стојат сами за себе. Секој збор има свој непосреден контекст внатре во реченицата, и тоа е она што најпрво треба да се разбере. Потоа, тука е и поширокиот контекст на мисловната целина во рамките на кој се наоѓа таа реченица. Тоа може да биде извадок од ракопис, глава, или низа од глави. Од клучна важност е што е можно подобро да го разбереме контекстот на зборовите и речениците, за да не дојдеме до погрешни заклучоци.

**Споредете го стихот 1. Мојсеева 1,27 со стихот 1. Мојсеева 2,7. Потоа прочитајте го текстот 1. Мојсеева 2,15-23. Како можеме, врз основа на тие различни исечоци и нивните контексти, да ја разбереме одредницата** *adam*,**, што е еврејски збор за „човек“?**

Веќе видовме дека повторувањето на изразот *bara*' во стихот 1. Мојсеева 1,27 става акцент на создавањето на човекот. Сега гледаме дека, во контекст на тој стих, човекот е дефиниран како „машко и женско“. Тоа значи дека еврејскиот збор *adam* во овој стих треба да се разбере како општ израз за човештвото, односно целокупниот човечки род.

Меѓутоа, во стихот 1. Мојсеева 2,7 истиот израз *adam* се однесува на создавањето на Адам „од земен прав“ (на еврејски *adamah* – забележете ја играта на зборови). Овде името Адам се однесува само на машко, бидејќи Ева е создадена дури подоцна, на сосема поинаков начин. Според тоа, во секој исечок, дури и во контекст на двете соседни глави, гледаме дека се јавува разлика во дефинирањето на *adam* како „човештво“ (1. Мојсеева 1,27) и човекот Адам (1. Мојсеева 2,7). Дека Адам бил вистинска личност, тоа е потврдено подоцна во генеалогијата (1. Мојсеева 5,1-5, 1. Дневник 1,1, Лука 3,38), и со тоа што е спореден со Исуса, кој станал „втор Адам“ (Римјаните 5,12-14).

Како што зборот Адам се јавува во посебен текст, така и контекстот на создавањето на Адам и Ева се наоѓа во поширокиот извештај за Создавањето, што се гледа во 1. и 2. Мојсеева. Тоа се подразбира под поимот поширока целина. Таа целина му обезбедува на толкувачот дополнителни информации за различни теми, идеи и развој на настаните. Текстот 1. Мојсеева 2,4-25 своевремено е нарекуван „втор извештај за создавањето“, но разликата всушност се состои само во нагласокот (види ја поуката за следната седмица). И во двата извештаи прикажано ни е изворното потекло на човечкиот род.

**Како што гледаме, Бог непосредно го создал мажот и жената – човечкиот род. Како тоа ни покажува колку всушност била безумна „мудроста на овој свет“ (1. Коринќаните 1,20) кога тврди дека ние сме производ на чиста случајност?**

## КНИГИТЕ И НИВНАТА ПОРАКА

Најголемите поединечни целини во Светото писмо се различните книги на Библијата. Библиските книги се пишувани со различна цел и под различни околности. Некои содржат пророчка порака, други претставуваат компилации, како Псалмите. Има историски книги, како што се 1. и 2. Царевите, како и посланијата до различни цркви, како оние што ги пишувале Павле и другите.

Кога се обидуваме да ја разбереме смислата и пораката на одредена книга, важно е да почнеме со нејзиното авторство и со околностите во кои е пишувана. Многу книги од Библијата им се припишуваат на одредени автори. Првите пет книги од Стариот завет се препознаени како оние чиј автор е Мојсеј (Исус Навин 8,31.32; 1. Царевите 2,3; 2. Царевите 14,6; 21,8; Ездра 6,18; Немија 13,1; Даниел 9,11-13; Малахија 4,4). Тоа го потврдиле Исус (Марко 12,26; Јован 5,46.47; Јован 7,19) и апостолите (Дела 3,22, Римјаните 10,5). Во други случаи, авторите на библиските книги не се познати. (На пример, книгите за Естира и Рута, и некои историски книги, како што се Самоиловите книги и книгите на Дневникот, авторите не се познати).

**Прочитајте 1. Мојсеева 15,1-5 и 1. Мојсеева 22,17.18. Од какво значење за нас е тоа што Мојсеј ја напишал книгата Битие – 1. Мојсеева?**

Се разбира, Книгите од 2. до 5. Мојсеева се напишани по излегувањето од Египет. Меѓутоа, бидејќи 1. Мојсеева претставува основа, како историја на Божјите дела од Создавањето до добата на патријарсите, таа, по логика, всушност е пишувана пред Излегувањето.

„Како годините поминувале, тој, крстосувајќи со своите стада по осамени места, размислувал за состојбата на својот угнетен народ; и додека во своите мисли ги ’пребројувал’ Божјите дела во постапувањето со неговите татковци и неговите ветувања за наследството на одбраниот народ, кон небото ден и ноќ се издигнувале негови молитви за Израелскиот народ. Небесните ангели ја распростирале својата светлина околу него. Тука, под вдахновение на Светиот Дух, ја напишал книгата ’Создавањето’ (Прва книга Мојсеева)“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 251 оригинал).

Во 1. Мојсеева откриено ни е не само нашето потекло туку и планот на спасение, начинот на кој Бог ќе го откупи паднатото човештво. Тој план станува уште поочигледен кога Бог склучува завет со Аврама, кој го опфаќа Неговото ветување дека преку Аврам ќе подигне голем народ, составен од неговите потомци кои ќе бидат „како ѕвезди на небото и песок на морскиот брег“ (1. Мојсеева 22,17).

**Кои други големи вистини ни се откриени преку 1. Мојсеева, вистини кои во спротивно не би можеле да ги дознаеме? Што ни кажува ова за важноста на Божјата Реч за нашата вера?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Од книгата *Големата борба* од Елена Вајт прочитајте ја главата „Џон Виклиф“, стр. 79-96 оригинал, и „Лутер пред државен собор“, стр. 145-170 оригинал.

„Во својата Реч (Библијата) Бог ни дал сознание потребно за спасение. Ние Светото писмо треба да го примиме како сигурно и непогрешно откровение на неговата волја. Тоа е мерило на карактерот, правило на верата и животот... Иако Бог му ја открил својата волја на човекот во својата Реч, тоа не ја исклучува потребата од постојано присуство и водство на Светиот Дух. Напротив, Спасителот им го ветил Светиот Дух на своите ученици за да можат да ја разберат неговата Реч, да ги расветли и да ја запечати неговата наука во нивните срца. А бидејќи Библијата ја вдахнал Божјиот Дух, не може да има противречност меѓу учењето на Духот и пишаната Реч“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 9 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Без оглед на тоа колку преводи на Библијата постојат на вашиот јазик, што можете да преземете за тоа што го имате да го искористите на најдобар можен начин? Како можете да научите да ја цените Библијата како Божја Реч и врз основа на верата да бидете послушни на нејзините учења?**

**2. Размислувајте за разликите кои постојат меѓу она што нè учи Божјата Реч во врска со човечкото потекло (дека нас Бог нè создал во шестиот ден од Создавањето) и она што го учи самото човештво во име на „науката“ – а тоа е дека сме еволуирале во текот на милијарди години. Како тој остар контраст ни покажува колку е важно цврсто да се држиме за она што го учи Библијата, и колку далеку луѓето можат да отидат кога ќе се одвратат од Божјата Реч и нејзините јасни учења?**

**3. Кои други алатки за проучување ви стојат на располагање (ако воопшто ги имате), и како можат да ви помогнат за подобро да ја разберете Библијата? Па дури и ако немате никакви дополнителни алатки, како можете да примените некои од поуките во врска со толкувањето на Библијата што ги проучивме во текот на оваа седмица?**

**4. На Израелците им било кажано своите деца да ги поучуваат на големите вистини кои им се поверени, и секогаш одново да им зборуваат за тоа како Бог ги водел во животот (5. Мојсеева 4,9). Ставајќи ги на страна очигледните придобивки од натамошното пренесување на верата, што е тоа во врска со учењето и изнесувањето на сториите за Божјето водство во нашиот живот што ја зголемува и нашата лична вера? Односно, зошто споделувањето на библиската вистина со другите е толку благотворно и за нас самите?**

**Поука 8**
**16 – 22 мај 2020**

# СОЗДАВАЊЕТО – 1. МОЈСЕЕВА КАКО ОСНОВА – 1. ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 1,1-3, 1. Мојсеева 1,3-5, 2. Мојсеева 20,8-11, Откровение 14,7; Матеј 19,3-6; Римјаните 5,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во почеток беше Словото, и Словото беше во Бога, и Словото беше Бог. Тоа беше во почетокот во Бога. Сѐ стана преку Него, и ништо, што стана, не стана без Него. Во Него беше живот и животот им беше светлина на луѓето.“ (Јован 1,1-4).**

Првите глави на 1. Мојсеева книга претставуваат основа за остатокот на Светото писмо. Главните учења или доктрини на Библијата имаат свој извор во тие глави. Тука ја наоѓаме природата на Божеството кое хармонично работи во својство на Отецот, Синот (Јован 1,1-3, Евреи 1,1.2) и Духот (1. Мојсеева 1,2) при создавањето на светот и сѐ што е во него (1. Мојсеева 1,26-28). Првата Мојсеева книга нѐ запознава и со саботата (1. Мојсеева 2,1-3), со потеклото на злото (1. Мојсеева 3), со Месија и планот на спасение (1. Мојсеева 3,15), сеопштиот потоп (1. Мојсеева 6-9), заветот (1. Мојсеева 1,28; 2,2.3.15-17; 9,9-17; 1. Мојсеева 15), збрката на јазиците, раселувањето на народите (1. Мојсеева 10, 11) и со генеалогиите кои даваат рамка за библиската хронологија од Создавањето до Аврам (1. Мојсеева 5 и 11). На крајот, силата на Божјата изговорена Реч (1. Мојсеева 1,3; 2. Тимотеј 3,16; Јован 17,17), природата на човекот (1. Мојсеева 1,26-28), Божјиот карактер (Матеј 10,29.30), бракот меѓу маж и жена (1. Мојсеева 1,27.28; 1. Мојсеева 2,18.21-25), управувањето со земјата и нејзините ресурси (1. Мојсеева 1,26; 2,15.19), надежта во ветувањето за новото создавање (Исаија 65,17; 66,22; Откровение 21,1) – сето тоа се занова на тие први глави што ќе ги проучуваме оваа и следната седмица.

## ВО ПОЧЕТОКОТ...

**Прочитајте 1. Мојсеева 1,1. Кои длабоки вистини се тука откриени?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Библијата започнува со најблагородните и најсилни зборови, зборови кои истовремено се едноставни, но ако внимателно се проучуваат, откриваат безмерна длабочина. Всушност, одговорот на најважните филозофски прашања во врска со тоа кои сме ние, зошто сме овде и како сме дошле овде, го наоѓаме уште во првата реченица од Библијата.

Ние постоиме затоа што Бог нѐ создал во одреден момент од времето во минатото. Ние не сме еволуирале од ништо, ниту, пак, случајно сме дошле во постоење, без никаква крајна цел и јасен план, како што повеќето современи научни модели на потеклото тврдат денес. Дарвиновата еволуција во секој поглед е контрадикторна на Писмото, а обидите на поединците да ја доведат во согласност со Библијата придонесува до тоа христијаните да делуваат малку глупаво.

Според тоа, Бог нѐ создал во точно одреден момент на времето – „во почетокот“. Тоа несомнено значи дека Бог постоел пред тој почеток. Односно, Бог постоел пред времето да биде создадено и изразено со секојдневното менување на „вечерите и утрата“, како и со токот на месеците и годините, а сето тоа подредено од положбата на оваа планета во однос на сонцето и месечината. Вистината за тој апсолутен почеток е повторена и поддржана во другите делови на Писмото, кои секогаш одново ја потврдуваат природата и начинот на одвивањето на Божјето создателско дело (Јован 1,1-3).

**Прочитајте Јован 1,1-3 и Евреите 1,1.2. Кој бил посредник при создавањето? Размислете за значењето на тоа што Тој и умрел на крстот.**

____________________________________________________________

Библијата учи дека Исус бил посредник при создавањето, бидејќи вели: „Сѐ стана преку Него, и ништо, што стана, не стана без Него“ (Јован 1,3). Односно, преку Исуса „ги создаде и вековите“ (Евреите 1,1.2). Бидејќи сѐ од самиот почеток води потекло од Исус, можеме да се надеваме дека Тој на крајот ќе го доврши тоа што го започнал, бидејќи Тој е „Алфа и Омега“... „Првиот и Последниот“ (Откровение 1,8, 22,13).

**Какво значење има за вас сознанието дека Бог ве создал? Замислете дека во тоа не верувате. Колку поинаку би гледале на себе и на другите, и зошто?**

## ДЕНОВИТЕ НА СОЗДАВАЊЕ

Последните години станало вообичаено на седмицата на Создавањето да се гледа во небуквална смисла – како метафора, парабола, па дури и мит. Таквото сфаќање се јавило под влијание на теоријата на еволуцијата, која тргнува од претпоставката дека долгите временски периоди се одговорни за развитокот на животот на планетата Земја.

Што кажува Библијата на оваа тема? Зошто „деновите“ на Создавањето во 1. глава од 1. Мојсеева треба да се сфати во буквална, а не во преносна смисла?

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 1,3-5 и 2. Мојсеева 20,8–11. На кој начин изразот „ден“ е употребен во овие контексти?**

Еврејскиот збор *yôm*, или „ден“, доследно се користи во целиот наратив околу Создавањето за да опише буквален ден. Ништо во извештајот за Создавањето во 1. Мојсеева не навестува дека под тоа се подразбирало нешто друго освен буквален ден, како што денеска го сфаќаме секој поединечен ден. Всушност, некои научници, кои не веруваат дека тука станува збор за буквални денови, сепак признаваат дека намерата на авторот била да прикаже буквални денови.

Интересно е тоа што Бог лично го одредил името за првата единица на времето (1. Мојсеева 1,5). *Yôm*, или „ден“ е дефиниран под изразот „и настапи вечер, и настапи утро – прв ден“ (1. Мојсеева 1,5.8, итн.). Изразот е употребен во еднина, а не во множина, што значи дека се однесувал на еден буквален ден.

Според тоа, седумте дена на Создавањето треба да се сфатат како целосна временска единица, која почнува со основниот број *’echad* („еден“), по што следат редните броеви (втор, трет, четврти, итн). Тој образец укажува на една последователна низа од денови, која својот врв го достигнува во седмиот ден. Во врска со употребата на зборовите и на самиот облик на наративот нема никакво навестување дека постоел некој период меѓу тие денови. Седумте дена на Создавањето се навистина седум дена, како што и денеска го мериме времето.

Исто така, буквалната природа на денот се подразбирала и во онаа прилика кога Бог со сопствениот прст ја напишал четвртата заповед, укажувајќи дека основата за седмиот ден – сабота почива на редоследот на деновите внатре во рамките на буквалната седмица на Создавањето.

**Создавањето опишано во 1. Мојсеева не е единственото создавање за кое зборува Библијата. Се споменува и ново создавање, за време на Второто доаѓање, кога Бог она што е смртно ќе го преобрази во бесмртно „во еден миг, во миг на окото, при гласот на последната труба“ (1. Кор. 15,52). Ако Бог е во состојба тоа да го направи во еден единствен момент при новото создавање, зошто би му биле потребни милијарди години за првото создавање, како што учи теистичката еволуција?**

## САБОТАТА И СОЗДАВАЊЕТО

Денеска саботата, како седми ден, е под тежок удар во секуларното општество и верските заедници. Тој факт се огледува во работните распореди на глобалните корпорации, во обидите да се променат календарите во многу европски земји, во кои понеделник е означен како прв ден во седмицата а недела како седми, а исто така и во неодамна излезената енциклика за климатските промени во која саботата како седми ден се нарекува „еврејска сабота“, а светот се охрабрува да го празнува денот од одморот за да се ублажи глобалното загревање (Pope Francis, Laudato Si’, Vatican City: Vatican Press, 2015, pp. 172, 173).

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 2,1-3; 2. Мојсеева 20,8-11; Марко 2,27 и Откровение 14,7. На кои сè начини разбирањето на седмицата на Создавањето е поврзано со четвртата заповед? Како е ова поврзано со Тројната ангелска вест?**

Библијата вели: „На седмиот ден Бог ги заврши Своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите Свои дела, што ги направи“ (1. Мојсеева 2,2). Многу креационисти денеска го нагласуваат Божјето дејствување во текот на шесте дена на Создавањето, но го занемаруваат фактот дека Неговото дело не завршило во шестиот ден. Божјето дело е завршено кога го создал Саботниот ден. Затоа Исус рекол: „Саботата е воспоставена заради човекот, а не човекот заради саботата“ (Марко 2,27). Исус можел да го изнесе тоа авторитативно тврдење бидејќи Тој ја направил или создал саботата како вечен знак и печат на Божјиот завет со Неговиот народ. Саботата не била наменета само за еврејскиот народ, туку за целокупното човештво.

Првата книга Мојсеева укажува на три работи коишто Исус ги направил откако го создал саботниот ден. Прво, Тој „се одмори“ (1. Мојсеева 2,2), пружајќи ни божествен пример на својата желба да отпочине со нас. Второ, Тој го „благослови“ седмиот ден (1. Мојсеева 2,3). Во наративот за Создавањето, животните се благословени (1. Мојсеева 1,22), Адам и Ева се благословени (1. Мојсеева 1,28), но единствениот ден кој е посебно благословен е седмиот ден. Трето, Бог го „освети“ (1. Мојсеева 2,3) или „го направил свет“.

Ниту еден друг ден во Библијата не ги примил тие три одредници. Но сепак, овие три Божји постапки повторно се наведуваат во четвртата заповед, кога Тој со сопствениот прст пишува и се осврнува на Создавањето како основа за празнување на саботата (2. Мојсеева 20,11).

**Во текстовите Откровение 14,7 и 2. Мојсеева 20,11, заповедта за саботата директно се споменува како основа за обожавање на Создателот. На кој начин таа директна поврзаност на богослуженијата со саботата се огледува во настаните на последните денови?**

## СОЗДАВАЊЕТО И БРАКОТ

Во последната деценија сведоци сме на огромни промени во начинот на кој општеството и властите го дефинираат бракот. Многу народи во светот одобриле истополови бракови, менувајќи ги претходните закони кои ја штитеа структурата на семејството со еден маж и една жена во центарот. Тоа е до сега невиден развој на настаните во многу аспекти, и тој покренува нови прашања во врска со институцијата брак, со односот на црквата и државата, а исто така и со светоста на бракот и семејството како што ги дефинира Писмото.

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 1,26-28 и 1. Мојсеева 2,18.21-24. Што можеме да научиме од овие текстови во врска со Божјиот идеал кога е во прашање бракот?**

Шестиот ден, Бог доаѓа до круната на создавањето – до создавањето на човекот. Извонредно е тоа што во текстот 1. Мојсеева 1,26 прв пат се користи множина за Бог: „Да направиме човек во Нашиот лик.“ Сите личности на тројното Божество, во заемна љубов, сега создаваат божествен воспоставен брачен однос меѓу луѓето овде на земјата.

„Го создаде во Божјиот лик; ги создаде машко и женско“ (1. Мојсеева 1,27). Адам изјавува: „Сега најпосле, тоа е коска од моите коски, и месо од моето месо! Нека биде наречена Жена, зашто е земена од Мажот“ (1. Мојсеева 2,23), и ѝ го дава името „жена“. Бракот подразбира дека „човекот ќе ги остави татка си и мајка си, и ќе се прилепи кон својата жена; и тие ќе станат едно тело“ (1. Мојсеева 2,24).

Светото писмо е недвосмислено во тоа дека тој однос треба да постои меѓу мажот и жената, кои и самите потекнуваат од свој татко и своја мајка, исто така маж и жен. Тој концепт и понатаму се разјаснува преку упатството дадено на првите родители на земјата: „И Бог ги благослови и им рече Бог: ’Плодете се и множете се и наполнете ја земјата, и потчинете ја!’“ (1. Мојсеева 1,28). Според петтата заповед, децата (потомството) треба да ги почитуваат своите родители, таткото и мајката (2. Мојсеева 20,12). Таквиот меѓусебен однос не може да се оствари во рамките на што и да е друго освен во хетеросексуално партнерство.

**Прочитајте ги Исусовите зборови во текстот Матеј 19,3-6. Што учиме овде поглед на природата и светоста на бракот? Во светлината на Исусовите зборови, а повторно – не губејќи ја од вид Божјата љубов кон сето човештво, како ни фактот дека сите сме грешници – како да заземеме цврст и верен став кога станува збор за библиските начела во врска со бракот?**

## СОЗДАВАЊЕТО, ПАДОТ И КРСТОТ

Библијата дава увид во трајната поврзаност меѓу совршеното Создавање, падот во грев, доаѓањето на ветениот Месија и конечното откупување. Тие главни настани стануваат основна тема на историјата на спасението на човечкиот род.

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 1,31; 2,15-17 и 3,1-7. Што се случило со Божјиот совршено создаден свет?**

_______________________________________________________________

Бог изјавил дека Неговото дело „е многу добро“ (1. Мојсеева 1,31). „Со тоа создавањето било завршено... Едем цутел на земјата. На Адама и Ева им бил дозволен пристап кон дрвото на животот. На чистото дело на создавањето немало никаква сенка од грев или смрт“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 47 оригинал). Бог ги предупредил Адама и Ева дека ако јадат од забранетото дрво, сигурно ќе умрат (1. Мојсеева 2,15-17). Змијата го започнала својот говор со прашање, а потоа тврдела нешто сосема спротивно на она што Бог го кажал: „Нема да умрете“ (1. Мојсеева 3,4). Сатаната ѝ ветил на Ева дека ќе има големо знаење и дека ќе биде како Бог. А таа, очевидно, му поверувала.

**Како Павле ја потврдува Божјата изјава од текст од 1. Мојсеева 2,15-17? Прочитајте Римјаните 5,12 и Римјаните 6,23. Во каков однос се овие учења спрема теистичката еволуција?**

_______________________________________________________________

Во Светото писмо можеме да видиме дека библиските писатели од подоцнежниот период го потврдувале она што претходно било напишано, давајќи и дополнителни увиди. Во посланието до Римјаните, од 5 до 8 глава, Павле пишува за гревот и за убавината на спасението, па меѓу останатото вели: „Гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот - смртта; така смртта помина на сите луѓе, зашто сите згрешија“ (Римјаните 5,12). Меѓутоа, од еволуционистичка перспектива, смртта била присутна милиони години пред појавата на човештвото. Таа идеја сериозно ги доведува во прашање библиските учења за потеклото на гревот, за Христовата заменичка смрт на крстот и за планот на спасение. Ако смртта не е поврзана со гревот, тогаш плата за гревот не е смртта (Римјаните 6,23), и Христос не би имал причина да умре поради нашите гревови. Според тоа, Создавањето, падот во грев и крстот се нераскинливо поврзани. Првиот Адам е поврзан со последниот Адам (1. Коринќаните 15,45.47). Според тоа, верувањето во дарвинистичката еволуција, дури и ако некоја идеја за Бога се вметне во тој процес, би ја уништила самата основа на христијанството.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт прочитајте ги главите „Создавањето“, стр. 44-51 оригинал, и „Седмицата има буквално значење“, стр. 111-116 оригинал.

„Сè побројните докази, засновани на компаративни, литерарни, лингвистички и други разгледувања, се спојуваат на секое ниво, водејќи кон заеднички заклучок дека одредницата *yôm,* ‘ден’ од 1. глава 1. Мојсеева, доследно означува еден буквален дваесет и четири часовен ден.

Авторот на 1. глава од 1. Мојсеева не можел да најде поцелосни и посеопфатни начини да ја изрази идејата за буквален ‘ден’ од оние кои ги избрал“ (Gerhard F. Hasel, “The ‘Days’ of Creation in Genesis 1: Literal ‘Days’ or Figurative “Periods/Epochs’ of Time?“ Origins 21/1 [1994], стр. 30, 31).

„Дури и најголемите умови ќе се збунат во обидот да го истражат односот меѓу науката и откровението, ако не се потпираат на Божјата реч. Творецот и Неговите дела се над нивната моќ на разбирање, а поради тоа што тие не можат да се објаснат со природните закони, библиската историја се прогласува за неверодостојна“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church*, кн. 8, стр. 258).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Обрнете внимание на претходниот цитат од Елена Вајт. Колку често, дури и денес, го гледаме токму тоа за што таа пишувала – дури и меѓу оние христијани, кои се соочени до тврдењата на науката, автоматски на тие тврдења им даваат предност во однос на библискиот извештај, иако тоа, како што таа предупредувала, подразбирало дека библиската историја е „неверодостојна“?**

**2. Зошто е невозможно сериозно да се сфати Библијата, а едновремено да се прифати теистичката еволуција? Ако познавате некој што ја застапува теистичката еволуција, а тврди дека е христијанин, зошто не го замолите да ви го објасни крстот во светлината на она што Павле го пишува (види Римјаните 5) за директната поврзаност меѓу Адамовиот пад, смртта и Исусовиот крст? Какво објаснување би можел да ви даде тој?**

**3. Ако Библијата е Божје откровение, зар тогаш очите на верникот и уверувањата не се отворени за една поширока реалност изложена во Писмото? Како тогаш христијаните можат да бидат прогласени за луѓе со „затворен ум“, кога тие својот ум го отвораат за библиските вистини, што ги открил бесконечниот Бог? Атеистичкиот, материјалистичкиот поглед на светот всушност е многу потесен од христијанскиот поглед.**

**4. Како верници кои се предани на Божјата Реч, како можеме да им помогнеме на оние кои се борат со прашањето на сексуалната ориентација? Зошто ние не смееме да бидеме тие кои фрлаат камења, дури и на таквите луѓе кои, како жената фатена во прељуба, навистина се виновни за гревот?**

**Поука 9**
**23 – 29 мај 2020**

# СОЗДАВАЊЕТО – 1. МОЈСЕЕВА КАКО ОСНОВА – 2. ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: За Јов 26,7-10; 1. Мојсеева 1 – 2; 1. Мојсеева 5; 1. Мојсеева 11; 1. Дневникот 1,18-27; Матеј 19,4.5; Јован 1,1-3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Небесата ја раскажуваат Божјата слава, небесниот свод го навестува делото на Неговите раце.“ (Псалм 19,1).**

Многу големи мислители биле вдахновени од Светото писмо да го истражуваат Божјиот создаден свет. Како резултат на тоа, родена е модерната наука. Јохан Кеплер, Исак Њутн, Џон Реј, Роберт Бојл и други големи научници од минатото верувале дека нивната работа открива уште повеќе за делата создадени од Божјата рака.

Меѓутоа, по Француската револуција, науката на деветнаесеттиот век почнала да се врти од теистичкиот поглед на свет кон натурализмот и материјализмот, често не оставајќи ни малку простор за што било натприродно. Тие филозофски идеи станале особено популарни по излегувањето на делото на Чарлс Дарвин *За потеклото на видовите* (1859). Од тој момент, науката сè повеќе се дистанцира од своите библиски темели, што довело до радикални промени во толкувањето на извештајот од 1. Книга Мојсеева.

Дали Библијата навистина застапува некое застарено, ненаучно сфаќање на космологијата? Дали библискиот извештај едноставно е позајмен од околните пагански народи? Дали Библијата била културно условена од местото и времето во кое настанала, или сепак нејзината вдахновена природа нè издигнува до едно сеопфатно сфаќање за потеклото – внатре во неговата божествена рамка?

Тоа се само некои од прашањата околу кои ќе размислуваме во поуката за оваа седмица.

**ЗЕМЈАТА РАМНА?**

Главно се смета дека луѓето во античкиот свет верувале дека земјата е рамна плоча. Меѓутоа, вистина е, дека повеќето од нив, од разни добри причини, разбирала дека земјата има кружна форма. Сепак, и ден-денес, има такви кои тврдат дека и самата Библија го застапува учењето за рамна земја.

**Прочитајте Откровение 7,1 и 20,7.8. Каков е контекстот на овие стихови? Што е уште поважно, дали во нив се тврди дека земјата е рамна?**

____________________________________________________________

Јован, авторот на овие текстови, изнесувајќи го пророштвото за последното време, опишува четири небесни ангела кои „стојат на четирите агли на земјата, држејќи ги четирите земни ветрови“ (Откровение 7,1). Тој трипати го повторува зборот „четири“ за да ги поврзе тие ангели со четирите страни на светот.

Накратко, тој користи сликовит јазик, како што правиме и ние денес кога ќе кажеме, на пример, „сонцето заоѓа“, или ветрот се „подига од исток“. Инсистирањето на буквално толкување на тие пророчки текстови, иако контекстот јасно укажува на преносното значење на поимите исток, запад, север и југ, би значело да се извлечат од контекст и да се тврди дека тие значат нешто што всушност не значат. На крајот на краиштата, кога Исус рекол: „Зашто од срцето произлегуваат: зли мисли, убиства, прељуби, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули“ (Матеј 15,19), Тој не говорел за човечката физиологија, ниту за буквалното човечко срце. Употребил стилска фигура за да изнесе една морална поука.

**Прочитајте ги текстовите За Јов 26,7-10 и Исаија 40,21.22. Што ни кажуваат тие за природата на земјата?**

____________________________________________________________

Во текстот во Книгата за Јов 26,7 за земјата се вели дека е обесена во просторот: „Тој го оптегнува Северот врз празнината, Тој ја држи земјата, необесена на ништо“. Земјата е „круг“ или сфера (За Јов 26,10). Исаија 40,22 гласи: „Тој престолува над земниот круг, жителите се како скакулците пред Него. Како завеса ги простре небесата, ги оптегна како шатор за живеење“.

**Ставете се во положба на некој кој живеел пред повеќе илјади години. Каков доказ би имале дека земјата се движи? Или доказите за тоа дека таа стои неподвижно би ги сметале за многу поуверливи? Или, каков доказ би нашле дека таа е рамна или тркалезна?**

## СОЗДАВАЊЕТО ВО ДРЕВНАТА ЛИТЕРАТУРА

Археолозите пронашле текстови од стариот Египет и од Блискиот Исток кои содржат древни приказни за создавањето и потопот. Тоа ги навело некои да се запрашаат дали извештајот од 1. Мојсеева всушност е позајмен од тие култури, или на некој начин зависел од нив. Дали тоа е навистина така?

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 1-2,4, а потоа споредете го со исечоците од епот за Атрахази: „Кога боговите наместо човекот ја извршувале работата и ги носеле товарите, товарот на боговите бил преголем, работата претешка, премногу неволји... 'Божицата мајка нека создаде потомство, и човекот нека го носи товарот на боговите!'... Гешту, богот кој имал разум, го заклале пред соборот. Нинту ја помешал глината со неговото тело и крв..."(*Stephanie Dalley, Myths from Mesopotamia: Creation, the Flood, Gilgamesh, and Others* (New York: Oxford University Press, 1989), стр. 9, 14, 15). Кои разлики ги забележувате?**

Иако постојат извесни сличности меѓу тие приказни (на пример, првите луѓе се направени од глина), разликите се многу поизразити.

(1) Во епот за Атрахази човекот работи за боговите за да можат тие да се одморат. Во 1. Мојсеева, Бог ја создава земјата и сè на неа за човечките суштества кои се врв на создавањето, а потоа се одмора заедно со нив. Во 1. Мојсеева, луѓето се сместени во градината и повикани да одржуваат врска со Бога и да водат сметка за делата на Неговото создавање – концепт кој не го наоѓаме во епот за Атрахази.

(2) Во епот за Атрахази еден помалку важен бог е убиен и неговата крв е помешана со глина за да се создадат седум мажи и жени. Во 1. Мојсеева, првиот Адам непосредно го „направил" Бог, кој му вдахнал живот, а жената е „направена" подоцна да биде негов „помошник". Бог не ги создал Адам и Ева од крвта на некој заклан помал бог.

(3) Нема никакви знаци на конфликт или насилство во извештајот од 1. Мојсеева, како што тоа го наоѓаме во приказната за Атрахази.

Библискиот извештај на возвишен начин го опишува семожниот Бог кој на луѓето им обезбедил достоинство и цел во еден совршен свет. Таа драстична разлика ги навела научниците на заклучок, дека тука сепак станува збор за многу различни извештаи за создавањето.

**Некои тврдат дека приказните за создавањето и потопот се пренесувани во текот на вековите, делумно потпирајќи се на она што навистина се случило (оттука некои од сличностите), но со време се извртени. За разлика од ова, Мојсеј, под влијание на Светиот Дух, открил што навистина се случило. Зошто тоа објаснување за тие неколку сличности е подобро од тврдењето дека Мојсеј ги позајмувал идеите од паганските приказни?**

# ПРВА МОЈСЕЕВА НАСПРОТИ ПАГАНИЗМОТ

Далеку од тоа дека зависела од древните пагански митови за создавањето, 1. Мојсеева како да е напишана на начин кој ги побива тие митови и Бога како Создател го одвојува од нив.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 1,14-19. Како се опишани небесните тела кои се јавуваат во четвртиот ден и каква била нивната улога?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Изразите „сонце“ и „месечина“ најверојатно се намерно избегнати, бидејќи нивните називи на еврејски претставувале имиња (или биле тесно поврзани за имињата) на боговите на сонцето и месечината на древниот Египет и Блискиот Исток. Употребата на изразот „поголемо светило“ и „помало светило“ покажува дека тие се создадени за посебна цел – „за да го делат денот од ноќта и да бидат знаци, и за времињата, и за деновите, и за годините“ и за да „ја осветлуваат земјата!“ (1. Мојсеева 1,14.15). Односно, текстот многу јасно покажува дека сонцето и месечината не биле богови туку создадени објекти со посебна улога во природата, како што главно и денес ги сфаќаме.

**Прочитајте 1. Мојсеева 2,7.18-24. Како Бог бил тесно вклучен во создавањето на Адам и Ева?**

____________________________________________________________

Древните блискоисточни митови едногласно го опишуваат создавањето на човекот како „дополнителна мисла“, која произлегла од обидите боговите да се ослободат од напорната работа. На таа митска претстава ѝ противречи библиската идеја дека човекот требало да владее со светот како Божји намесник. Ништо во создавањето на луѓето не било дополнителна мисла. Ако текстот нешто порачува, тоа е дека тие биле врв во создавањето, што уште појасно покажува колку паганските и библиските извештаи всушност остро се разликуваат.

Првата Мојсеева книга, според тоа, претставува коректив на митовите од античкиот свет. Мојсеј користел извесни поими и идеи кои не можат да се спојат со паганските сфаќања. А тоа го правел едноставно изнесувајќи го библиското сфаќање на реалноста, Божјата улога и целта на Создавањето.

**Пред повеќе илјади години библискиот извештај за создавањето бил во спротивност со преовладувачката култура. Во денешно време библискиот извештај за создавањето е во спротивност со културата што преовладува. Зошто не би требало тоа да нè чуди?**

## СОЗДАВАЊЕТО И ВРЕМЕТО

**Прочитајте 5. и 11. глава од 1. Мојсеева. Како Библијата ја следи историјата на човештвото од Адам до Ное и од Ное до Аврам?**

Постои еден елемент кој овие генеалогии ги прави единствени во Библијата – тие го содржат елементот на времето, поради што некои научници правилно ги нарекуваат „хронологии". Тие содржат еден механизам на заемно склопени податоци за потеклото, поврзани со временските периоди, така што, „поживеа 'првата личност' x години и доби 'друга личност'. А по раѓањето на 'другата личност', поживеа 'првата личност' y години, раѓајќи други синови и ќерки". Во 5. глава од 1. Мојсеева на таа формула се додава уште и изразот: „Така поживеа 'првата личност' само z години".

Таквиот систем на заемно вклопување спречувал некои генерации да бидат изоставени или да бидат додадени. Петтата и единаесеттата глава на 1. Мојсеева содржат неиспрекината линија на потомци, што е поткрепено со генеалогијата од 1. Дневникот 1,18-27, во која нема додадени или изоставени генерации. На тој начин Библијата се толкува самата себе.

Речиси 2000 години еврејските и христијанските изложувачи, сметале дека тие текстови се засновани на прецизен начин за одредување на датумот на Потопот и староста на земјата, барем од седмицата на Создавањето како што е опишана во 1. и 2. глава од 1. Мојсеева.

Меѓутоа, во последните децении имало обиди 5. и 11. глава од 1. Мојсеева повторно да се толкува за да се прилагоди на долгите временски периоди, на кои, како што се смета (од страна на грешните луѓе), укажуваат некои археолошки и историски податоци. Тоа создава сериозни прашања во врска со веродостојноста на библиските записи.

Но, ако го разбереме Божјиот поим за времето и неговото одвивање низ историјата, мораме да признаеме дека тие две глави се „историски и теолошки втемелени, поврзувајќи го Адама со остатокот на човештвото и Бога со човекот внатре во времето и просторот. Петтата глава во 1. Мојсеева и дел од 11 глава, од 10. до 26. стих, ни даваат временска рамка и генерациски синџир кој го поврзува Божјиот народ со човекот што Бог го создал на врвот од седумдневниот настан во текот на кој е создадена оваа планета" (Gerhard F. Hasel, „The Meaning of the Chronogenealogies of Genesis 5 and 11", *Origins* 7/2 [1980], стр. 69).

**Иако тие се наоѓаат во Стариот завет од важни и добри причини на што би требало да обрнеме внимание кога зборуваме за таквите текстови, според она што Павле го кажува во 1. Тимотеј 1,4 и Тит 3,9?**

## СОЗДАВАЊЕТО ВО ПИСМОТО

**Прочитајте ги следните библиски текстови и запишете на кој начин секој од овие автори се повикува на првите 11 глави од 1. Мојсеева:**

**Матеј 19,4.5** ____________________

**Марко 10,6-9** ____________________

**Лука 11,50.51** ____________________

**Јован 1,1-3** ____________________

**Дела 14,15**____________________

**Римјаните 1,20** ____________________

**2. Коринќаните 4,6** ____________________

**Ефешаните 3,9** ____________________

**1. Тимотеј 2,12-15** ____________________

**Јаков 3,9** ____________________

**1. Петрово 3,20** ____________________

**Јуда 1,11.14**____________________

**Откровение 2,7; 3,14; 22,2.3** ____________________

Исус и сите новозаветните писатели упатувале на првите единаесет глави од 1. Мојсеева како на веродостојна историја. Исус се повикува на Мојсеевите списи и на создавањето на мажите и жените (Матеј 19,4). Павле во повеќе наврати го користи извештајот за создавањето за да ги поткрепи теолошките тврдења кои ги изнесува во своите посланија. Пред учените луѓе од Атина тој изјавил: „Бог, Кој го создаде светот и сè што е во него, како Господар на небото и на земјата, не живее во ракотворни храмови" (Дела 17,24). На тој начин, новозаветните писатели ги ѕидаат темелите на 1. Мојсеева, за да му го покажат на современиот читател значењето на тие буквални настани.

На пример, прочитајте ја 5. глава од посланието до Римјаните. Павле повеќе пати повлекува директна врска меѓу Адама и Исуса (види Римјаните 5,12.14-19). Односно, тој тргнува од претпоставката дека Адам, како историска личност буквално постоел, што е став кој станува сериозно доведен во прашање доколку еволуционистичкиот модел за потеклото се замени со буквално сфаќање на библискиот текст.

**Ако новозаветните писатели, водени од Светиот Дух, па и самиот Исус, гледале на извештајот за создавањето како на веродостоен историски извор, зошто би било неразумно од нас кога – врз основа на тврдењето на паднатите човечки битија кои прават грешки – би одбиле да ги прифатиме на ист начин?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ако сте во можност, прочитајте Гералд А. Клингбеил, издавач, The Genesis Creation Account and Its Reverberations in the Old Testament (Berrien Springs, MI: Andrews University Press, 2015).

„Библијата е најсеопфатната и најпоучна историја со која човекот располага. Таа потекнува директно од изворот на вечната вистина, а божествената рака ја сочувала нејзината чистота низ вековите... Само во неа можеме да ја најдеме историјата на нашиот род, неизвалкана од човечката гордост и предрасуди“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 5, p. 25).

„Ми беше покажано дека без библиска историја, геологијата не може да докаже ништо. Остатоците пронајдени во земјата навистина даваат докази за околностите кои во голема мера се поинакви од денешните. Но, периодот на нивното постоење и должината на неговото траење на земјата може да се разбере само врз основа на библиската историја. Нема ништо лошо во тоа да се прават претпоставки што излегуваат од рамките на библиската историја, освен ако тие не се во спротивност со фактите што се наоѓаат во Светото писмо. Но, кога луѓето ја отфрлаат Божјата реч во врска со историјата на создавањето и се обидуваат Божјите дела да ги припишат на делувањето на природните закони, тие се наоѓаат пред океанот на бескрајна неизвесност. На кој начин точно го создал овој свет за шест буквални денови, Бог никогаш не им го открил тоа на смртниците. Неговото дело на создавање е исто толку недоловливо како и неговото постоење“ (Ellen G. White, *Spiritual Gifts,* book 3, p. 93).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кога научните објаснувања во поглед на сегашната реалност – она што може да се допре, да се слушне, види, испита и преиспита – предизвикуваат толку многу расправи и полемики, зошто толкав број луѓе некритички ја прифаќа секоја научна објава за настаните кои наводно се одиграле милиони, па дури и милијарди години во минатото?**

**2. Модерната наука се заснова на фактот (површно гледано, логично) дека природните појави не можат да се објаснат со натприродно делување. Не можете, на пример, да го објасните гладот со тврдењето некоја вештерка ја проколнала земјата. Меѓутоа, кои се ограничувањата на тој пристап кога станува збор за создавањето како што е прикажано во 1. Мојсеева? Со други зборови, извештајот од 1. Мојсеева опишува еден потполно натприроден настан. Ако автоматски го отфрлите создавањето по натприроден пат, зошто тогаш и секој друг модел што ќе го смислите, неизбежно ќе биде погрешен?**

**Поука 10**
**30 мај – 5 јуни 2020**

# БИБЛИЈАТА КАКО ИСТОРИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Самоилова 17; Исаија 36,1-3; Исаија 37,14-38; Даниел 1; 5; Матеј 26,57-67; Евреите 11,1-40.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Јас Сум Господ, твој Бог, Кој те изведе од Египетската Земја“ (2. Мојсеева 20,2; види и 5. Мојсеева 5,6).**

Библијата е втемелена на историјата. Библиската историја се движи праволиниски од апсолутниот почеток, кога Бог создал сè што постои, до конечната цел, кога Тој ќе ја обнови земјата при Неговото второ доаѓање

Историската веродостојност е една од карактеристиките на Светото писмо кое го издвојуваат од светите книги на другите религии. Библијата го подразбира постоењето на Бог кој лично делува во историјата – таа не се обидува да го докаже Неговото постоење. Во почетокот, Бог проговара и животот на земјата се создал (1. Мојсеева 1,1-31). Тој го повикува Аврама да излезе од Халдејската земја. Тој го избравува својот народ од египетското ропство. Тој со својот прст ги пишува Десетте заповеди на камени плочи (1. Мојсеева 31,18). Тој праќа пророци. Тој праќа казни. Тој го повикува народот да живеат според Неговиот закон и на другите народи да им зборува за тој божествен закон и за планот на спасението. На крајот, Тој го праќа својот Син, Исус Христос, на овој свет, со што засекогаш ја дели историјата.

Оваа седмица ќе разгледаме некои од клучните прашања во историјата, така како што ги опишува Библијата, како и некои археолошки докази што ги поддржуваат библиските историски извештаи.

## ДАВИД, СОЛОМОН И МОНАРХИЈАТА

Периодот на владеењето на Давид и Соломон претставува златна доба од израелската историја. Но, што ако Давид и Соломон не постоеле, како што тврдат некои? Што ако нивното царство не било толку пространо како што го опишува Библијата, како што исто така тврдат некои? Без Давида, не би постоел ни Ерусалим, престолнината на царството (2. Самоилова 5,6-10). Без Давида, не би го имало ни храмот што го подигнал неговиот син Соломон (1 Царевите 8,17-20). Конечно, без Давида не би се појавил ни идниот Месија, бидејќи било ветено дека Тој ќе дојде преку Давидовата лоза (Еремија 23,5.6; Откровение 22,16). Историјата на Израел морала да биде целосно преправена. Сепак, токму оваа историја, за која што читаме во Писмото, им ја дава на Израел и на црквата нивната единствена улога и мисија.

**Прочитајте го текстот 1. Самоилова 17. Како Бог се погрижил Израел да стекне пресудна победа? Кој бил употребен за остварување на таа победа? Каде била извојувана таа победа?**

Забележете го прецизниот географски опис на борбената линија во текстот 1. Самоилова 17,1-3. Наоѓалиштето Кирбет Кијафа се наоѓа на ридовите токму во областа на израелскиот логор опишан во таа глава. Неодамнешните ископувања во таа област откриле силна воена тврдина од времето на Саул и Давид, која се надвива над долината. Ископани се две порти од истиот период. Бидејќи повеќето градови во древен Израел имале само една порта, овој факт овозможува да се препознае споменатото наоѓалиште како Сараим (1. Самоилова 17, 52), што на еврејски значи „две порти“.

Ако ова е навистина точно, тогаш за прв пат е утврден идентитетот на тој древен библиски град. Во 2008 и во 2013 година, откриени се два натписа за кои многумина веруваат дека претставуваат најстари некогаш пронајдени текстови на еврејски јазик. Во вториот натпис се споменува името Есвал – како што се нарекувал еден од синовите на Саул (1. Мојсеева 9,39).

Во 1993 година, ископувањата на северниот дел од градот Тел Дан биле откриени монументални натписи од царот Хазаел од Дамаск, кој ја запишал својата победа над „царот на Израел“ и царот на „Давидовиот дом“. Бидејќи Давидовата династија е опишана на ист начин и во Библијата, тоа дава уште посилни археолошки докази дека Давид навистина постоел, токму како што кажува Писмото.

**Размислете какви последици би имало тоа за нашата вера кога би се покажало, како што некои тврдат, дека царот Давид навистина не постоел?**

## ИСАИЈА, ЕЗЕКИЈА И СЕНАХИРИМ

**Прочитајте ги текстовите Исаија 36,1-3 и Исаија 37,14-38. Според овие извештаи за големиот асирски поход против Јудеја, како Бог го избавил свој народ?**

_______________________________________________________________

Во 701. година пред Христа, Сенахирим тргнал во поход на Јудеја. Тој настан бил забележен во Светото писмо. И царот Сенахирим лично го забележил, и тоа на повеќе начини. Во своите историски анали, откриени во Ниневија (или Нинива; заб. прев.), главниот град на Асирија, тој се фали: „Четириесет и шесте негови (на Езекија) градови, опкружени со силни ѕидишта и со бројни помали села во нивна близини, ги опколив и ги освоив." Победата над јудејскиот град Лахис, Сенахирим ја прославил тако што ѕидовите на главната сала од својата палата во Ниневија ја покрил со релјефни сцени од опсадата и битката против тој град.

Неодамнешните ископувања во околината на Лахиса откриле траги на тешко разорување до кое дошло откако Сенахирим го запалил тој град. Но, Ерусалим е чудесно поштеден. Сенахирим можел да се пофали само со ова: „А што се однесува до Езекија Јудеецот, го затворив во неговиот град како птица во кафез." Сепак, не е опишано разорувањето на Ерусалим, ниту постои каков било извештај за заробениците што биле одведени во ропство.

Ерусалим бил опколен, тоа е точно, но Библијата бележи дека та опсада траела само еден ден, бидејќи Господов ангел го избавил градот. Како што прорекол Исаија: „Поради тоа, вака вели Господ за асирскиот цар: 'Нема да влезе тој во овој град, ниту ќе фрли таму стрела, и нема да се доближи до него со штит, ниту ќе ископа опкоп околу него; по кој пат дошол, по истиот и ќе се врати, но во тој град нема да влезе, вели Господ. Јас ќе го бранам овој град, за да го спасам поради Себе и поради Мојот слуга Давид'" (Исаија 37,33-35).

Интересно е што само Лахис бил прикажан на таков начин во Ниневија, главниот град на престолнината Асирија. Ерусалим не е насликан на ѕидовите на палатата. Сенахирим можел да се пофали само со освојувањето на Лахис. Пресметката меѓу небесниот Бог и асирските божества е претставен со избавувањето на Неговиот народ. Тој ги видел нападите на Асирија. Тој ги слушнал зборовите на молитвите на царот Езекија. Бог делува во рамките на историјата.

**Како можете да потсетите дека Бог на кого се молите, на кога се потпирате и на кого му верувате е истиот оној Бог кој на чудесен начин го избавил Израел во тоа време и на тоа место?**

## ДАНИЕЛ, НАВУХОДОНОСОР И ВАВИЛОН

Во јули 2007 год., стручњак од Универзитетот во Виена работел на еден проект во Британскиот музеј, кога пронашол табличка од времето на вавилонскиот цар Навуходоносор. На таа табличка, наишол на името Нергал-Саресер, вавилонски службеник кој се спомнува во Еремија 39,3. Нергал-Сарезер е една од многуте личности – цареви и службеници, кои (благодарение на археологијата) се повторно откриени денес, за прв пат од времето на Даниел и Навуходоносор.

**Прочитајте ги 1. и 5. глава од Книгата на пророк Даниел. На кои начини раните одлуки на Даниел биле усогласени со Божјето дејствување со цел да го употреби како свој слуга и пророк за да влијае врз милиони луѓе во текот на историјата?**

Даниел „науми" (Даниел 1,8) да му остане верен на Бога во поглед на она што ќе јаде и како ќе се моли. Овие добри навики, воспоставени рано во неговото искуство, станале образец кој му давал сила во текот на неговиот долг живот. Резултатот бил јасно размислување, мудрост и разбирање што потекнува одозгора. Тоа го препознале и Навуходоносор и Валтазар, така што Даниел се издигнал на највисоката позиција во царството. Но, уште поважно, тоа довело до преобратување на самиот цар Навуходоносор (Даниел 4,34-37).

Навуходоносор бил син на Набополасар. Тие заедно подигнале величествен град, ненадминлив во античкиот свет (Даниел 4,30). Градот Вавилон бил огромен, со повеќе од 300 храмови, со прекрасна палата, опкружен со масивни, двојни ѕидишта, дебели три и пол и 7 метри. Ѕидовите биле пробиени со осум големи порти, а секоја од нив го носела името на едно од главните вавилонски божества. Најпозната од нив е портата Иштар, која била ископана од Германците и реконструирана во музејот Пергамон во Берлин.

Во текстот Даниел 7,4, Вавилон е опишан како лав со орелски крилја. Патот што водел до портата Иштар бил поплочен со 120 слики од лавови. Сликата на огромен лав како напаѓа маж била пронајдена за време на ископувањата и денеска сѐ уште стои надвор од градот. Сево ова потврдува дека лавот е погоден симбол на Големиот Вавилон. Со ова, библиската историја и нејзината пророчка порака уште еднаш се потврдени.

**Во текстот Даниел 1,8 се вели дека Даниел „науми во срцето". Што значи тоа? Што би требало вие да „наумите во вашето срце" за нешто што го правите или не го правите?**

# ИСУС - ИСТОРИСКА ЛИЧНОСТ

**Прочитајте ги текстовите Матеј 26,57-67, Јован 11,45-53 и Јован 18, 29-31. Кој бил Кајафа и каква била неговата улога при Христовото умирање? Кој бил Понтиј Пилат и зошто неговата одлука била пресудна за остварување на целите на Синедрионот?**

Кајафа бил првосвештеникот што сковал заговор за Исусовото убиство. Неговото постоење го забележал и Јосиф Флавиј, еврејскиот историчар кој пишувал од позиција на Рим како светска сила. „Освен тоа, му ја одзеде на Јосиф, кого го нарекуваа и Кајафа, првосвештеничката улога, и го постави Јонатан, синот на Ана, поранешниот првосвештеник, за негов наследник“ (*Josephus Complete Works* /Grand Rapids, MI: Kregel Publications, 1969/, book 18, chapter 4, p. 381).

Во 1990 г., јужно од Ерусалим била пронајден една семејна гробница, во која се наоѓале дванаесет осуарии или ковчези со скелети. Монетите и грнчарските садови од гробот временски ги сместуваат околу средината на првиот век по Христа. На најубаво украсената од овие осуарии, во која имало неколку скелети, се наоѓало името „Јосиф, син на Кајафа“. Многу експерти сметаат дека тоа е гробницата и посмртните остатоци на Кајафа, првосвештеникот, кој бил директно вклучен во смртта на Исус.

Во 1961 г., еден натпис со името Понтиј Пилат, управител на провинцијата Јудеја во времето на императорот Тибериј, бил пронајден на камен во амфитеатар во местото Цезареја Приморска (Caesarea Maritima).

Така, и во обата случаи, историски е потврдено постоењето на некои клучни личности вмешани во смртта на Христос.

Световните историчари из првите два века говорат и за Исус од Назарет. Тацит, римски историчар, пишува за Христа, за Неговото погубување од страна на Понтиј Пилат за време на владеењето на Тибериј, и за раните христијани во Рим. Плиниј Помладиот, римски управител, му напишал на императорот Трајан, во 112-113 година од новата ере, прашувајќи го како би требало да постапува со христијаните. Ги опишал како луѓе кои се собираат во одреден ден и му пеат химни како на некој бог.

Овие археолошки откритија и историски извори ни даваат дополнителна, вонбиблиска рамка за потврдата на Исусовото постоење и фактот дека луѓето го почитувале како Бог уште во првите 50 години по Неговата смрт. Сепак, самите евангелија се примарен извор на податоци за Исус, и би требало внимателно да ги проучуваме за да дознаеме што повеќе за Исуса и за Неговиот живот.

**Иако секогаш е убаво да имаме археолошки докази кои ја потврдуваат нашата вера, зошто мораме да научиме своите уверувања да не ги засноваме целосно на нив, колку и да се тие понекогаш корисни?**

## ВЕРАТА И ИСТОРИЈАТА

Ние не живееме во вакуум. Нашите одлуки не влијаат на нас туку на другите. На ист начин, некои Божји луѓе во дамнешно минато силно влијаеле со својот живот не само на сопствената ами и на иднината на многу други луѓе. Во 11. глава во посланието до Евреите посланице – таа позната глава за верата – гледаме во главни црти какво влијание имале тие древни херои на верата.

**Прочитајте Евреите 11,1-40. Што можеме да научиме од тие древни херио додека го проучуваме нивниот живот?**

**Енох** ________________________________________________

**Ное** ________________________________________________

**Аврам**________________________________________________

**Сара** ________________________________________________

**Јосиф** ________________________________________________

**Мојсеј** ________________________________________________

**Рава** ________________________________________________

**Самсон** ________________________________________________

Верата не е само верување во некој или во нешто, тоа е воедно и постапување во согласност со тоа верување. Тоа е делотворна вера која се засметува во праведност. Токму тие дела на верата ја менувале историјата. И секое од овие дела зависеле многу од довербата во Божјата реч.

Ное постапувал со вера кога го градел бродот, потпирајќи се повеќе на Божјата реч отколку на искуството и разумот. Бидејќи никогаш претходно не врнело дожд, искуството и разумот му говореле дека приказната за потопот нема никаква смисла. Сепак, Ное го послушал Бога и човечкиот род преживеал. Авраам, додека сѐ уште се нарекувал Аврам, го напуштил Ур во јужна Месопотамија, во тоа време најразвиениот град на светот – и тргнал без да знае каде ќе го одведе Бог. Но тој одлучил да постапи во согласност со Божјата реч. Мојсеј избрал да биде пастир кој ќе го поведе Божјиот народ во Ветената земја, наместо да стане фараон на Египет, најголемото царство на тоа време. Тој се надевал во гласот на Севишниот, кој го повикувал од грмушката што горела. Рава одлучила да поверува во извештаите за Божјето избавување, ги заштитила двајцата согледувачи и станала дел од Исусовиот родослов. Колку малку знаеме за тоа во колкава мера нашите одлуки влијаат на животот на безброј луѓе во оваа генерација и во оние што ќе дојдат!

**Кои клучни одлуки се наоѓаат пред вама? Како ги правите изборите што ги правите и зошто?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт, прочитајте ја главата „Давид и Голијат“, стр. 643-648 оригинал, а во книгата *Пророци и цареви* главите со наслов „Царот Езекија“, стр. 331-339 оригинал и „Избавување од Асирија“, стр. 349-366 оригинал.

„Библијата е најстарата и најпотполна историја со која луѓето располагаат. Таа е чиста зашто потекнува од изворите на вечната вистина, а божествената рака низ вековите ја чувала нејзината неизвалканост. Таа го расветлува далечното минато, во кое луѓето залудно се обидувале да навлезат со истражување. Единствено во Божјата Реч ја гледаме силата која ги поставила темелите на Земјата и ги раширила небесата. Единствено тука наоѓаме веродостоен извештај за потеклото на народите. Единствено тука историјата на нашиот род е дадена неосквернета со човечка суета или предрасуди“ (*Воспитување,* стр. 173 ориг.).

„Оној што ќе го запознае Бога и Неговата реч има цврста вера во божествената природа на Светото Писмо. Вистинитоста на Библијата тој не ја проверува со човечки идеи и поими за науката. Таквите идеи тој ги проверува врз основа на непогрешивото мерило. Тој знае дека Божјата реч е вистина, а вистината никогаш не си противречи на самата себе. Сѐ она што во учењето на таканаречената наука противречи на вистината на божественото откровение, тоа се само човечки претпоставки.

Но пред оние што се навистина мудри, научното истражување им отвора широко поле на мисли и сознанија“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* кн. 8, стр. 325).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дополнете го својот одговор на прашањето поставено во отсекот за среда. Да, добро е кога ќе најдеме археолошки докази кои ја потврдуваат библиската историја. Но, што се случува кога пронајдените археолошки докази се толкуваат на начини што се во спротивност со библискиот извештај? Што ни кажува ова за фактот дека мораме да се потпреме на Божјата реч и да веруваме во неа како таква, без оглед на тврдењата на археологијата или која било друга наука?**

**2. Размислите за сите библиски пророштва од минатото за кои ние, од денешна гледна точка, знаеме дека се исполниле. Сетите се, на пример, на повеќето царства од 2. и 7. глава на Книгата на пророк Даниел. Како врз основа на овие пророштва, коишто веќе се исполниле, да научиме да му веруваме на Господа и во врска со оние кои допрва треба да се остварат во иднина?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 11**
**6 – 12 јуни 2020**

# БИБЛИЈАТА И ПРОРОШТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 2,27-45; Јован 14,29; 4. Мојсеева 14,34; Даниел 7,1-25; Даниел 8,14; 1. Коринќаните 10,1-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Другиот му рече: ’Две илјади и триста вечери и утрини; и тогаш светилиштето ќе се очисти’“ (Даниел 8,14).**

Библиското пророштво е од пресудна важности за нашиот идентитет и мисија. Пророштвото обезбедува внатрешен и надворешен механизам за потврда на точноста на Божја Реч. Тако и Исус говорел: „И сега ви кажав, уште пред да се изврши, та кога ќе се изврши, да поверувате“ (Јован 14,29; види и Јован 13,19). Меѓутоа, клучното прашање гласи: Како правилно да ги толкуваме пророштвата за да знаеме кога тие навистина се исполниле?

Во текот на Реформацијата, нејзините застапници го следеле историцистичкиот метод на толкување. Тоа е истиот метод што го користеле Даниел и Јован како клуч за своето толкување. Историцистичкиот метод го согледува прогресивното и непрекинатото исполнување на пророштвата во текот на историјата, почнувајќи во минатото а завршувајќи со воспоставување на Божјето вечно царство.

Оваа седмица ќе ги проучуваме столбовите на историцистичкото толкување на пророштвата. „Исполнувањето на пророштвата можеме да го видиме во историјата, да го проучиме дејствувањето на Провидението во големите реформаторски движења и да го сфатиме развојот на настаните кои водат кон постројување на народите за конечниот судир во големата борба“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, кн. 8, стр. 307).

## ИСТОРИЦИЗМОТ И ПРОРОШТВОТО

Основен метод што го применуваат адвентистите на седмиот ден во проучувањето на пророштвата се нарекува историцизам. Тоа ја подразбира идејата дека многу од главните пророштва во Библијата следат непрекинат, праволиниски ток на историјата, од минатото кон сегашноста и иднината. Тоа е слично на начинот на кој се проучува историјата на школо. Ние го користиме тој метод токму затоа што и самата Библија на таков начин ги толкува пророштвата.

**Прочитајте го текстот Даниел 2,27-45. Кои аспекти на царевиот сон укажуваат на постојано и непрекинато сменување на владејачките сили во текот на целокупната историја? На кои начини Библијата сама ни покажува како да го толкуваме апокалиптичкото пророштво (кое се однесува на последното време)?**

____________________________________________________________

Забележете дека царството на Навуходоносор е обележано како глава од злато. Според тоа, Даниел го препознава Вавилон како прво царство (Даниел 2,38). Потоа вели: „По тебе ќе настане друго царство... па трето“ (Даниел 2,39), а потоа и четврто (Даниел 2,40). На фактот дека тие царства се надоврзуваат едно на друго без никаков прекин меѓу нив, укажува и самиот лик, бидејќи секое царство е претставено како дел од едно поголемо тело, гледано од главата кон ножните прсти. Тие се поврзани, токму како што се поврзани времето и историјата.

Во 7. и 8. глава од Книгата на пророк Даниел, наместо огромен кип, како симбол се користат различни ѕверови, но порката е иста. Гледаме непрекината низа од четири овоземни царства (односно, три во 8. глава од Даниеловата книга). Таа низа почнува во дамнешно минато и се протега низ историјата, до сегашноста и иднината, кога Христос ќе се врати а Бог ќе го воспостави своето вечно царство.

Според тоа, ликот од 2. глава и визиите што се јавуваат веднаш една по друга во 7. и 8. глава од Книгата на пророк Даниел, претставуваат основа за протестантското историцистичко толкување на пророштвата, до кое христијаните адвентисти до денеска се држат.

**Прочитајте го текстот Јован 14,29. Што ни кажува Исус а ни помага да разбереме каква улога можат да имаат пророштвата?**

____________________________________________________________

**Кое големо предимство го имаме ние денес, со оглед на тоа дека живееме во време кога поголемиот дел од историјата веќе се одиграл, а кое некој што живеел во времето на Вавилон го немал?**

## ПРИНЦИПОТ „ДАН ЗА ГОДИНА“

Еден од клучевите на историцистичкото толкување е принципот „ден за година“. Мнозина проучувачи низ вековите го применувале овој принцип на временските пророштва од Книгата на пророк Даниел и Откровението. Тој принцип се извлекува од неколку клучни текстови и од непосредниот контекст на самите пророштва.

**Прочитајте ги текстовите 4. Мојсеева 14,34 и Езекиел 4,6. На кој начин Бог го објаснува принципот „ден за година“ во тие конкретни текстови?**

Во тие текстови можеме мошне јасно да ја видиме идејата за примена на принципот „ден за година“. Но, како да ја оправдаме употребата на тој принцип кога станува збор за некои временски пророштва, како што се оние во текстовите на Даниел 7,25, Даниел 8,14, како и Откровение 11,2.3; Откровение 12,6.14 и Откровение 13,5?

Постојат уште три елементи кои го поткрепуваат овој принцип „ден за година“ во пророштвата од Книгата на пророк Даниел и Откровението – употребата на симболи, долги временски периоди и употребата на карактеристични изрази.

Прво, симболичниот карактер на ѕверовите и роговите кои ги претставуваат царствата, укажуваат на тоа дека и временските одредници треба да се разберат како симболични. Ѕверовите и роговите не треба да се сфатат буквално. Тие се симбол на нешто друго. Затоа, ако остатокот од пророштвата е симболичен а не буквален, зошто само временската компонента да ја сфатиме буквално? Одговорот е, се разбира, дека не треба тоа да го правиме.

Второ, многу од настаните и царства опишани во тие пророштва покриваат временски период од повеќе векови, што би било невозможно временските пророштва, коишто ги опишуваат, да ги сфаќаме буквално. Меѓутоа, кога ќе се примени принципот „ден за година“, времето се поклопува со најавените настани на исклучително прецизен начин, што би било невозможно ако временските пророштва се прифатат буквално.

На крајот, карактеристичните изрази кои се користат за да ги означат тие временски периоди упатуваат на симболично толкување. Со други зборови, начинот на кој времето се наведува во тие пророштва (на пример „2300 вечери и утра“, во текстот во Даниел 8,14) не е вообичаен начин на одредување на времето, што ни укажува на тоа дека тие временски периоди треба да се сфатат како симболични а не буквални.

**Да го разгледаме пророштвото за 70 седмици од текстот Даниел 9,24-27. Овде читаме дека, „од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим, до доаѓањето на Помазаникот Божји“ (Даниел 9,25), ќе поминат 69 седмици, што во буквална смисла би изнесувало една година, четири месеци и една седмица. Во тој случај, пророштвото нема никаква смисла, зар не? Меѓутоа, што се случува кога ќе го примениме библиското правило „ден за година“, и 70 седмици ќе станат всушност 490 години?**

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА „МАЛИОТ РОГ“

Протестантските реформатори со векови ја поистоветувале силата на малиот рог од 7. и 8. глава на Книгата на пророк Даниел со Римската црква. Зошто?

**Прочитајте Даниел 7,1-25 и 8,1-13. Кои се заедничките карактеристики на малиот рог во овие две глави? Како можеме да го препознаеме?**

Се спомнуваат седум карактеристики кои се заеднички за малиот рог од 7. глава и оној од 8. глава на Книгата на пророк Даниел: (1) и двата се опишани како рогови; (2) и двата се сили кои прогонуваат (Даниел 7,21.25; 8,10.24); (3) обата се издигнуваат себеси и хулат на Бога (Даниел 7,8.20.25; 8,10.11.25); (4) и двата се нафрлаат на Божјиот народ (Даниел 7,25; 8,24); (5) некои аспекти на нивните активности, и во двата случаи, се одвиваат во рамките на пророчкото време (Даниел 7,25; 8,13.14); (6) и двата траат до крајот на времето (Даниел 7,25.26; 8,17.19); и (7) и двата ќе бидат уништени на натприроден начин (Даниел 7,11.26; 8,25).

Историјата го препознава првото царство како Вавилон (Даниел 2,38), второто како Медо-Персија (Даниел 8,20), а третото како царството на Александар Македонски (Даниел 8,21). Историјата, исто така, недвосмислено открива дека по тие светски царства настапува Рим.

Во 2. глава од Книгата на пророк Даниел, железото, кое го претставува Рим, се протега и до стапалата, каде што е помешано со глина, што значи дека трае до крајот на времето. Малиот рог од 7. глава на Даниеловата книга ќе изникне од четвртиот ѕвер, но сепак останува негов дел.

Која сила произлегла од Рим и продолжила да го врши своето политичко-религиозно влијание најмалку уште 1260 години (види Даниел 7,25)? Само една сила се вклопува во историјата и пророштвото, а тоа е папството. Папството дошло на власт меѓу десет варварски европски племиња и искоренило три од нив (Даниел 7,24). Папството ќе се разликува од поранешните (Даниел 7,24), што укажува на неговата единственост во однос на останатите племиња. „Тој ќе хули на Сѐвишниот“ (Даниел 7,25) и ќе „порасте сѐ до Заповедникот на Војската“ (Даниел 8,11), узурпирајќи ја Исусовата улога и заменувајќи ја со улогата на папата. Папството го исполнило и предвидувањето за тоа дека ќе ги прогонува „светите на Севишниот“ (Даниел 7,25) и ќе се обидува да „собори на земјата дел од таа војска“ (Даниел 8,10), што се случувало во текот на контра-реформацијата кога протестантите биле убивани. Папството настојувало „да ги измени времињата и Законот“ (Даниел 7,25) отстранувајќи ја втората заповед и заменувајќи ја саботата со недела.

**Во 2. 7. и 8. глава од Даниеловата книга, по царството на Алесандар Македонски, ќе се издигне една сила која ќе трае до крајот на времето. Која би можела да биде таа сила ако не Рим, сега во својата папска фаза? Колку и да е политички некоректно, зошто тоа е клучно учење во рамките на Пораката на тројцата ангели, а оттаму и клучна компонента на сегашната вистина?**

## ИСТРАЖНИОТ СУД

Пророчката рамка што ја проучуваме оваа седмица наидувал на огромна поддршка меѓу протестантските историцисти уште од времето на Реформацијата. Меѓутоа, дури со појавата на Милеритското движење во почетокот на 19. век, пророштвото за 2300 денови и истражниот суд се внимателно преиспитани и проучени. Разгледајте ја следната табела:

| **Даниел 7** | **Даниел 8** |
|---|---|
| Вавилон (лав) | ------------ |
| Медо-Персија (мечка) | Медо-Персија (овен) |
| Царството на Александар Македонски (леопард) | Царството на Александар Македонски (јарец) |
| Паганскиот Рим (четвртиот ѕвер) | Паганскиот Рим (рог кој расне хоризонтално) |
| Папскиот Рим (малиот рог) | Папскиот Рим (рог кој расне нагоре) |

**Прочитајте ги текстовите Даниел 7,9-14 и Даниел 8,14.26. Според овие текстови, што се случува на небото?**

Во 7. и 8. глава од Книгата на пророк Даниел се зборува за судот кој треба да започне по периодот на средновековното прогонство, завршено со апсење и затворање на папата од страна на генералот Бертиј во 1798 година (Откр. 13,3). Судењето требало да се одржи на небото, каде што „судот седна“ (Даниел 7,10), „и ете на небесните облаци доаѓа како Човечкиот Син. Тој Му се приближи на Прадревниот“ (Даниел 7,13). Оваа сцена на судот се одигрува по 1798 година, а пред Исусовото второ доаѓање.

Постои директна паралела меѓу таа сцена на судот од 7. глава на Книгата на пророк Даниел и чистењето на светињата опишано во стихот Даниел 8,14. И двата текста опишуваат ист настан. Според текстот Даниел 8,14, времето на ова „чистење на светилиштето“, терминологија поврзана со Денот на помирување, настапило по 2300 вечери и утра, односно денови. Според принципот „ден за година“, тие „денови“ претставуваат вкупно 2300 години.

Почетната точка за сметање на 2300 години се наоѓа во текстот Даниел 9,24, во рамките на пророштвото за 70 седмици (490 години), колку што биле „одредени“, или, попрецизно, „отсечени“ од „2300 денови“ (Даниел 9,24). Многу научници исправно го посматраат пророштвото за 2300 денови (години) од текстот Даниел 8,14 и пророштвото за 70 седмици (490 години) од текстот Даниел 9,24-27 како два дела на исто пророштво. Следниот стих, во рамките на пророштвото за 70 седмици, Даниел 9,25, го открива почетокот на тој временски период: „Од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим“. Тоа се случило „во седмата година на царот Артаксеркс“ (Ездра 7,7), или во 457 пред Христа. Броејќи нанапред 2300 години, доаѓаме до 1844, кратко време по 1798, а пред Исусовото второ доаѓање. Тогаш Исус влегол во Светињата над светињите и го започнал своето посредничко дело – чистење на небесното Светилиште. Видете ја табелата од отсекот за петок.

## ТИПОЛОГИЈАТА И ПРОРОШТВОТО

Симболите во апокалиптичните пророштва, како оние во Книгата на Даниел и Откровението, имаат само едно исполнување. На пример, „јарецот“ го нашол своето исполнување во царството на Александар Македонски како поединечно царство (Даниел 8,21). На крајот на краиштата, текстот тука е јасен и го наведува царството по име! Може ли да биде појасно од тоа?

Меѓутоа, типологијата се сосредоточува на вистински лица, настани или институции од Стариот завет кои се втемелени во историската реалност, но упатуваат на една поширока реалност во иднина. Употребата на типологијата како метод на толкување се навраќа до Исус и новозаветните писатели, а се наоѓа дури и во Стариот завет. Единствено што може да нè води кон препознавање на типот и антитипот е тоа што вдахновениот писател на Библијата го посочува тоа.

**Прочитајте 1. Коринќаните 10,1-13. На кој настан во историјата Павле се повикува кога се советува со Коринтската црква? Каква врска име тоа со нас денес?**

Павле се навраќа на историската реалност на Излегувањето од Египет и развива типологија заснована на искуството на старите Евреи во пустината. На тој начин, Павле покажува дека Бог, кој го вдахнал Мојсеја да ги забележи тие настани, имал намера, како духоен Израел, трпеливо да ги поднесуваме искушенијата додека живееме во последните денови.

**Прочитајте ги долунаведените текстови и запишете како секој тип нашол свое исполнување во антитипот, како што го опишувале тоа Исус и новозаветните писатели.**

**Матеј 12,40** ______________________________

**Јован 19,36** ______________________________

**Јован 3,14.15** ______________________________

**Римјаните 5,14** ______________________________

**Јован 1,29** ______________________________

Во секој од тие случаи, Исус и новозаветните писатели применуваат типолошко толкување, за да може пророчкото значење на одредени настани да дојде до полн израз. На тој начин, тие упатуваат на едно поширoко исполнување на историската реалност.

**Размислувајте за службата во овоземното Светилиште, која послужила као тип на целокупниот план на спасение. Што ни говори ова за важноста што ја има за нас учењето за Светињата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ако сте во можност, прочитајте Clifford Goldstein, 1844 Made Simple (Boise, ID: Pacific Press, 1988), или побарајте некој други дополнителен извор на материјали во врска со пророштвото за 2300 денови. Погледнете ја и веб-страницата: www.844madesimple.org.

| **Даниел 7** | **Даниел 8** |
|---|---|
| Вавилон (лав) | ------------ |
| Медо-Персија (мечка) | Медо-Персија (овен) |
| Царството на Александар Македонски (леопард) | Царството на Александар Македонски (јарец) |
| Паганскиот Рим (четвртиот ѕвер) | Паганскиот Рим (рог кој расне хоризонтално) |
| Папскиот Рим (малиот рог) | Папскиот Рим (рог кој расне нагоре) |
| Суд на Небото | Чистење на небесното Светилиште |

Клучно е да се забележи овде дека сцената на судот од 7. глава на Даниеловата книга, која се одигрува по 1200 години прогонство (Даниел 7,25), исто што и чистењето на Светињата од текстот Даниел 8,14. Токму таа сцена на судот е она што конечно доведува до воспоставување на Божјето вечно царство на крајот од тажната историја на оваа падната планета. Според тоа, имаме моќен библиски доказ за големата важност што му ја придава Светото писмо на текстот Даниел 8,14 и на настанот што тој го најавува.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Повторно навратете се на Книгата на пророк Даниел 2 глава. Забележете колку јасно се открива тука историцистичкиот метод – непрекинатата низа од светски царства, која почнува во далечното минато и се завршува со воспоставување на Божјето вечно царство. Бог ни го дава клучот за толкувањето на тие пророштва. Меѓутоа, што ни кажува тоа за состојбата на христијанскиот свет, со оглед на тоа дека мошне мал број христијаните денеска сè уште го применуваат историцистичкиот метод? Како тој факт ни помага уште појасно да ја согледаме важноста што ја има адвентистичката порака за светот во ова време?**

**2. Колико добро го разбирате пророштвото за 2300 денови во текстот Даниел 8,14? Ако не го разбирате, зошто не одвоите време за да го проучите и тоа да го споделите со својата класа? Можеби ќе се изненадите кога ќе откриете колку е навистина цврсто втемелено нашето толкување на тоа пророштво.**

**3. Прочитајте ги текстовите Даниел 7,18.21.22.25.27. Забележете дека тука во центарот на вниманието е о она што се случува со светите. Како се однесува кон нив силата на малиот рог? За разлика од тоа, што прави Господ за нив? Што е добра вест за светите во врска со судот? Што им дава конечно судот?**

**Поука 12**
**13 – 19 јуни 2020**

# СПРАВУВАЊЕ СО ТЕШКИТЕ ТЕКСТОВИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Тимотеј 2,10-15, 1. Дневникот 29,17; Јаков 4,6-10; Галатјаните 6,9; Дела 17,11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И долготрпеливоста на вашиот Господ сметајте ја како спасение - како што ви напиша и возљубениот наш брат Павле, според дадената му мудрост; како што зборува за тоа и во сите свои посланија, во кои има некои работи тешки за разбирање, што неучените и неутврдените ги изопачуваат, како и другите Писма, за своја погибел“ (2. Петрово 3,15.16).**

Расправајќи за посланијата на апостол Павла, Петар пишува дека во нив постојат „некои работи тешки за разбирање“ (2. Петрово 3,16). Овие работи „неучените и неутврдените ги изопачуваат... за своја погибел“ (2. Петрово 3,16). Петар не кажува дека во нив сè е тешко да се разбере, туку само по нешто.

Меѓутоа, ние тоа веќе го знаеме, зар не? Кој искрен читател на Библијата не наишол на текстови кои му делуваат необично и кои тешко може да ги разбере? Извесно е дека, порано или подоцна, сите сме имале такво искуство.

Затоа оваа седмица ќе обратиме посебно внимание, не толку на тешките текстови сами по себе, туку на причините од кои тие можат да ни создадат тешкотии, и како верни трагачи по вистината од Божјата Реч, како да ги разрешиме. Во крајна линија, некои од тие тешко сфатливи тврдења можеби никогаш нема да бидат разјаснети од оваа страна на небото. Во исто време, поголемиот дел од текстовите во Библијата не претставуваат никаков проблем за разбирање, и затоа не треба да се дозволи мал број од тие нејаснотии да ја разнишаат нашата доверба во доверливоста и авторитетот на Божјата реч како целина.

## МОЖНИ ПРИЧИНИ ЗА ПРИВИДНИ ПРОТИВРЕЧНОСТИ

**Прочитајте го текстот 2. Тимотеј 2,10-15. Павле го советува Тимотеја да биде вреден и верно да „го проповеда словото на вистината“. Која важна порака ни ја упатува на сите нас овде?**

Ниту еден внимателен и искрен проучувач на Писмото нема да го негира фактот дека во Библијата има некои работи што тешко можат да се разберат. Тоа не треба да нѐ вознемирува. Всушност, во извесна смисла, овие тешкотии би требало да се очекуваат. На крајот на краиштата, ние сме несовршени и ограничени битија и никој од нас нема сеопфатно знаење за која било област на науката, а камоли за она што е божествено. Според тоа, кога неупатените и ограничени човечки битија се обидуваат да ја сфатат мудроста на бесконечниот Бог од Светото писмо, тие сигурно ќе доживеат извесни тешкотии. Меѓутоа, ваквите потешкотии во разбирањето на библиските учења во никој случај не докажуваат дека она што го тврди Библијата не е вистина.

Оние што ги отфрлаат божествено откриените и вдахновени библиски учења, честопати ги прогласуваат овие тешкотии како противречности и грешки. Бидејќи Библијата за нив е повеќе или помалку само една обична книга, тие се убедени дека таа мора да содржи некои недостатоци и грешки. Кога заземаат ваков став, луѓето обично не вложуваат сериозни напори да побараат објаснување кое ќе ја земе предвид целината и веродостојноста на Светото писмо што произлегува од неговата божествена вдахновеност. Луѓето кои ја доведуваат во прашање првата страница на Писмото – Извештајот за создавањето, на пример, наскоро почнуваат да изразуваат сомнеж и несигурност во поглед и на останатите делови на Библијата.

Впрочем, до некои неусогласени работи во Светото писмо може навистина да се дојде поради помали грешки на преведувачите или преведувачите. Во врска со ова, Елена Вајт пишува: „Некои луѓе гледаат кон нас строго и велат: ’Не мислите ли дека можело да се дојде до некои грешки при препишувањето или преведувањето?’ Тоа е сосема можно, но некој кој е толку тесноград што почнува да се колеба и се сопнува пред таквата можност или веројатност, ќе биде исто така склон да се сопнува и на секоја тајна на Вдахновената Реч, бидејќи тој во својата слабост не може да проникне во Божјите намери. Да, тој исто така би се сопнал и од едноставните факти, кои за просечниот ум се прифатливи и препознатливо божествени, и за кои Божјата реч е едноставна, убава и полна со сладост. Ни сите грешки ќе доведат во непријатна ситуација ниту една душа, ниту ќе предизвикаат некој да се сопне, освен ако самиот тој не наоѓа тешкотии и во наједноставната откриена вистина“ (Ellen G. White, *Selected Messages*, кн. 1, стр. 16).

**Зашто е толку важно да ѝ пристапуваме на Библијата во духот на понизност и покорност?**

## ТЕШКОТИИТЕ ДА ГИ РАЗГЛЕДУВАМЕ ИСКРЕНО И ВНИМАТЕЛНО

Дали некогаш сте наишле на текст или на низа текстови што не сте ги разбрале, или тешко сте можеле да се помирите со остатокот од книгата, или со реалноста воопшто? Всушност, едноставно би било неверојатно ако порано или подоцна не сте се сочиле со таков проблем. Меѓутоа, прашањето е – како сте реагирале? Или, уште поважно – како требало да реагирате?

**Прочитајте ги текстовите 1. Дневникот 29,17; Мудри изреки 2,7 и 1. Тимотеј 4,16. Што ни кажуваат тие, што би можеле да примениме како одговор на прашањето како да се справиме со тешките текстови?**

---

Само ако сме искрени и чесни, можеме со тешкотиите да се соочиме на соодветен начин. Искреноста не ни дозволува да ги избегнуваме тешкотиите, ниту да се обидуваме да ги прикриеме. Таквата искреност нè спречува да даваме површни одговори кои не можат да се одржат при внимателното испитување. Бог ја сака искреноста и чесноста. А ние треба да се сообразиме со Неговиот карактер во сè што правиме, дури и во нашето проучување на Библијата.

Искрените луѓе ќе се занимаваат со библиските проблеми внимавајќи да не изнесуваат информации надвор од контекстот, да не ја искривуваат вистината со измамнички зборови и да не ги доведуваат другите во заблуда манипулирајќи со доказите. Многу е подобро да се почека да се пронајде убедлив одговор на тешкотијата, отколку да се обезбеди двосмислено или незадоволително решение. Позитивниот спореден ефект на искрениот пристап кон проучувањето на Библијата се огледува во тоа што тој гради доверба, а довербата е суштината на секој здрав меѓучовечки однос. Ова на луѓето им изгледа многу поубедливо од затегнати одговори. Подобро е едноставно да кажете дека не знаете да одговорите на некое прашање или да објасните некој текст, отколку да се обидувате по секоја цена да докажете дека тој значи она што вие би сакале да значи, иако тоа можеби воопшто не е точно.

Внимателните луѓе сесрдно сакаат да ја знаат правата вистина за Божјата реч и затоа доследно се обидуваат да не избрзаат во предвремени заклучоци засновани на недоволно знаење или неверодостојни докази. Внимателните луѓе се решителни во својата намера да не занемарат ниту еден аспект или детаљ што може да биде важен. Тие не се брзоплети во нивното размислување, туку темелни и внимателни во проучувањето на Божјата реч и секоја информација што може да биде поврзана со неа.

**Што правите, односно, што би требало да правите со текстовите коишто не ги разбирате во целост, или кои навидум не се согласуваат со вашето сфаќање на вистината?**

## ТЕШКОТИИТЕ ДА СЕ РАЗГЛЕДУВААТ ПОНИЗНО

**Прочитајте ги текстовите Јаков 4,6-10; 2. Дневникот 7,14 и Софонија 3,12. Зошто понизноста е важна кога се обидуваме да се занимаваме со тешките исечоци во Писмото?**

---

Многу луѓе дошле до зачудувачко спознание и увид кој ги освестил дека зависат од нешто или од некој надвор од самите нив. Тие сфатиле дека самите не се мерило за сите нешта. Овие луѓе ја ценат вистината повеќе од потребата нивното его да биде во право, и тие се свесни дека вистината не е нешто што самите ја измислиле, туку нешто со што мора да се соочат. Веројатно најголемото спознание до кое овие луѓе дошле е токму тоа колку малку тие навистина ја познаваат вистината. Тие се свесни, како што напишал Павле, дека гледаат „како низ огледало, нејасно“ (1. Коринќаните 13,12).

Придобивките од таквата понизност во размислувањето се многукратни – навиката на скромно испитување е основата на секаков раст во знаењето, затоа што овозможува слобода која природно раѓа поучлив дух. Ова не значи дека понизните луѓе честопати не се во право, ниту пак дека секогаш го менуваат мислењето и дека никогаш немаат цврсти уверувања. Тоа само значи дека тие се покоруваат на библиската вистина. Свесни се за ограничувањата на нивното знаење и токму затоа се способни да го прошират своето познавање и разбирање на Божјата реч на начин на кој не би можел некој таканаречен интелектуалец, кој е арогантен и суетен.

„Сите кои пристапуваат кон Божјата реч за да добијат насока, со понизен дух, желни да бидат поучени и решени да дознаат за условите на спасението, ќе го разберат она што го кажува Писмото. Меѓутоа, оние што во проучувањето на Речта внесуваат дух кој таа не го одобрува, на крајот и го примаат духот кој таа не го дава. Господ не му проговорува на рамнодушниот ум. Тој не ги троши залудно зборовите за да поучи некој што нема почит и намерно останува затруен. Но, затоа искушувачот го поучува секој оној ум кој подготвено ги прифаќа неговите предлози и го занемарува Божјиот свет закон.

А ние треба да ги понизиме нашите срца, да ја истражуваме Речта на животот искрено и побожно, бидејќи само умот кој е понизен и покорен може да ја здогледа светлината“ (Елена Вајт, *The Advent Review and Sabbath Herald,* 22 август, 1907).

**Како остварувате здрава рамнотежа меѓу понизноста и цврстата увереност? На пример, како би одговориле на следното обвинение: Како вие, христијани адвентисти, можете да бидете толку сигурни дека сте во право во поглед на саботата и дека скоро сите други грешат?**

## РЕШИТЕЛНОСТ И ТРПЕНИЕ

**Прочитајте го текстот Галатјаните 6,9. Иако Павле овде зборува за истрајноста во правењето добро на другите, истиот став е неопходен и кога се занимаваме со тешки прашања. Зошто решителноста и трпението се важни во решавањето на проблемите?**

_______________________________________________

Вистинските достигнувања секогаш бараат истрајност. Она што лесно го добиваме честопати недоволно го цениме. Тешкотиите што се јавуваат во Библијата ни даваат можност да го вработиме својот ум, а решителноста и истрајноста со кои трагаме по решение откриваат колку е навистина важно ова прашање за нас. Секое време што го поминуваме во проучување на Библијата, во обид да откриеме повеќе за нејзиното значење и порака, е добро потрошено време. Можеби трудољубивото истражување на Писмото во потрага по одговор, дури и ако трае подолго време, ќе биде поголем благослов дури и од самото решение на проблемот, кога конечно ќе го најдеме. Впрочем, кога ќе дојдеме до решение за некој проблем што долго време нè мачи, тоа станува нешто многу драгоцено за нас.

Фактот дека не можете брзо да решите некоја тешкотија, тоа не докажува дека таа воопшто не може да се реши. Неверојатно е колку често го превидуваме тој очигледен факт. Многумина се оние што, кога ќе наидат на некое тешко место во Библијата, откако малку ќе размислат за тоа и не успеваат да дојдат до можно решение, одеднаш заклучуваат дека тој проблем не може да се реши. Некои дури почнуваат да се прашуваат колку е веродостојна Библијата. Како и да е, не треба да заборавиме дека можеби постои дури и многу едноставно решение, иако ние, во нашата ограничена човечка мудрост – или незнаењето – едноставно не го гледаме. Што би помислиле за некој што ќе почне да учи алгебра и кој, по половина час залудно обидувајќи се да реши тежок проблем, изјавува дека воопшто нема решение само затоа што тој не можел да го најде? Истото важи и за нас кога ја проучуваме Библијата.

Кога некои тешкотии им пркосат на вашите најсесрдни напори да ги решите, оставете ги за момент на страна, а во меѓувреме обновувајте го она што Бог јасно ви го покажал. Некои духовни согледувања се стекнуваат само кога сме подготвени да го следиме она што Бог веќе ни го кажал да го направиме. Затоа, бидете истрајни и трпеливи во своето проучување на Библијата. Впрочем, трпеливоста е доблест на верниците на последното време (види Откровение 14,12).

**Што можеме да научиме од другите луѓе кои вредно и трпеливо ги проучувале тешко разбирливите делови на Библијата? Како можеме да ги охрабриме другите да не се откажуваат од потрагата по вистината? Зошто не треба да се плашиме кога наидуваме на некој тежок текст во Светото Писмо?**

## СПРАВУВАЊЕ СО ТЕШКОТИИТЕ СО МОЛИТВА И НА БИБЛИСКИ НАЧИН

**Прочитајте ги текстовите Дела 17,11; 8,35 и 15,15.16. Што правеле апостолите и припадниците на раната црква кога се соочувале со тешки прашања? Зошто Светото Писмо е сѐ уште најдобриот извор за сопственото толкување?**

________________________________________________________________

Најдоброто решение за проблемите на кои наидуваме во Библијата сѐ уште се наоѓаат во неа. Проблемите во Библијата најдобро се решаваат кога се проучуваат во светлината на целокупното Писмо, наместо да се проучува поединечен текст одвоено од останатите и од Писмото како целина. Навистина треба да ја користиме Библијата за да ни помогне да ја разбереме истата. Една од најважните работи што можеме да ги направиме е да научиме како да дојдеме до големите вистини откриени во Светото писмо.

Ако не разбирате дел од Писмото, обидете се да добиете светлина од другите библиски текстови кои се занимаваат со истата тема. Секогаш настојувајте да најдете јасна изјава на Светото писмо која фрла светлина на помалку јасните делови. Исто така, многу е важно никогаш да не фрламе сенка ниту да ги замаглуваме јасните библиски тврдења доведувајќи ги во врска со тешко разбирливи текстови. Наместо да бараме решенија во вонбиблиски извори, филозофијата или науката, треба да дозволиме самиот текст на Писмото да ни го протолкува своето значење.

Некој погодно рекол дека, кога сме на колена, буквално гледаме на проблемите од нова перспектива. Преку молитвата, покажуваме дека ни треба божествената помош кога станува збор за толкувањето и разбирањето на Писмото. Во молитва, ние бараме просветлување на умот преку дејствувањето на истиот Свети Дух кој ги вдахнал библиските писатели да го запишат она што го напишале.

Во молитвата се откриваат нашите мотиви и ни се дава можност да му кажеме на Бога зошто навистина сакаме да го разбереме она што го читаме. Во молитва можеме да го замолиме Бога да ги отвори нашите очи за Неговата Реч и да ни дарува дух подготвен да ја следи и примени Неговата вистина. (Ова е пресудно!) Кога Бог, во одговорот на нашите молитви, нѐ води преку Светиот Дух, Тој не противречи на она што веќе го открил во Библијата. Бог секогаш ќе биде во согласност со Библијата, ќе го потврдува и ќе го гради она што писателите на Библијата ни го соопштиле под Неговата вдахновеност.

**Како молитвата ви помага да постигнете правилна состојба на умот за да можете подобро да ја разберете и послушате Божјата Реч?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот кон Христа* од Елена Вајт прочитајте ја главата „Што да правиме со сомневањето?", стр. 105-113 оригинал. Прочитајте го и делот од текстот под наслов „Начела за пристап кон толкување на Светото писмо" во документот „Методи на проучување на Библијата", кој можете да го најдете на интернет страницата https://www.adventisti.net/metode-proucavanja-biblije/.

Постојат многу тајни во Библијата кои ограничените човечки битија тешко можат да ги разберат и кои се премногу длабоки за целосно да се објаснат. Затоа е потребно да имаме понизен ум и да бидеме подготвени да се поучуваме од Писмото со молитва. Ако сме верни на Писмото, ќе му дозволиме на библискиот текст да ни го каже она што навистина има намера да го каже – дури и ако неговото значење е спротивно на нашите очекувања. Ако сме верни на Писмото, ќе го почитуваме текстот наместо да го модифицираме (да, некои навистина сами го менуваат текстот) или го избегнуваат неговото вистинско значење.

„Кога Божјата реч се отвора без почитување и молитва, кога мислите и чувствата не му се посветени на Бога, или не се во согласност со неговата волја, умот е затемнет со сомневање и во текот на самото проучување на Библијата неверувањето се засилува. Непријателот ја презема управата над мислите и предлага толкувања што не се правилни. Секогаш кога луѓето не се трудат со збор и со дело да бидат во хармонија со Бога, тогаш, без оглед на степенот на нивното образование, се склони погрешно да ги разбираат Писмата, и затоа не можеме да имаме доверба во нивните толкувања. Оние што ги претражуваат Писмата за да најдат противречности, немаат духовна проникливост. Таквото искривоколчено гледање ќе ги наведе да најдат причина за сомневање и неверство и во она што е наполно јасно и едноставно" (*Патот кон Христа,* стр. 110, 111 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто ставовите што луѓето ги имаат во поглед на Библијата, а за кои зборувавме оваа седмица, претставуваат темел за правилно разбирање на Светото писмо? Според вас, кои други ставови кон Библијата имаат пресудна важност кои можат да ви помогнат подобро да ја разберете?**

**2. Зошто не треба да бидеме изненадени кога откриваме детали во Библијата кои тешко можат да се објаснат и разберат? Всушност, колку појави во светот на природата понекогаш е тешко да се разберат? До ден-денес, на пример, водата (водата!) е сè уште полна со тајни.**

**3. Како можеме, како адвентисти, да одговориме на прашањата во врска со текстот Лука 23,43, каде (според повеќето преводи) Исус му кажува на разбојникот на крстот дека ќе биде со Него на небото истиот ден? Како можеме на чесен начин да одговориме на ова? Како, на пример, можат текстовите како Јован 20,17, Проповедник 9,5 и 1. Коринќаните 15,16-20 да ни помогнат да разбереме за што всушност станува збор?**

**Поука 13**
**20 – 26 јуни 2020**

# ДА ЖИВЕЕМЕ СПОРЕД БОЖЈАТА РЕЧ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 2,12-16; Лука 4,4.8.10-12; Псалм 37,7; 46,10; 62,1.2.5; Колошаните 3,16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но бидете извршители на Словото, а не само слушатели, кои се измамуваат себеси“ (Јаков 1,22).**

Нема да имаме никаква полза ниту од најдобриот метод на проучување на Библијата ако не сме решени да живееме во согласност со она што го учиме од Писмото. Она што важи за образованието во општа смисла, важи и за проучувањето на Библијата – најдобро учиме не само со тоа што читаме или слушаме, туку и со примена на наученото. Ваквата послушност отвора цела ризница на божествени благослови, кои инаку би биле затворени за нас, што претставува возбудлив начин да го зголемуваме своето разбирање и знаење, а тоа може да го преобрази нашиот живот. Но, ако не сме подготвени да се покориме на Божјата реч или да го примениме она што сме го научиле, тогаш нема да растеме. И нашето сведоштво ќе биде ослабено бидејќи нема да живееме во согласност со своите зборови.

Ние растеме во благодатта и мудроста благодарение на охрабрувачките модели, кои ни илустрираат што значи да се живее според Божјата реч. А нема подобар пример или поголема мотивирачка сила од Исуса Христа. Тој ни дал образец кој треба да го следиме. Тој водел живот целосно усогласен со Божјата волја.

Оваа седмица ќе проучуваме што значи да се живее според Божјата реч и под нејзиниот божествен авторитет.

## БОЖЈАТА ЖИВА РЕЧ И СВЕТИОТ ДУХ

Многу е важно Божјата реч да ја проучуваме внимателно и според исправна метода. Сепак, подеднакво е важно, ако не и поважно, да го примениме во практика она што сме го научиле. Крајната цел на проучувањето на Библијата не е да стекнеме поголемо знаење, колку и да е тоа чудесно. Целта не е да ја совладаме Божјата реч, туку таа да нè совлада нас, да го менува нашиот живот и нашиот начин на размислување. Тоа е она што навистина се смета. Да бидеме подготвени да живееме во согласност со вистината што сме ја дознале, значи да бидеме подготвени да се покориме на библиската вистина. Ваквиот избор понекогаш повлекува жестока борба, затоа што тоа е битка за превласт во нашиот живот и нашиот начин на размислување. И на крајот, има само две страни меѓу кои ние треба да бираме.

**Прочитајте Филипјаните 2,12-16. Што ни кажуваат овие стихови за тоа како треба да живееме?**

___

Да, Бог работи во нас, но Тој го прави тоа преку Светиот Дух, кој е единствениот што ни ја дава мудроста која ни е неопходна за да го разбереме Светото Писмо. Покрај тоа, како грешни човечки суштества, ние често пати се противиме на Божјата вистина и препуштени сами на себеси, ние не би ја послушале Божјата реч (Римјаните 1,25; Ефешаните 4,17.18). Без Светиот Дух, нема склоност во нас кон Божјата порака. Нема надеж, нема доверба, нема љубов како одговор на тоа. Сепак, со посредство на Светиот Дух, Бог навистина „прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја“ (Филипјаните 2,13).

Светиот Дух е учител кој копнее да нè поведе кон подлабоко разбирање на Писмото и радосно уважување на Божјата реч. Тој го насочува нашето внимание кон вистините на Божјата реч и ни дава свеж увид во тие вистини, за да може нашиот живот да се одликува со верност и доброволна послушност на Божјата волја. „Никој не е во можност да ги објасни Писмото без помошта на Светиот Дух. Но, кога ќе пристапите кон Речта со понизно, поучливо срце, Божјите ангели ќе бидат до вас за да ви посочат на доказите во прилог на нејзината вистинитост“ (Елена Вајт, *Избрани пораки,* книга 1, стр. 411). На тој начин, она што е духовно – духовно и се разгледува (1. Коринќаните 2,13.14) и ние се оспособуваме радосно да ја следиме Божјата реч „секое утро“ (Исаија 50,4.5).

**Текстот Филипјаните 2,16 вели дека треба да се придржуваме кон „словото на животот“. Што мислите, што значи? И како се прави тоа? Погледнете и 1. Мојсеева 4,4, кој има слична порака. Која е нашата улога во сево ова?**

## УЧИ ОД ИСУСА

Нема подобар и поинспиративен пример што можеме да го следиме од Исуса Христа. Тој го знаел Писмото и бил подготвен да ја следи пишаната Реч и да ѝ се покорува.

**Прочитајте ги стиховите Лука 4,4.8.10-12. Како Исус го користи Светото писмо за да ги одбие искушенијата на сатаната? Што ни кажува ова за клучната улога на Писмото кога станува збор за нашата вера, особено во моментите на искушение?**

---

Исус добро ги познавал Писмата. Тој бил толку близу запознаен со Божјата реч што можел да го цитира наизуст. Таквото познавање на пишаната Божја реч сигурно е резултат на драгоценото време поминато со Бога во проучување на светите списи.

Ако Тој не ги знаел точните зборови на Писмото и контекстот во кој тие се јавуваат, ѓаволот лесно можел да го измами. Дури и ѓаволот го цитирал Писмото и го искористил за своите измамнички цели. Според тоа, ако некој може само да го цитира Писмото, како што правел и ѓаволот, тоа не е доволно. Исто така, неопходно е да се знае што друго Писмото кажува за тој предмет и да се знае неговото точно значење. Само таквото познавање на Божјата реч ќе ни помогне и нам, како што му помогнало на Исуса, да не бидеме измамени од Божјиот непријател, туку да се спротивставиме на неговите напади. Секогаш одново читаме и за тоа како Исус им го отворал умот на своите следбеници да ги разберат Писмото, на тој начин што ги поучувал за она што е „напишано“ (Лука 24,45.46; Матеј 11,10; Јован 6,45; итн.). Тој тргнувал од претпоставката дека оние што го читаат Писмото способни се и да го разберат правилно: „Што е напишано во Законот? Што читаш таму?“ (Лука 10,26). За Исуса, она што е напишано во Писмото, претставува мерило за тоа како треба да живееме.

Во текстот Јован 7,38, Исус – отелотоверната Божја реч – повторно ги упатува своите следбеници кон она за што говори Писмото. Само врз основа на Библијата можеме да спознаеме дека Исус е ветениот Месија. Токму Писмото сведочи за Него (Јован 5,39). Исус и самиот бил подготвен да се покори на Писмото, Божјата реч во пишана форма. И кога Тој бил подготвен за тоа, тогаш што треба ние да правиме?

**Какво е вашето лично искуство кога станува збор за користењето на Писмото за борбата против искушенијата? Односно, дали некогаш, кога сте биле во искушение, сте почнале да читате стихови или да рецитирате библиски стихови? Што се случило како резултат на тоа и што сте научиле од тоа искуство?**

## ИСУС НАСПРОТИ ПИСМОТО?

**Прочитајте го текстот Јован 5,45-47. Каква моќна порука Исус овде ни ја дава, кога станува збор за Неговиот однос кон Библијата?**

Некои тврдат дека Исусовите говори се во остра спротивност со зборовите на Писмото како што ги наоѓаме во Стариот Завет. Тие велат дека Исусовите зборови дури се издигнуваат над зборовите на Светото писмо.

Во Новиот завет навистина читаме дека Исус велел: „Сте слушале дека е кажано... А јас, пак, ви велам“ (Матеј 5,43.44; споредете со Матеј 5,21.22.27.28.33.34.38.39). Меѓутоа, кога ги изговорил тие славни зборови во Беседата на горатa, Исус не се обидел да го отфрли или да го укине Стариот завет, како што тврдат некои толкувачи. Тој, всушност, само се осврнувал на различните толкувања на Писмото и на устената традиција, кои некои учени луѓе во Негово време ги користеле за да го оправдаат своето однесување кон другите какво што Бог не дозволувал ниту некогаш заповедал – како што е негувањето омраза кон непријателот (види Матеј 5,43).

Исус не го укинал Стариот Завет во која било смисла, ниту го намалил неговиот авторитет на кој било начин. Напротив. Токму Стариот завет докажува кој е Тој. Исус, всушност, го изострил значењето на старозаветните изјави со тоа што укажал на Божјите првобитни намери.

Користењето на Исусовиот авторитет за да се обезвредни Божјата реч или определени делови на Библијата да се потценат како невдахновени, веројатно е еден од најсуптилните, но сепак најопасни начини на критикување на Писмото, зашто тоа се прави, наводно, во името на самиот Исус. Спротивно на ова, го имаме личниот пример на Исус кој јасно покажува колкав авторитетот Тој ѝ припишува на Божјата реч, а таа во негово време се состоела само од Стариот Завет. Какви други докази ни се потребни за да знаеме како треба да гледаме на Стариот завет?

Далеку од тоа дека Исус го смалувал авторитетот на Писмото, напротив, тој доследно го воздигнувал како вистински и доверлив водач. Дури и во Беседата на горатa, Тој недвосмислено тврди: „Немојте да мислите дека сум дошол да го поништам Законот или Пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам“ (Матеј 5,17). И тогаш додава: „И така, оној што ќе наруши една од тие најмали заповеди и така ги научи луѓето, ќе се нарече најмал во царството небесно, а оној што ќе ги исполни и поучи, тој ќе се нарече голем во царството небесно“ (Матеј 5,19).

**Која од клучните доктрини, до денешен ден, се темели на Стариот завет? Сетете се, на пример, на Создавањето (1. Мојсеева 1 – 2) и падот во грев (1. Мојсеева 3). Кои други клучни христијански вистини ги наоѓаме во Стариот завет, а подоцна уште повеќе се потенцираат во Новиот завет?**

## ТИВКИ МИГОВИ СО БОЖЈАТА РЕЧ

Наш живот станува сè побурен, со сè поголема напнатост и стрес. Понекогаш сме присилени напорно да работиме само за да опстанеме – буквално, да преживееме и да изнесеме храна на масата. Од друга стране, дури и ако имаме сè што ни е неопходно за живот, повторно сме во забрзано темпо и метеж бидејќи секогаш сакаме повеќе. Посакуваме работи за кои мислиме дека ќе нè направат среќни и ќе нè исполнат. Но, како што Соломон нè предупредува во книгата Проповедник, тоа не се случува секогаш.

Без оглед на причината, ние честопати сме толку презафатени што лесно може да ни се случи, среде таа забрзаност, да го истиснеме Бога од нашиот живот. Не дека ние не веруваме, туку едноставно не поминуваме квалитетно време во читање, молитва и настојување да му се приближиме на Господа „во чии раце е и твојата душа“ (Даниел 5,23). Понекогаш сме преокупирани со други работи за да можеме да го доживееме тоа квалитетно време со Бога. А на сите нас ни требаат тие моменти кога намерно забавуваме за да се сретнеме со нашиот Спасител, Исус. Затоа, како може да ни зборува Светиот Дух ако не престанеме да слушаме? Тоа посебно, тивко време со Бога, поминато во читање на Неговата Реч и комуникација преку молитва, претставува извор на нашиот духовен живот.

**Прочитајте ги стиховите Псалм 37,7; 46,10; 62,1. 2. 5. Што нè учат тие, кога станува збор за тивкото време со Бога? Зошто е тоа толку важно?**

____________________________________________________________

Кога човек некого сака, задоволство му е да поминува време насамо со таа личност. Затоа, изберете место каде што ќе можате да ја читате Божјата реч и да размислувате за неа без прекинување. Во нашиот трескавичен живот, ова може да успее само ако свесно одвоиме посебно време за таа средба. Често почетокот на денот е најдобар за тие минути на тишина и размислување. Ваквите моменти, пред да тргнете на работа, можат да станат благослов за остатокот од денот, бидејќи таквите драгоцени мисли ќе ве придружуваат во текот на многу часови. Сепак, слободно бидете креативни во пронаоѓањето време кое вам најмногу ви одговара за да можете непречено да се сретнете со Бога.

Поврзаноста преку молитвата со живиот Бог на Библијата влијае на вашиот живот како ништо друго. На крајот на краиштата, придонесува да станете послични на Христа.

**Колку сте решителни во настојувањето да пронајдете време кое ќе го поминете насамо со Господа? Како изгледаат тие мигови и како тие ви помагаат подобро да спознаете дека Бог е присутен и дека ве сака?**

## СЕЌАВАЊЕ И ПЕСНА

**„Ги сокрив во срцето свое заповедите Твои, за да не грешам пред Тебе“ (Псалм 119,11).**

---

Учењето на Светото писмо напамет носи многукратни благослови. Ако ги складираме скапоцените стихови од Божјата реч во нашиот ум, подоцна можеме да ги повикаме во сеќавањето и да ги примениме во нови и променливи околности. На овој начин, Библијата директно влијае на нашето размислување, на одлуките, животните вредности и однесувањето. Учењето делови од Писмото напамет прави Библијата да заживее во нашето секојдневно искуство. Тоа придонесува за нашето богослужение и ни помага да водиме живот исполнет со вера во согласност со Светото Писмо.

Покрај тоа, учењето на Писмото, збор по збор, претставува моќна заштита од измамите и лажните толкувања. Ако ги знаеме деловите на Писмото напамет, ние брзо можеме да ги цитираме дури и тогаш кога Библијата не ни е при рака. Тоа станува огромна сила за добро во ситуации кога ќе се јават искушенија или се соочуваме со тешки предизвици. Додека се потсетуваме на Божјите ветувања и својот ум, наместо на проблемите, го насочуваме на Божја реч, тоа ги издигнува нашите мисли кон Бога, кој може да ни понуди илјада решенија кога ние не можеме да видиме ниту едно.

**Прочитајте Ефешаните 5,19 и Колошаните 3,16. На кој начин пеењето стихови од Писмото ја утврдува и зајакнува Божјата Реч во нашиот ум?**

---

Ако ги преточиме зборовите на Библијата во песна, тоа може да биде добар начин да ги учиме нејзините стихови напамет. Кога ги пееме, полесно ги паметиме зборовите на Писмото. Комбинирањето на зборовите од Светото Писмо со пријатни мелодии ги зацврснува уште повеќе во нашите мисли и успешно го отстранува секое чувство на вознемиреност. Исечоците од Светото Писмо, поврзани со едноставни но хармонични мелодии, можат лесно да ги пеат и да ги учат и децата и возрасните. Светото писмо било извор на инспирација за компонирање на бројни, надалеку познати ораториуми, симфонии и други музички дела кои влијаеле на христијанската култура и ја обликувале низ вековите. Композициите што го издигнуваат нашиот ум и ги насочуваат нашите мисли кон Бога и Неговата Реч, ни носат прекрасен благослов и вршат позитивно влијание во нашиот живот.

„Музиката е составен дел на Божјата служба на небото и ние мораме да настојуваме во нашите пофални песни колку што е можно повеќе да се приближиме до хармонијата на небесните хорови“ (*Патријарси и пророци*, стр. 594 ориг.).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот кон Христа* од Елена Вајт прочитајте ја главата под наслов „Предимство да се молиме“, стр. 93-104 оригинал).

„Смртното око не е во состојба да ја согледа Христовата убавина и привлечност. Единствено нешто што може човекот да го оспособи да ја препознае Неговата бесконечна милост, неизмерна љубов, благонаклоност и слава е внатрешното просветлување од Светиот Дух, кој на душата ѝ открива во каква безнадежна и беспомошна состојба би се нашла без милоста и проштавањето на Носителот на гревот – без Христовата достаточност“ (Елена Вајт, *Да го подигнеме погледот*, стр. 155 оригинал).

„Делови на Светото Писмо, па дури и цели глави, можат да се научат напамет и да се повторуваат кога непријателот ќе наиде со своите искушенија... Кога сатаната го наведува умот да се занимава со она што е сензуално и земно, најлесно можеме да му се спротивставиме со зборовите: ’Пишано е’“ (Елена Вајт, *The Advent Review and Sabbath Herald,* 8 април 1884 година).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како фактот за постоењето на слободната волја и слободата на избор се одразува врз сите наши одлуки во врска со верата и послушноста? Иако многу области во нашиот живот се надвор од нашата контрола, кога станува збор за она што има пресудна важност, за она што се однесува на вечниот живот, ние навистина имаме слобода на избор. Како ја користите слободната волја што Бог ви ја дал? Какви духовни избори правите?**

**2. Сетете се каква улога можела и треба да има саботата кога станува збор за тивките моменти коишто можеме да ги поминеме со Бога. Како празнувањето на саботата ве чува од опасноста да бидете толку преокупирани со работата и со извршувањето на различните задачи што не поминувате толку време со Бога колку што би требало? Како можете да научите да ја претворите саботата во поголем духовен благослов, каков што таа би требало да биде?**

**3. Какво е вашето искуство во врска со времето што го поминувате насамо со Бога во молитва и проучување? Како оваа духовна практика влијае на вашата вера? Како би требало таа да влијае на вашата вера? Ако не ви е непријатно, разговарајте во класата за личното време што го поминувате во читање и молитва, како и за тоа каква придобивка сте имале од нив. Како би можело на другите да им користи тоа што вие сте го научиле?**

**Кој од вашите омилени стихови сте ги научиле напамет? Што ви се допаѓа најмногу во врска со нив? Во која смисла сте ги научиле напамет претставува благослов за вас?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - АПРИЛ

# БОЖЈАТА ВЕЛИЧЕСТВЕНОСТ

### ПОБЕДА НА ВИСТИНАТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***Колошаните 4,5.6.*** | *Исполнување на барањата* |
| *2. Четврток* | ***Римјаните 12,1.*** | *Небесна проценка* |
| *3. Петок* | ***Тит 2,7.8.*** | *Победа на вистината* |
| *4. Сабота* | ***Исаија 64,4.*** | *Неопислива слава* |

### БОЖЈАТА ВЕЛИЧЕСТВЕНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***Матеј 7,7.*** | *Небесна гаранција* |
| *6. Понеделник* | ***Матеј 18,15.*** | *Поправање на лошото* |
| *7. Вторник* | ***Дела 10,34.35.*** | *Христос - магнет* |
| *8. Среда* | ***Матеј 28,18–20.*** | *Упатства што сведочат* |
| *9. Четврток* | ***Матеј 7,12.*** | *Да живееме повторно* |
| *10. Петок* | ***Јован 1,11.*** | *Заштитен оклоп* |
| *11. Сабота* | ***Псалм 89,8.9.*** | *Божјата величественост* |

### СИЛА ЗА ДЕНОТ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Ефешаните 6,4.*** | *Љубезноста – доблест* |
| *13. Понеделник* | ***Јован 6,47–51.*** | *Христос, Леб на животот* |
| *14. Вторник* | ***Марко 16,15.16.*** | *Бидете негов гласник!* |
| *15. Среда* | ***Откровение 3,10.*** | *Јас ќе те чувам* |
| *16. Четврток* | ***Матеј 10,8.*** | *Дајте како што примивте* |
| *17. Петок* | ***5. Мојсеева 33,25–27.*** | *Сила за денот* |
| *18. Сабота* | ***Матеј 24,44.*** | *Постојана заедница со Бога* |

### ИСКРЕНИ ПРЕД БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Јован 17,17.*** | *Покајание и реформација* |
| *20. Понеделник* | ***2. Тимотеј 2,24.25.*** | *Искрени пред Бога* |
| *21. Вторник* | ***Јован 6,63–69.*** | *Судбината за вечност* |
| *22. Среда* | ***Матеј 6,14.15.*** | *Рецепт за единство* |
| *23. Четврток* | ***Малахија 3,17.*** | *Гледајте ја ведрата страна* |
| *24. Петок* | ***3. Јованово 1,2.*** | *Законите на природата и животот* |
| *25. Сабота* | ***Јован 16,7.8.*** | *Храбро напред!* |

### ЦЕЛОСНА ПОСВЕТЕНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***Ефешаните 6,11.*** | *Христијански војник* |
| *27. Понеделник* | ***1. Тимотеј 4,1.2.*** | *Оправданоста на нашата порака* |
| *28. Вторник* | ***2. Тимотеј 3,14.15.*** | *Водач за спасение* |
| *29. Среда* | ***5. Мојсиеева 6,4.5.*** | *Целосна посветеност* |
| *30. Четврток* | ***Мудри изреки 4,20–22.*** | *Божествен налог* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - МАЈ

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

### ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛТА ПРЕКУ ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Лука 12,33.** | *Заложбите на Елена Вајт* |
| *2. Сабота* | **Дела 20,32.** | *Постигнување на целта преку Христа* |

### ПОДГОТОВКА ЗА НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **Лука 14,11.** | *Небесен повик* |
| *4. Понеделник* | **1. Солуњаните 4,11.12.** | *Благословот на работата* |
| *5. Вторник* | **Мудри изреки 28,13.** | *Ослободување од гревот* |
| *6. Среда* | **Ефешаните 5,8.** | *Суштината на спасението* |
| *7. Четврток* | **1. Коринќаните 10,31.** | *Рецепт за добро здравје* |
| *8. Петок* | **1. Коринќаните 4,7.** | *Подготовка за Небото* |
| *9. Сабота* | **Авакум 2,15.** | *Сон со опомена* |

### ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **Матеј 10,32.33.** | *Живеј во Бога* |
| *11. Понеделник* | **Јован 15,7.** | *Патот, вистината и животот* |
| *12. Вторник* | **Мудри изреки 12,22.** | *Барајте, верувајте, посакувајте* |
| *13. Среда* | **Јован 15,10.** | *Љубовта води кон послушност* |
| *14. Четврток* | **Јован 14,30.** | *Сочувствителен христијанин* |
| *15. Петок* | **Матеј 25,21.** | *Чекор по чекор* |
| *16. Сабота* | **Галатјаните 2,20.** | *Безрезервно предавање* |

### ПОСЛУШНОСТА Е ПОСВЕТУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **Еремија 31,33.** | *Светоста на срцето* |
| *18. Понеделник* | **1. Коринќаните 12, 25–27.** | *Предани на Татковото семејство* |
| *19. Вторник* | **Ефешаните 5,2.** | *Послушноста е посветување* |
| *20. Среда* | **Јован 12,9.** | *Најголемото Христово чудо* |
| *21. Четврток* | **2. Тимотеј 2,19–21.** | *Едно со Христа* |
| *22. Петок* | **Евреите 2,18.** | *Процесот на прочистување* |
| *23. Сабота* | **Јуда 1,7.** | *Обезбедување на нашето наследство* |

### РАДУВАЈТЕ СЕ ВО ГОСПОДА

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **5. Мојсеева 31,8.** | *Жар Ревност за вистината* |
| *25. Понеделник* | **Ефешаните 4,11.12.** | *Одмор во Неговата ладовина* |
| *26. Вторник* | **Матеј 7,13.14.** | *Барање привилегии* |
| *27. Среда* | **2. Коринќаните 5,7.** | *Радувајте се во Господа* |
| *28. Четврток* | **1. Јованово 2,9.10.** | *Христос во нас* |
| *29. Петок* | **1. Тимотеј 3,9.** | *Да го почитуваме примерот* |
| *30. Сабота* | **Ефешаните 5,25–27.** | *Без мана* |

### НАШИТЕ АНГЕЛИ ЧУВАРИ

| | | |
|---|---|---|
| *31. Недела* | **Псалм 91,9–11.** | *Нашите ангели чувари* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈУНИ

# ИСТРАЈНА МОЛИТВА

## ЛИЧНА ПОДГОТОВКА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **Лука 16,10.** | *Вистински христијанин* |
| *2. Вторник* | **Матеј 6,24.** | *Нашиот великодушен Господ* |
| *3. Среда* | **Мудри изреки 2,6.** | *Вратата е уште отворена* |
| *4. Четврток* | **2. Тимотеј 4,3.4.** | *Никој да не ве измами* |
| *5. Петок* | **Јован 13,34.** | *Лична подготовка* |
| *6. Сабота* | **Евреите 12,5.6.** | *Цената на спасението* |

## ИСТРАЈНА МОЛИТВА

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Филипјаните 2,12.13.** | *Неговата милост е доволна* |
| *8. Понеделник* | **Мудри изреки 9,10.** | *Почнете да работите уште денес* |
| *9. Вторник* | **Јов 23,12.** | *Разубавување на евангелието* |
| *10. Среда* | **Римјаните 13,11.12.** | *Време на жетва* |
| *11. Четврток* | **1. Петрово 5,8.** | *Истрајна молитва* |
| *12. Петок* | **Римјаните 16,17.** | *Бог се грижи за својата црква* |
| *13. Сабота* | **2. Коринќаните 9,8.** | *Духот на поткрепа* |

## ВЕРНОСТ ВО СЛУЖБАТА

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Псалм 126,5.6.** | *Чувајте го секој природ* |
| *15. Понеделник* | **Тит 2,11.12.** | *Наследството на бесмртноста* |
| *16. Вторник* | **1. Петрово 1,18.19.** | *Чудото на крстот* |
| *17. Среда* | **2. Коринќаните 12,9.** | *Да се држиме цврсто* |
| *18. Четврток* | **1. Петрово 2.23.** | *Верност во службата* |
| *19. Петок* | **Исаија 49,6.** | *Секој член е мисионер* |
| *20. Сабота* | **Псалм 150,1–6.** | *Славно наследство* |

## РАБОТАТА НА СВЕТИОТ ДУХ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Лука 10,2.** | *Повик упатен до сите* |
| *22. Понеделник* | **1. Петрово 1,3.4.** | *Да сакаме значи да служиме* |
| *23. Вторник* | **Јаков 2,5.** | *Божјето постапување со луѓето* |
| *24. Среда* | **Исаија 30, 21.** | *Водство во неволја* |
| *25. Четврток* | **1. Коринќаните 6,19.20.** | *Здрав живот* |
| *26. Петок* | **Лука 17,20.21.** | *Работата на Духот* |
| *27. Сабота* | **2. Петрово 3,9.** | *Моќта на молитвата* |

## КАЈ КОГО ДА ОДИМЕ?

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **Псалм 119,130–133.** | *Светлина на вашата патека* |
| *29. Понеделник* | **Дела 4,11.12.** | *Кај кого да одиме?* |
| *30. Вторник* | **1. Јованово 2,14.15.** | *Христијански став и амбиции* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| 2. | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| **4.** | 13-16 |
| 5. | 17-19 |
| 6. | 20-22 |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| **11.** | 13-16 |
| 12. | 17-19 |
| 13. | 20-22 |
| 14. | 23-25 |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| **18.** | 10-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| **25.** | 4-7 |
| 26. | 8-10 |
| 27. | 11-13 |
| 28. | 14-16 |
| 29. | 17-19 |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| **2.** | 26-30 |
| 3. | 31-33 |
| 4. | 34-36 |
| 5. | Ездра 1-3 |
| 6. | 4-6 |
| 7. | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| **9.** | 4-7 |
| 10. | 8-11 |
| 11. | 12-13 |
| 12. | Естира 1-3 |
| 13. | 4-6 |
| 14. | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| **16.** | 4-8 |
| 17. | 9-11 |
| 18. | 12-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| **23.** | 27-30 |
| 24. | 31-33 |
| 25. | 34-36 |
| 26. | 37-39 |
| 27. | 40-42 |
| 28. | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| **30.** | 7-11 |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 15-17 |
| 2. | 18-20 |
| 3. | 21-23 |
| 4. | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| **6.** | 30-34 |
| 7. | 35-37 |
| 8. | 38-40 |
| 9. | 41-43 |
| 10. | 44-46 |
| 11. | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| **13.** | 53-57 |
| 14. | 58-60 |
| 15. | 61-63 |
| 16. | 64-66 |
| 17. | 67-69 |
| 18. | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| **20.** | 76-80 |
| 21. | 81-83 |
| 22. | 84-86 |
| 23. | 87-89 |
| 24. | 90-92 |
| 25. | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| **27.** | 99-103 |
| 28. | 104-106 |
| 29. | 107-109 |
| 30. | 110-114 |

## Април

1. Псалм 78,43-56
2. Псалм 78,57-72
3. Псалм 79
**4.** Псалм 80
5. Псалм 81
6. Псалм 82
7. Псалм 83
8. Псалм 84
9. Псалм 85
10. Псалм 86
**11.** Псалм 87
12. Псалм 88
13. Псалм 89,1-13
14. Псалм 89,14-26
15. Псалм 89,27-39
16. Псалм 89,40-52
17. Псалм 90
**18.** Псалм 91
19. Псалм 92
20. Псалм 93.
21. Псалм 94
22. Псалм 95
23. Псалм 96
24. Псалм 97
**25.** Псалм 98
26. Псалм 99
27. Псалм 100
28. Псалм 101
29. Псалм 102,1-14
30. Псалм 102,15-28

## Мај

1. Псалм 103
**2.** Псалм 104,1-18
3. Псалм 104,19-35
4. Псалм 105,1-15
5. Псалм 105,16-31
6. Псалм 105,32-45
7. Псалм 106,1-16
8. Псалм 106,17-32
**9.** Псалм 106,33-48
10. Псалм 107,1-21
11. Псалм 107,22-43
12. Псалм 108
13. Псалм 109,1-16
14. Псалм 109,17-31
15. Псалм 110
**16.** Псалм 111
17. Псалм 112
18. Псалм 113
19. Псалм 114
20. Псалм 115
21. Псалм 116
22. Псалм 117
**23.** Псалм 118,1-14
24. Псалм 118,15-29
25. Псалм 119,1-34
26. Псалм 119,35-63
27. Псалм 119,64-90
28. Псалм 119,91-117
29. Псалм 119,118-143
**30.** Псалм 119,144-176
31. Псалм 120

## Јуни

1. Псалм 121
2. Псалм 122
3. Псалм 123
4. Псалм 124.
5. Псалм 125
**6.** Псалм 126
7. Псалм 127
8. Псалм 128
9. Псалм 129
10. Псалм 130
11. Псалм 131
12. Псалм 132
**13.** Псалм 133
14. Псалм 134
15. Псалм 135
16. Псалм 136,1-14
17. Псалм 136,15-26
18. Псалм 137
19. Псалм 138
**20.** Псалм 139
21. Псалм 140
22. Псалм 141
23. Псалм 142
24. Псалм 143
25. Псалм 144
26. Псалм 145
**27.** Псалм 146
28. Псалм 147
29. Псалм 148
30. Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. |
| Виница | 18:57 | 19:05 | 19:13 | 19:13 |
| Колешино | 18:56 | 19:03 | 19:11 | 19:11 |
| Стар Дојран | 18:56 | 19:03 | 19:11 | 19:11 |
| Куманово | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:16 |
| Неготино | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:14 |
| Струмица | 18:56 | 19:04 | 19:12 | 19:12 |
| Кочани | 18:58 | 19:05 | 19:13 | 19:13 |
| Велес | 19:00 | 19:08 | 19:15 | 19:15 |
| Кавадарци | 18:59 | 19:07 | 19:14 | 19:14 |
| Дебар | 19:05 | 19:13 | 19:20 | 19:20 |
| Скопје | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:17 |
| Битола | 19:01 | 19:09 | 19:16 | 19:16 |
| Кичево | 19:03 | 19:11 | 19:18 | 19:18 |
| Лаки | 18:57 | 19:04 | 19:12 | 19:12 |
| Чифлик | 18:58 | 19:06 | 19:13 | 19:13 |
| Штип | 18:58 | 19:06 | 19:14 | 19:14 |
| Тетово | 19:04 | 19:11 | 19:19 | 19:19 |
| Јегуновце | 19:03 | 19:11 | 19:19 | 19:19 |
| Росоман | 18:59 | 19:07 | 19:14 | 19:14 |
| Гевгелија | 18:57 | 19:04 | 19:12 | 19:12 |
| Свети Николе | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:15 |
| Делчево | 18:56 | 19:04 | 19:12 | 19:12 |
| Валандово | 18:57 | 19:04 | 19:12 | 19:12 |
| Охрид | 19:04 | 19:11 | 19:18 | 19:18 |
| Радовиш | 18:57 | 19:05 | 19:13 | 19:13 |
| Прилеп | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:16 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАЈ 2020 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 19:28 | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |
| Колешино | 19:26 | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:53 |
| Стар Дојран | 19:26 | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:53 |
| Куманово | 19:32 | 19:39 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Неготино | 19:29 | 19:36 | 19:44 | 19:50 | 19:56 |
| Струмица | 19:27 | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Кочани | 19:29 | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |
| Велес | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Кавадарци | 19:29 | 19:37 | 19:44 | 19:50 | 19:57 |
| Дебар | 19:35 | 19:43 | 19:50 | 19:57 | 20:03 |
| Скопје | 19:33 | 19:40 | 19:48 | 19:54 | 20:01 |
| Битола | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Кичево | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:55 | 20:01 |
| Лаки | 19:27 | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Чифлик | 19:28 | 19:36 | 19:43 | 19:49 | 19:56 |
| Штип | 19:29 | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Тетово | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:56 | 20:02 |
| Јегуновце | 19:34 | 19:42 | 19:49 | 19:56 | 20:02 |
| Росоман | 19:30 | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Гевгелија | 19:27 | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Свети Николе | 19:30 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Делчево | 19:27 | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Валандово | 19:27 | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Охрид | 19:33 | 19:41 | 19:48 | 19:54 | 20:00 |
| Радовиш | 19:28 | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Прилеп | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***5.*** | ***12.*** | ***19.*** | ***26.*** |
| **Виница** | **20:01** | **20:05** | **20:08** | **20:09** |
| **Колешино** | **19:58** | **20:02** | **20:05** | **20:06** |
| **Стар Дојран** | **19:58** | **20:02** | **20:05** | **20:06** |
| **Куманово** | **20:05** | **20:09** | **20:12** | **20:13** |
| **Неготино** | **20:01** | **20:05** | **20:08** | **20:09** |
| **Струмица** | **19:59** | **20:03** | **20:06** | **20:07** |
| **Кочани** | **20:02** | **20:06** | **20:08** | **20:09** |
| **Велес** | **20:04** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Кавадарци** | **20:02** | **20:06** | **20:08** | **20:09** |
| **Дебар** | **20:08** | **20:12** | **20:14** | **20:16** |
| **Скопје** | **20:06** | **20:10** | **20:13** | **20:14** |
| **Битола** | **20:03** | **20:07** | **20:10** | **20:11** |
| **Кичево** | **20:06** | **20:10** | **20:13** | **20:14** |
| **Лаки** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:08** |
| **Чифлик** | **20:01** | **20:05** | **20:07** | **20:08** |
| **Штип** | **20:02** | **20:06** | **20:09** | **20:10** |
| **Тетово** | **20:08** | **20:12** | **20:14** | **20:15** |
| **Јегуновце** | **20:07** | **20:11** | **20:14** | **20:15** |
| **Росоман** | **20:02** | **20:06** | **20:09** | **20:10** |
| **Гевгелија** | **19:59** | **20:03** | **20:05** | **20:06** |
| **Свети Николе** | **20:03** | **20:07** | **20:10** | **20:11** |
| **Делчево** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:08** |
| **Валандово** | **19:59** | **20:03** | **20:06** | **20:07** |
| **Охрид** | **20:05** | **20:09** | **20:12** | **20:13** |
| **Радовиш** | **20:01** | **20:05** | **20:07** | **20:08** |
| **Прилеп** | **20:03** | **20:07** | **20:10** | **20:11** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*




НОВО! НОВО! НОВО! НОВО!

# *Адвентистички* ПОГЛЕД

АДВЕНТИСТИЧКИ ПОГЛЕД е списание на Адвентистичката црква, а негова главна мисија е да го издигне Исуса Христа и библиските вистини преку најразлични теми, раскази, состави и други интересни рубрики за квалитетен духовен живот. На неговите страници ќе најдете духовни пораки, потоа споделувања на прекрасни сведоштва и искуства на нашите браќа и сестри, статии за прокламирање на здравствената реформа, историја, библиска археологија, детско катче, секогаш актуелни размислувања за духовните вредности итн. Освен тоа, тука се и вестите од нашите цркви кои сведочат за активностите на Црква во ширењето на радосната вест и исполнувањето на мисијата да бидеме Христови сведоци на овој свет.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат иво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**
**www.sdakavadarci.com**

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).